# ДОГОВОРНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ЗА

Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце

CIPS
Chartered Institute of Procurement & Supply

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 08-328/7
03-02-2023 20__ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Градежен институт
МАКЕДОНИЈА АД
Бр. 1202-236/1
06.02.2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

Овој Договор е склучен помеѓу:

**Договорен орган:** **Јавно претпријатие за државни патишта,** со седиште на адреса: Даме Груев 14, 1000 Скопје, застапувано од Директорот Ejup Rustemi, (во понатамошниот текст „Договорен орган") од една страна и

**Економски оператор:** **Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД-Скопје,** со седиште на Ул. Дрезденска бр.52, 1000 Скопје, застапувано од Директорот Влатко Иванов, (во понатамошниот текст „Носител на набавка") од друга страна

Договорниот орган е согласен, Економскиот оператор да ги изврши Услугите на:

**Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

со оглед дека ја има прифатено Понудата од Економскиот оператор за извршување на тие Услуги.

**Овој Договор** го потврдува следното:

1. Во овој Договор, зборовите и изразите ќе го имаат истото значење кое што им е соодветно дадено во Договорната документација.

2. Временски период кој го опфаќа овој Договор е **36 (триесет и шест)** календарски месеци во кои се содржани: Фаза на Изградба и Докомплетирање: **12 месеци** и Фаза по Изградба и Докомплетирање: **1** месец (во текот на гарантниот период од 24 месеци) вклучувајќи и можни скратувања или продолжувања, согласно Посебните и Општите услови на Договорот.

3. Вкупната договорна цена изнесува: 11.915.000,00 денари без ДДВ, со која се опфатени целокупните услуги.

   Вредноста на ДДВ изнесува: 2.144.700,00 денари.

**Вкупната договорна цена изнесува: 14.059.700,00 денари со вклучен ДДВ, со која се опфатени целокупните услуги.**

4. Сите детали за извршување на Услугите се пропишани во Договорната документација, која е прилог на овој Договор,

5. Ќе се смета дека следните документи се составен дел на Договорната документација:

   (а) Овој Договор,
   (б) Писмо за прифаќање,
   (ц) Понудата,
   (д) Посебни услови на Договорот,
   (е) Општи услови на Договорот,
   (ф) Проектна Програма,
   (г) други документи и прилози.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
|---|---|
| ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА Скопје | Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје |
| Директор | Директор |
| Ejup Rustemi | Влатко Иванов |

Изработил:
Марјан Витанов
Контролирале:
Игор Митренцев
м-р Жаклина С. Богдановска
Согласен:
Татјана Миновска
Одобрил:
Arsim Qoku

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 08 – 328/6

Скопје/Shkup 03 -02- 2023 година/viti

До
**Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД-Скопје,**
**Ул. Дрезденска бр.52,**
**1000 Скопје**

**ПИСМО ЗА ПРИФАЌАЊЕ**

**Со ова Ве известуваме дека Вашата Понуда пратена по електронски пат преку ЕСЈН на 20.12.2022 година за:**

**Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

е прифатена од наша страна.

Со ова, од Вас се бара следното:

(а) да доставите Банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот во износ од 15% од вкупната цена на Договорот со вклучено ДДВ од 18 %, во рок од 7 дена од приемот на Писмото за прифаќање.
(б) да го потпишете Договорот и да го вратите во рок од 7 дена, согласно Тендерската документација.
(в) да започнете со извршување на наведениот Договор во согласност со Договорната Документација.

ПРИЛОГ: - Договор во 6 (шест) примероци;
- Образец на Банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот;

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Марјан Витанов
Контролирале: Игор Митренцев
м-р Жаклина С. Богдановска
Согласен/Одобрил: Arsim Qoku

**Архивски број на понуда: 1201-1556/1**
**Датум на понуда: 19.12.2022**

**Прилог – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број **19726/2022,** објавен од страна на Јавното Претпријатие за државни патишта, за доделување на договор за јавна набавка на:

**Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

со спроведување на отворена постапка бр. 86/2022 (интерен број) со објавување на оглас преку Електронскиот систем за јавни набавки и на тендерската документација ја поднесуваме следнава:

## ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: **Градежен институт Македонија АД Скопје**
I.2. Контакт информации
- Адреса: ул. Дрезденска бр.52, 1000 Скопје
- Телефон: 02/3091-994
- Факс: 02/3066-828
- Е-пошта: priprema@gim.mk
- Лице за контакт: Марија Митева, Ана Дацева

I.3. Одговорно лице: ( Директор, Управител ) Влатко Иванов, генерален директор
I.4. Даночен број: 4030975274722
I.5. Матичен број: 4067533
I.6. Жиро сметка: 380176956108188 депонент на ПроКредит банка.

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:
**Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

**Дел III – Финансиска понуда**

**ПОЕДИНЕЧНИТЕ ЦЕНИ ДА СЕ ПОПОЛНАТ ВО ОБРАЗЕЦОТ НА ФИНАНСИСКА ПОНУДА ЗАВЕДЕНА ПОД БР. 08-11586/3 ОД 17.11.2022 ГОДИНА И ИСТИОТ ПРЕТСТАВУВА СОСТАВЕН ДЕЛ НА ОВАА ПОНУДА.**

**III.1.** Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:
11.915.000,00 *[со бројки]* ( единаесет милиони деветстотини и петнаесет илјади денари ) *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 2.144.700,00 денари

**Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, со ДДВ, изнесува**:
14.059.700,00 *[со бројки]*
( четиринаесет милиони педесет и девет илјади и седумстотини ) *[со букви]* денари

**III.2.** Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

**III.3.** Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и приложениот модел – договор.

Vlatko Ivanov

Digitally signed by Vlatko Ivanov
DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija, [illegible] sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov
Date: 2022.12.19 16:04:47 +01'00'

Овластено лице / Одговорно лице

Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.

**НАПОМЕНА: Бројот на Огласот е број кој се доделува при објава на огласот преку ЕСЈН од Бирото за јавни набавки.**
**Број на постапката е бројот на постапката кој е определен од страна на Договорниот орган.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 05-11536/3
17-11-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ФИНАНСИСКА ПОНУДА

**Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с.Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с.Блаце**

Vlatko Ivanov

Digitally signed by Vlatko Ivanov
DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija:4030975274722, sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov
Date: 2022.12.19 16:05:29 +01'00'

| | |
|---|---|
| | Диме Стојаноски |
| Подготвиле: | Бошко Петровски |
| | Јоже Јованоски |
| Контролирал: | Игор Митренцев |
| Одобрил: | Arsim Qoku |

Републиканска Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup

## НАПОМЕНИ

Правното лице за вршење надзор, на свој трошок и одговорност ќе го регулира својот правен и легален статус за изведување на Услугите по овој Договор, согласно Законите на Република Македонија и ќе ги превземе сите обврски и одговорност кои преизлегуваат од тие Закони.

Се смета дека при изготвување на Финансиската понуда, Понудувачот детално ја проучил Законската регулатива во Република Македонија, Проектната Програма (ПП) и останата Понудбена и Договорна документација и ги вклучил во понудените цени сите трошоци за целосно исполнување на пропишаните обврски

Понудените цени на Правното лице за вршење надзор ги вклучуваат и сите такси, даноци, давачки и други трошоци со кои, во и надвор од Република Македонија, ги оптоваруваат сите обврски кои произлегуваат од овој Договор и законите на Република Македонија.

Исплатите од Инвеститорот на Изведувачот ќе се вршат во валути во кои е платива Договорната цена, преку банкарски сметки согласно Законите на Република Македонија.

Подготвиле: Диме Стојаноски
Бошко Петровски
Јоже Јованоски

Контролирал: Игор Митренцев

Одобрил: Arsim Qoku

# РЕКАПИТУЛАЦИЈА

| р.бр | Опис | Вкупно (мкд) |
|---|---|---|
| A | КЛУЧЕН ЕКСПЕРТСКИ ПЕРСОНАЛ | 8.220.000,00 |
| B | ПОМОШЕН ТЕХНИЧКИ И ДРУГ ПЕРСОНАЛ | 2.400,000,00 |
| C | КАПАЦИТЕТИ КОИ ГИ ОБЕЗБЕДУВА НАДЗОРНИОТ ОРГАН | 1.295.000,00 |
| D | D=A+B+C (ПОНУДЕНА ЦЕНА без ДДВ) | 11.915.000,00 |
| E | E=Dx018% (ДДВ 18%) | 2.144.700,00 |
| F | F=D+E (ПОНУДЕНА ЦЕНА со ДДВ) | 14.059.700,00 |

## ПЕРСОНАЛ

Понудени цени во МКД (без ДДВ)

| р.б | Опис | Врска со ПП | Единечна мерка | Количина (месец) | Единечна месечна цена (мкд/мес) | Вкупна цена (мкд) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 = 5 x 6 |
| A | КЛУЧЕН ЕКСПЕРТСКИ ПЕРСОНАЛ | | | | | |
| A1 | Главен надзорен инженер (1) | 9 | месец | 13 | 180.000,00 | 2.340.000,00 |
| A2 | Надзорен инженер за геодетски работи (1) | 9 | месец | 12 | 150.000,00 | 1.800.000,00 |
| A3 | Надзорен инженер за геотехника и материјали (1) | 9 | месец | 12 | 150.000,00 | 1.800.000,00 |
| A4 | Надзорен инженер за конструкции и објекти (1) | 9 | месец | 6 | 100.000,00 | 600.000,00 |
| A5 | Надзорен инженер за асфалтерски работи (1) | 9 | месец | 5 | 100.000,00 | 500.000,00 |
| A6 | Надзорен инженер за заштита на животна средина (1) | 9 | месец | 4 | 100.000,00 | 400.000,00 |
| A7 | Надзорен инженер за електрични инсталации и постројки (1) | 9 | месец | 4 | 120.000,00 | 480.000,00 |
| A8 | Надзорен инженер за сообраќајно инженерство (1) | 9 | месец | 3 | 100.000,00 | 300.000,00 |
| | | | | | Вкупно А (А1-А8): | 8.220.000,00 |
| B | ПОМОШЕН ТЕХНИЧКИ И ДРУГ ПЕРСОНАЛ | | | | | |
| B1 | Геометар (за експропријација + траса) со потребна геодетска опрема (1) | 9 | месец | 12 | 80.000,00 | 960.000,00 |
| B2 | Технички лица за лабараториски и теренски испитувања (2) | 9 | месец | 24 | 60.000,00 | 1.440.000,00 |
| | | | | | Вкупно В (В1-В2): | 2.400.000,00 |
| C | КАПАЦИТЕТИ КОИ ГИ ОБЕЗБЕДУВА НАДЗОРНИОТ ОРГАН | | | | | |
| C1 | Автомобили и погонско гориво (3) | 8 | месец | 37 | 35.000,00 | 1.295.000,00 |
| | | | | | Вкупно С: | 1.295.000,00 |

## II.1.1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЕКОНОМСКИОТ ОПЕРАТОР

Од сите индивидуални фирми и сите фирми - партнери во здружувањето за заедничко настапување се бара да ги пополнат информациите во овој формулар. Треба да бидат обезбедени информации за сите сопственици или подносители кои се партнерски фирми или фирми во индивидуална сопственост.

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Назив на фирмата | Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје |
| 2 | Сопственички статус[1] на фирмата | Вид на сопственост: Приватна<br>Организационен облик: 05.5 – Акционерско друштво |
| 3 | Адреса на дирекцијата | Дрезденска бр. 52, 1000 Скопје |
| 4 | Телефон | 02/3091-994 |
| 5 | Телефакс | 02/3066-828 |
| 6 | e-mail | priprema@gim.mk |
| 7 | Лице за контакт | Марија Митева, Ана Дацева |
| 8 | Место на основање | Скопје |
| 9 | Година на основање | 1975 |
| 10 | Основна активност | 71.12. Инженерство и со него поврзано техничко советување |
| 11 | Број на перманетно вработени | 311 |
| 12 | Број на перманентно вработени инжeнери | 150 |

Vlatko Ivanov

Digitally signed by Vlatko Ivanov
DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija:4030975274722, sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov
Date: 2022.12.18 11:24:35 +01'00'

[1] Наведете го сопственичкиот статус на фирмата:

**Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ НА ДОГОВОРОТ (ПУД)

Посебните услови (ПУД) на Договорот претставуваат дополнување и комплетирање на Општите услови (ОУД) на Договорот. Со нив се додаваат потребните информации и се менуваат или дополнуваат одредбите на ОУД. Во Договорната документација, одредбите на ПУД - Посебни услови на Договорот **имаат приоритет** пред одредбите на ОУД - Општи Услови на Договорот.

***ОПШТИ ОДРЕДБИ***

---

**Дефиниции** **1.**

(a) "**Договорен орган**" е Јавно Претпријатие за државни патишта, ул. Даме Груев бр.14, Скопје

(b) "**Правно лице за вршење надзор – Носител на набавка**" или "**Надзорен Орган**" е

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје

адреса

ул. Дрезденска бр.52, 1000 Скопје

Vlatko Ivanov

Digitally signed by Vlatko Ivanov
DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija:4030975274722, sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov
Date: 2022.12.18 11:41:02 +01'00'

**А: Клучен експертски персонал**

**А1 – Главен Надзорен инженер** (1):

Борче Алексовски

**А2 – Надзорен инженер за геодетски работи** (1):

Драган Петрески

**А3 - Надзорен инженер за геотехника и материјали** (1):

М-р Зоран Ѓорѓиевски

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

CIPS
Chartered Institute of Procurement & Supply

**А4 - Надзорен инженер за конструкции и објекти** (1):

М-р Драган Стамев

**А5 - Надзорен инженер за асфалтерски работи** (1):

Ќазим Адровиќ

**А6 - Надзорен инженер за заштита на животна средина** (1):

М-р Габриела Дуданова Лазаревска

**А7 - Надзорен инженер за електрични инсталации и постројки** (1):

М-р Дарко Трајаноски

**А8 - Надзорен инженер за сообраќајно инженерство** (1):

Андон Петровски

**<u>В: Помошен технички персонал</u>**

**В1 – Геометар (за експропријација + траса) со потребна геодетска опрема (1):**

М-р Дејан Марковски

**В2 – Технички лица за лабараториски и теренски испитувања (1):**

1. ГоранТрајковски
2. Александар Арсовски

## *Договор, Договорни услови, важност*

| | | |
|---|---|---|
| **Ефективност на Договорот и почеток на Надзорот** | 3. | Ефективноста и реализацијата на овој Договор е условена од Договорот за градежни работи.<br><br>Овој Договор може да биде раскинат на барање на било која страна ако истиот не стане ефективен во рок од **12** |

**месеци** од датумот на неговото потпишување до доставување на писменото известување за "Датум на ефективност".

Овој рок, со писмена согласност од двете договорни страни може да биде продолжен за дополнителен временски период.

За периодите на неефикасност на овој Договор ниту една од договорните страни нема да бара надомест на било какви претрпени штети, без разлика на оправданоста на таквото побарување, ниту пак може да бара или условува измена на Договорот и договорните услови.

Основни услови за ефективност:

- потпишан договор за изведување на градежните работи.

**Истекување на Договорот**

4. Временскиот период за кој Надзорниот орган е ефективно ангажиран, сметајќи од "Датумот на ефективност" е:

Договорниот период за надзор се проценува да биде **12+24=36** календарски месеци и тоа:

Фаза на Изградба и Докомплетирање: **12** месеци
Фаза по Изградба и Докомплетирање: **24** месеци

<u>Временски период на ангажирање на надзорот е:</u>

**Временски период на ангажирање на надзорот е 12 + 1 = 13 календарски месеци**, односно:

Фаза на Изградба и Докомплетирање: **12** месеци
Фаза по Изградба и Докомплетирање: **1** месец (во текот на гарантниот период од **24 месеци**).

сметајќи од "Датумот на ефективност"

**Продолжување на Договорот**

6. Овој Договор, може да биде продолжен, на предлог на било која договорна страна, ако:

- се појавиле значителни измени или отстапувања од планот за извршување на договорените услуги,
- се појавиле објективни влијанија и услови кои не биле познати во периодот на Тендерирање и доделување на Договорот,
- Виша сила,
- други непредвидени околности,

На барање на Договорниот орган, Понудувачот ќе прифати продолжување на Договорот, вклучувајќи продолжување на времетраењето на ангажирање на целиот тим, дел од тимот или поедини експерти, во зависнот од потребите на

Проектот.

Ваквото продолжување ќе биде регулирано со **Измена на** Основниот Договор, при што Понудувачот нема да бара измена на останатите договорни услови.

**Јазик на Договорот**

8. За локални и странски **Правни лица за вршење надзор** или локални и странски здружувања јазикот на договорот и целокупната коресподенција е Македонски јазик **со превод на Англиски јазик.** За можни потреби од толкувања или неусогласености меродавен ќе биде Македонскиот јазик.

**Здружување за заеднички настап и овластување**

9.1 Овластен Партнер е:

________________________________________

адреса____________________________________

________________________

тел______________, факс______________

**Подизведувач/и**

9.2 **Подизведувач/и:**

_________________________________

Адреса: _________________________________

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

## *Обем на работите, Локација, Закон*

**Обем и вид на работите**

11. **Правното лице за вршење надзор** активно ќе учествува во процесот на експропријација на земјиштето вклучувајќи:

- активно учество во процесот на експропријација на преостанатото земјиштето на локацијата,
- перманентно ажурирање на документацијата за експроприраното земјиште,
- давање предлози за потребата од дополнителна експропријација на земјиште за потребите на проектот,
- одредување приоритети за експропријација и др.

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE 1 Скопје - Shkup

## *Виша сила*

**Виша сила**

14. Максимално продолжување на Договорниот период пора-

ди Виша сила е 6 месеци.

## *Гаранција за навремено и квалитетно извршување на работите*

**Гаранција за навремено и квалитетно извршување на Договорот**

**16.** Вредноста на Банкарската гаранција за **навремено и** квалитетно извршување на договорот е на вредност еднаква на **15%** од Вкупната вредност на овој Договор **со ДДВ**.

Оваа Гаранција останува валидана 28 дена по истекот на договорниот период **од 36 месеци.**

Банката која ја издала гаранцијата не може да биде Понудувач, партнер во здружување за заеднички настап, или подизведувач кој е ангажиран согласно овој Договор.

Гаранцијата за **навремено и** квалитетно извршување на договорот ќе биде делумно или целосно наплатена:

- Ако Понудувачот или неговиот персонал е учесник во Забранети Активности или други незаконски дејствија поврзани со овој Договор,
- за **надомест** на материјална штета, која ја претрпел Договорниот орган, предизвикана од дејствија и активности на Понудувачот или неговиот персонал.
- за други материјални побарувања на Договорниот орган,
- ако Понудувачот ги извршува своите обврски несовесно, немарно, нестручно, ненавремено и др.
- ако Понудувачот, без прифатливо образложение, престане да ги извршува делумно или целосно своите обврски по овој Договор, или дадени повеќе од периодот наведен во 22.е
- ако го раскине Договорот од причини кои не се наведени во овој Договор и кои се неприфатливи за Договорниот орган,

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

## *Судир на интереси*

**Судир на интереси**

**17.** Ќе се смета дека постои судир на интереси во следните случаи:

(i) Ако **Правното лице за вршење надзор** стане составен дел на друга фирма или е делумно или целосно зависен од таа фирма, ако фирмата од која е зависен, или е нејзин дел, конкурира, изведува или е ангажирана од Договорниот орган за други работи кои се неспоиви со работите кои се предмет на овој Договор.

(ii) Доколку се јави целосен или делумен судир на инте-

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА NDERMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE 1 Скопје - Shkup

реси на релација Изведувач (подизведувач) - Надзор на работи кои се предмет на овој Договор,

(iii) Доколку **Правното лице за вршење надзор**, без претходна согласност на Договорен органот:
- (a) извршува други работи или услуги кои се во судир со примарната задача на овој Договор,
- (b) Ако било кој експерт од тимот:
  - е ангажиран на работите на реализација на овој проект, а не се работи на Надзор,
  - има било какви материјални интереси со Изведувачот, или подизведувачите на работите на овој Проект,
  - други работи кои по својата природа се неспоиви и во судир со работите на **Правното лице за вршење надзор** од овој Договор.
  - **Го ангажира персоналот кој е прифатен со овој договор и на работи и проекти кои не се составен дел на овој Договор.**

## *Прекин на Договорот*

**Прекин од страна на Договорниот орган**

**22.** Како намерна грешка или пропуст од ставот (h) на оваа Одредбата од ОУД ќе се смета:

(i) потпишани, а неизвршени работи и количини во Градежната книга или Ситуацијата за наплата на извршени работи,

(ii) лажно претставување на податоци на кои се базираат плаќањата,

(iii) фалсификување на документи,

(iv) стекнување на противправна материјална корист, со злоупотреба на својата службена должност,

(v) друго

**Неподобност за идни Договори**

**27.** Договорниот орган, ќе го прогласи Понудувачот неподобен за Понудување и доделување на Договори кој ги финансира Договорниот орган а било кој експерт од тимот трајно неподобен доколку Понудувачот или негови експерти:

(a) ако во било кое време на договорните обврски бил инволвиран во Недозволени Активности,

(b) ако е инволвиран во други противзаконски активности за услугите од овој Договор,

(c) ако Договорниот орган претрпел значителни материјални штети од разни причини за кои е одговорен Понудувачот или неговите експерти,

(d) ако го злоупотребил, на било кој начин, овој Договор за стекнување на противправна материјална корист

или други бенефиции, во своја или во корист на други правни или физички лица,

(е) ако направил намерни грешки, согласно Одредбата 22,

(f) ако ја користел или злоупотребил, било кога, неовластено документацијата која е сопственост на Договорниот орган без негово претходно одобрение, за свои потреби или потреби на трети лица,

други посериозни отстапувања,

## *Правно лице за вршење надзор, Главен надзор и Надзорен тим*

**Дополнителна документација**

**31.** Договорниот орган ќе му ја отстапи следната документација и материјали:

(i) Закон за Јавни патишта,

(ii) Закон за Јавни набавки,

(iii) Една копија од Договорот и целокупната Договорна Документација со Изведувачот на работите на Проектот,

(iv) Една комплетна копија од Проектната документација за изведување на Работите,

(v) друго.

**Отстранување /суспендирање на експерти од тимот на Правното лице за вршење надзор**

**34.** Било кој експерт од тимот на Правното лице за вршење надзор ќе биде отстранет/суспендиран од извршување на задачата по овој Договор и ќе биде прогласен времено или трајно неподобен:

(i) согласно Одредбата 27 од овие ПУД и Проектната Програма,

(ii) ако направи грешки кои се базираат на нестручност, несовесност или немарност, со што е предизвикана материјална штета, или нарушена стабилноста и безбедноста на патот или објектите,

(iii) ако потпишува ситуации за исплата за кои нема уредно водени и потпишани градежни книги,

(iv) ако врши надзор на работи каде постои судир на интереси, а за тоа не добил согласност од Договорниот орган,

(v) ако на друг начин ја злоупотреби својата службена положба и овластувања.

(vi) други посериозни пропусти

Било кој експерт од тимот на Правното лице за вршење надзор ќе биде времено или трајно отстранет од извршување на задачата по овој Договор и во случаи:

(i) ако не ја познава Договорната или техничка документација,

(ii) ако потпише количини за извршени работи кои треба да се базираат на мерења, а не се измерени,

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА NDERMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE 1 Скопје - Shkup

(iii) ако потпише, или даде налог за извршување на работи за кои претходно требало да добие согласност од Договорниот орган или кои претходни не се договорени со Договорниот орган,

(iv) ако од било кои, лични или службени, причини не е во можност одреден временски период да ги извршува работите на Надзор,

(v) ако не ги извршува редовно своите службени обврски пропишани со овој Договор,

(vi) ако на било кој начин условува, изнудува, или врши притисок врз Изведувач на изградба, да ангажира фирма за подизведување на дел од работите или поедини позиции за кои тој директно или индиректно го извршува Надзорот,

(vii) друго

**Бонуси и пенали за тимот на Правното лице за вршење надзор**

**36.** Договорниот органот, во било која Ситуација, ќе го намали договорениот месечен надомест ако не е задоволен од работа по овој Договор. За секое такво намалување Договорниот орган ќе достави образложение до **Правното лице за вршење надзор**. Максималната вредност на намалувањето во текот на еден месец, може да биде до 10% од месечната договорена вредност.

**Одбитоци и намалувања ќе се применуваат и согласно одредбите предвидени во Проектната Програма.**

Граѓежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

**Документите изработени од страна на Правното лице за вршење надзор се сопственост на Договорниот орган**

**38.** **Правното лице за вршење надзор** нема право да ја користи во профитни цели, документацијата која е сопственост на Договорниот органот, без негово претходно писмено овластување.

**Правното лице за вршење надзор** нема право да задржи оригинали од документите, кои се сопственост на Договорниот орган.

## *Осигурување, Опрема и Материјали*

**Осигурувања кои треба да ги обезбеди Правното лице за вршење надзор**

**42.** **Правното лице за вршење надзор** ќе ги обезбеди и одржува валидни, за целиот Договорен период, следните осигурувања:

(a) Осигурување од повреди, смрт, инвалидитет и др. на вредност од најмалку 2,000,000 денари поединечно за секој член од **тимот на Правното лице за вршење надзор**.

Договорниот органот нема да врши никакви исплати за извршени работи на **Правното лице за вршење надзор** се додека не добие копија од осигурувањето наведено во под-одредбата (а) од оваа Одредба.

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА NDERMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE 1 Скопје - Shkup

| | | |
|---|---|---|
| Опрема и материјали кои треба да ги обезбеди Договорниот органот / Изведувачот | 43. | За реализација на овој Договор, Договорниот орган односно Изведувачот на работите, за потребите на Правното лице за вршење надзор, ќе ја обезбеди опремата и материјалите дефинирано во посебен прилог на Проектната Програма. Правното лице за вршење надзор, односно неговиот надзорен тим ќе располага, ќе ја користи и ќе се грижи за опремата и материјалите како добар домаќин. |

## *Согласности, известувања, налози, контрола др*

| | | |
|---|---|---|
| Известувања, барања, согласности, одобрувања, одлуки | 44. | Адреса на Договорниот орган е:<br>Јавно Претпријатие за државни патишта - Скопје<br>ул. Даме Груев 14, 1000 Скопје<br>тел. 02 3118-044, факс. 02 3220-535<br><br>Адреса на Правното лице за вршење надзор е:<br>ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје<br>ул. Дрезденска бр.52, 1000 Скопје<br>тел. 02/3091-994, факс 02/3066-828<br><br>Во случај ако некоја Договорна страна ја измени својата адреса, таа е должна во рок од 7 дена за тоа да ја извести другата Договорна страна. |

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

## *Плаќање*

| | | |
|---|---|---|
| Валута на плаќање | 48. | Единствена валута за исплати по овој договор е Македонски денар.<br>Ако Правното лице за вршење надзор има потреба од странска валута за обезбедување на било кој дел од работите, истата самостојно ќе ја обезбеди на своја сметка. |
| Начин на фактурирање и плаќање | 49.а. | **Начинот на фактурирање и плаќање е дефиниран во ОУД и Проектната Програма.**<br><br>Месечните времени ситуации треба да ја имаат следната документација во прилог:<br>▪ краток извештај од секој Главен надзор за побитните активности во изминатиот месец со укажување за настанати проблеми, отстапување од договорени динамики, превземени мерки и сл.,<br>▪ пресметани разлики на цени, доколку има,<br>▪ предлози и сугестии до Договорниот органот<br>друго.<br><br>Плаќањето на работите по овој Договор ќе се врши на следната сметка на Правното лице за вршење надзор:<br><br>______________________________<br><br>______________________________ |

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDERMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup

**49.g.** Други услови:

За да се обезбеди непрекинат и континуиран надзор на работите на проектот, работното време на надзорниот тим треба да биде максимално прилагодено према работното време на Изведувачот на работите. **Правното лице за вршење надзор** е запознаен дека во зимските месеци Изведувачот вообичаено работи со скратено работно време, додека во месеците со поволни временски услови работното време варира и може да биде продолжено вклучувајќи и неработни денови **и плаќањето ќе биде согласно Проектната Програма.**

**Авансно плаќање и Начин на враќање на аванс**

**50.** Со овој Договор не се предвидува авансно плаќање.

**Корекција на цени**

**51.** Со овој Договор не се предвидува корекција на цени.

## *Решавање на спорови*

**Спогодбено решавање**

**56.** Комисија за спогодбено разрешување на настанатите спорови:

Договорниот органот ги назначува:

________________________________________ и

________________________________________

**Правното лице за вршење надзор** ги назначува:

________________________________________, и

________________________________________

**Решавање на спорови по судски пат**

**57.** Ако Договорните страни не може спогодбено да го решат спорот, истиот ќе се решава по судски пат кај надлежниот суд во Скопје.

**Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

# ОПШТИ УСЛОВИ НА ДОГОВОРОТ (ОУД)

## *Општи одредби*

**Дефиниции**

Vlatko Ivanov

Digitally signed by Vlatko Ivanov DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija:4030975274722, sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov Date: 2022.12.18 11:37:32 +01'00'

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE 1 Скопје - Shkup

1. Освен во случај кога контекстот не бара поинаку, следните термини, каде и да се употребени во овој Договор, ги имаат следните значења:

(a) "**Договорен орган - Инвеститор**" е институцијата именувана како таква во **ПУД** (посебни услови на договорот).

(b) "**Правно лице за вршење надзор – Носител на набавката** " е стручна фирма, наведена во **ПУД** (или повеќе стручни фирми здружени за заеднички настап) прифатена од Договорниот орган да ги изврши услугите согласно оваа Договорна документација. Кога тоа го бара контекстот "**Носител на набавката** " се однесува и на персоналотот на **Носител на набавката**, на секој партнер во здружување и на секој ангажиран подизведувач.

(c) "Клучен персонал" се стручните лица наведени во **ПУД**, кои согласно Проектната Програма се назначени за извршување на поедини видови услуги,

(d) " **Тимот на носителот на набавката** " се однесува на сите членови и експерти кои непосредно го извршуваат Договорот, вклучувајки го Клучниот персонал и останатиот персонал,

(e) "Услуги" се однесуваат на сите услуги **за надзор** дефинирани со Договорната документација.

(f) "Применлив Закон" ги подразбира законите и сите други инструменти кои имаат сила на закон во Република Македонија, и кои може да бидат донесени и се на сила од време на време,

(g) "Датум на ефективност" го подразбира датумот кога овој Договор стапува на сила и е ефективен,

(h) "Локална валута" подразбира македонски денар (мкд),

(i) "Странска валута" подразбира било која друга валута освен македонски денар (мкд),

(j) "ОУД" ги подразбира овие Општи Услови на Договорот,

(k) "ПУД" ги подразбира Посебните Услови на Договорот со кои ОУД може да бидат изменети или дополнети, и имаат предност пред ОУД.

(l) "Партнер" или "Член" **во случај на Носител на набавката кој** претставува здружение за заедничко настапување на повеќе од еден ентитет, го подразбира било кој од овие ентитети; а "Партнери" или "Членови" ги подразбира сите овие ентитети,

(m) "Договорна страна" се однесува на Договорниот орган или на **Носител на набавката** во зависност од случајот, а "Договорни страни" ги подразбира и двете страни,

(n) "Договор" се однесува на целокупната Договорна документација, која опфаќа Општи и Посебни Услови на Договорот, Техничката и Финансиската Понуда, Писмото за Прифаќање, Проектна **Програма**, Гаранции, Изјави и др.

(o) "Проектна Програма" претставува детален опис за извршување на услуги **од надзорот**.

(p) "Предмер со Пресметка" значи предмер на количините со дадени цени, вклучувајки ги и калкулациите,

(q) "Понуда" значи целокупната документација изработена од Понудувачот согласно Тендерската документација,

(r) "Писмо за Прифаќање" значи формално прифаќање на Понудата од страна на Договорниот орган,

(s) "Дата на започнување" означува дата кога овој Договор станал ефективен ("Датум на Ефективност"),

(t) "Временски период (Рок) за извршување" го означува временскиот период за кој **Носителот на набавката** е ангажиран да ги извршува услугите,

(u) "Времена ситуација" значи било која ситуација за исплата на извршените услуги, освен Конечната ситуација,

(v) "Конечна ситуација" претставува конечен документ за исплата,

(w) "Ден" значи календарски ден,

(x) "Писмено" значи секое рачно напишано, отчукано или печатено комуницирање, вклучувајки телефакс и телеграма (со исклучок на **e-mail**).

**Даноци и давачки**

2. Освен ако не е поинаку утврдено во **ПУД**, **Носител на набавката**, ќе плаќа такви даноци, давачки и други такси кои може да им бидат наметнати согласно Применливиот закон.

## *Договор, Договорни услови, важност*

**Ефективност на Договорот и почеток на Услугите**

3. Овој Договор ќе стапи на сила и ќе биде ефективен на датумот ("Датум на ефективност") на писменото известување со кое Договорниот орган му дава инструкции на **Носителот на набавката** да започне со

извршување на Услугите **согласно Проектната Програма**. Ова известување треба да потврди дека се задоволени условите за ефективност, до колку има, а кои се наведени во **ПУД**.

До колку овој Договор не стане ефективен во рокот после датумот на потпишување на Договорот од страна на Договорните страни, како што е утврдено во **ПУД**, било која Договорна страна може, **по истекот на овој рок**, преку писмено извесување до другата Договорна страна, да изјави дека Договорт е неважечки, и во случај на таква изјава од било која Договорна страна, ниту една Договорна страна нема да има оштетно побарување кон другата Договорна страна, во поглед на тоа по ниту еден основ.

**Истекување на Договорот**

4. До колку не е прекинат порано, согласно одредбите од **ОУД** или **ПУД**, овој Договор ќе заврши на крајот на таквиот временски период после Датумот на ефективност, како што е утврдено во **ПУД**.

**Измени**

5. Измена на термините и условите на овој Договор, вклучувајќи ја секоја измена на обемот на Услугите, може единствено да биде извршена преку писмена согласност помеѓу Договорните страни и други услови ако се наведени во **ПУД**.

**Продолжување на Договорот**

6. Овој Договор може да биде продолжен под услови наведени во **ПУД**.

**Измена на вредноста на Договорот**

7. За сите Услуги кои ќе претрпат измени во однос на Основниот Договор, а кои условуваат и измена на вредноста на Договорот **ќе се пимени Законот за јавни набавки**.

**Јазик на Договорот и коресподенцијата**

8. Овој Договор е изработен на јазик утврден во **ПУД**, кој што ќе биде обврзувачки за сите прашања кои се однесуваат на значењето, толкувањето и извршувањето на овој Договор, како и целокупната коресподенција и други документи во договорниот период.

**Здружување за зеднички настап и овластување**

9. Во случај кога **Носителот на набавката** претставува здружување за заедничко настапување од повеќе од еден ентитет, Партнерите овластуваат еден Партнер (Водечки Партнер) кој ќе делува во нивно име во спроведувањето на сите права и обврски на **Носителот на набавката** спрема Договорниот орган во рамките на Договорот, вклучувајќи го без ограничувања, и приемот на инструкции и плаќања од страна на Договорниот орган.

**Подизведување**

9.2 i) Понудувачот може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач.

ii) Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,

- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,

- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

iii) Во случај на вклучување нови подизведувачи, носителот на набавката, заедно со барањето, ги обезбедува податоците и документите:

- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;

- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи;

- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и

- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

iv) Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за договорниот орган и за носителот на набавката доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од важечкиот закон за јавни набавки, при што:

- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на носителот на набавката ќе ги покрие договорниот орган,

- носителот на набавката, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

v) Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, договорниот орган бара од носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за набавените стоки, обезбедените услуги или изведените работи, во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата од страна на договорниот орган на носителот на набавката.

**Измена на Применливиот закон**

**10.** Доколку дојде до измена на применливите закони во Република Северна Македонија ќе се применуваат важечките закони.

## *Обем на Услугите, локација, Закон*

**Обем и вид на Услугите**

**11.** Обемот и видот на Услугите се детално дефинирани во Проектната Програма.

Во делокругот на Услугите, во рамките на овој Договор ќе се сметаат и услугите дефинирани во **ПУД**.

**Дополнителни Услуги**

**12.** Ако итноста, неодложноста или условите налагаат вршење на Услуги надвор од обемот на Услугите утврден во Договорот и Проектната Програма, проценетите периоди и вредноста на ангажирање на **Носителот на набавката**, вклучувајќи и времено вклучување на дополнителни експерти, може да се зголемат со писмена согласност помеѓу Договорниот орган и **Носителот на набавката**.

**Закон кој ги регулира Услугите**

**13.** Договорот и целокупното работење **Правното лице за вршење на надзор** ќе го извршува во согласност со **важечките** закони во Република **Северна** Македонија. **Правното лице за вршење на надзор** ќе ги превземе сите практични чекори за да осигура дека неговиот **Надзорен тим**, персоналот и сите други инволвирани страни и субјекти во Услугите се придржуваат кон Применливиот закон.

## *Виша сила*

**Виша сила**

**14.** (a) За целите на овој Договор, под "Виша сила" се подразбира настан кој е надвор од разумна контрола на Договорната страна и кој го чини невозможно или толку непрактично извршувањето на обрските на Договорната страна, што се смета за невозможно под тие околности и вклучува, но не е ограничено на војна, побуни, граѓански нереди, земјотреси, пожари, експлозии, поплава или други екстремни временски непогоди, штрајкови, конфискација, реструктуирање или било кои други дејствија од страна на владините агенции.

(b) Виша сила не вклучува

(i) било кој настан кој е предизвикан од немарност или намерно дејство од Договорната страна или од страна на, застапниците или вработените на таквата Договорна страна, ниту

(ii) било кој настан кој искусна и способна Договорна страна би можела разумно да го очекува, за да:

- истиот го земе во предвид при склучување на овој Договор и

- да го избегне или совлада при извршување на своите обврски.

(c) Виша сила не вклучува недостаток на средства или неуспехот во вршењето на било каква исплата.

Неуспехот на Договорната страна да исполни било која од своите обврски во рамките на овој Договор нема да се смета за неисполнување или неизвршување, до колку таквата неспособност произлезе од настан предизвикан од Виша сила, под услов Договорната страна која е погодена од таквиот настан да ги има превземено сите разумни мерки на претпазливост, должна контрола и разумни алтернативни мерки, се со цел исполнување на термините и условите на овој Договор.

**Мерки во случај на Виша сила**

15. Мерки кои треба да се превземат во случај на Виша сила:

(a) Договорната страна која е погодена од настан предизвикан од Виша сила треба да ги превземе сите разумни мерки за да ја отстрани таквата неспособност на Договорната страна да ги исполни своите обврски, со минимално доцнење,

(b) Договорната страна која е погодена од настан предизвикан од Виша сила ќе ја извести другата Договорна страна за таквиот настан што е можно побрзо, и во било кој случај не подоцна од четиринаесет (14) дена од појавата на таквиот настан, обезбедувајќи доказ за природата и причината за таквиот настан, и на сличен начин ќе даде известување за враќање во нормални услови што е можно побрзо,

(c) Договорните страни треба да ги превземат сите разумни мерки за минимизирање на последиците од било кој настан предизвикан од Виша сила.

(d) Договорот може да биде продолжен за период еднаков на периодот за кој таа Договорна страна била оневозможена да ги извршува своите обврски, како резултат на Виша сила, но не подолг од периодот наведен во ***ПУД***.

Не подоцна од триесет (30) дена откако било која Договорна страна, како резултат на настан предизвикан од Виша сила, станала неспособна за извршување на своите обврски, Договорните страни треба да се консултираат меѓусебно, во поглед на усогласување на соодветните мерки кои треба да бидат превземени во такви околности.

## *Гаранција за **навремено и квалитетно извршување на Договорот***

**Гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот**

16. Понудувачот на кого му е доделен Договорот ќе достави Банкарска гаранција за **навремено и** квалитетно извршување на договорот на износ и временски период кој е наведен во ***ПУД***. Условите на оваа Гаранција се **наведени во ПУД.**

Формата и текстот на Банкарката гаранција за квалитетно извршување на договорот треба да бидат исти со приложениот образец. Секакви измени треба претходно да бидат прифатени од Договорниот орган.

## *Судир на интереси*

**Судир на интереси**

**17.** Определба на Договорниот орган е да бара **Носителот на набавката** да обезбеди професионално, објективно и непристрасно извршување на обврските и за целото време да ги спроведува интересите на Договорниот орган на највисоко ниво, строго да избегнуваат судири со други договори, задачи или нивните сопствени приватни или акционерски интереси.

Понудувачите имаат обврска да ја обелоденат секоја ситуација на актуелен или потенцијален судир кој влијае на нивната способност да ги извршуваат задачите во најдобар интерес за Договорниот орган, или кој може разумно да биде оценет дека ќе има таков ефект. Неуспевањето да се обелоденат споменатите ситуации може да доведе до раскинување на Договорот.

Договорот ќе биде раскинат доколку Договорниот орган утврди дека предметните Услуги се во судир со било какви други тековни или идни услуги и активности на **Носителот на набавката** кои би можеле да го доведат во позиција да не биде во можност да ја изврши задачата во најдобар интерес за Договорниот орган.

Без ограничување на концептот на ова правило, Договорниот орган ќе го раскине Договорот ако **Носителот на набавката** се најде во околностите наведени во **ПУД**.

**Носителот на набавката и неговиот тим да немаат корист од провизии, попусти и сл.**

**18.** Договорната цена претставува единствен и исклучив надомест на **Носителот на набавката и неговиот** тим во врска со овој Договор. **Носителот на набавката** нема да прифати во своја сопствена корист никакви трговски провизии, попусти или слични плаќања во врска со активности, или во извршување на своите обврски согласно овој Договор, **Носителот на набавката** ќе вложи максимален напор да осигура дека **неговиот** тим и било кои други лица ангажирани од него не примат било каква дополнителна надокнада од таков тип.

**Носителот на набавката и неговиот тим да не се ангажираат во извесни активности**

**19.** **Носителот на набавката** се согласува дека, за времетраењето на овој Договор, ќе биде дисквалификуван од обезбедувањето на стоки, работи или услуги, кои се во судир со Услугите, или се тесно поврзани со Услугите на овој Проект.

**Правила на набавки**

**20.** Ако **Носителот на набавката**, како дел од своите обврски, има задача да го советува Договорниот орган во набавките на стоки, работи или услуги, тој треба да се придржува кон Применливиот закон и упатствата за набавки и за цело време ќе презема таква одговорност која е во најдобар

интерес за Договорниот орган. Сите попусти, провизии и други бенефиции кои **Носителот на набавката** ќе ги добие во исполнувањето на таквата одговорност за набавките ќе бидат јавни, транспарентни и на сметка на Договорниот орган.

## *Прекин на Договорот*

**Известување за прекин на Договорот**

**21.** Договорниот орган може, со писмено известување за прекин на Договорот, да ги суспендира сите плаќања, ако **Носителот на набавката** не успеал да изврши било која од своите обврски во рамките на Договорот, под услов таквото известување за прекин:

(a) да ја содржи природата на недостатокот, и

(b) со него да се бара од **Носителот на набавката** да го отстрани таквиот недостаток во период кој не надминува триесет (30) дена после приемот на таквото известување за прекин.

Договорниот орган ќе го суспендира **Носителот на набавката** за случаите дефинирани во Одредбата 22.

**Прекин од страна на Договорниот орган**

**22.** Договорниот орган може да го прекине овој Договор, со писмено извесување за прекин до **Носителот на набавката** во рок од најмалку четиринаесет (14) дена, кое известување треба да биде доставено после појавата на било кој од настаните наведени од оваа Одредба:

(a) ако **Носителот на набавката** не успее да го отстрани недостатокот во исполнувањето на неговите обврски, како што е наведено во известувањето за прекин согласно Одредба 21 погоре, во рок од триесет (30) дена од приемот на таквото известување за суспендирање, или во рок на било кој нареден период кој што Договорниот орган може дополнително да го одобри во писмена форма,

(b) ако **Носителот на набавката** (или, во случај ако **Носителот на набавката** се состои од повеќе од еден ентитет, ако било кој од Партнерите) станат неликвидни, прогласат стечај или склучат договор со своите кредитори за ослободување од долговите или ако одат во стечај или ликвидација, било принудно или доброволно,

(c) Ако **Носителот на набавката** делумно или целосно, ја изгубил својата самостојност и независнот декларирана во периодот на Понудување,

(d) Ако кај **Носителот на набавката** се случат такви промени во сопственичката структура со кои на **Носителот на набавката** му се ограничуваат правата да донесува самостојни одлуки и самостојно да преговара, договара и превзема обврски,

(e) Ако **Носителот на набавката** издаде или потпише изјава или друг документ кој има материјален ефект врз правата, обврските или интересите на Договорниот

орган, а кој е неточен, или за што нема овластување,

(f) Ако **Носителот на набавката** профитира нечесно на сметка на Договорниот орган, извршувајки ги услугите кои се предмет на овој Договор,

(g) Ако **Носителот на набавката** му причини на Договорниот орган значителни материјални штети од разни причини (нестручност, несовесност, немарност, непознавање на договорно-техничка-законска документација, доцнење подолго од временскиот период наведен во **ПУД** и сл.),

(h) Ако се утврди дека **Носителот на набавката** или неговиот персонал, при реализација на овој Договор, направиле намерни грешки и пропусти, или учествувале во противзаконски активности,

(i) Ако **Носителот на набавката** не му ја надокнади на Договорниот орган направената материјална штета, која тој ја предизвикал, во полн износ,

(j) Ако **Носителот на набавката** изнесува во јавноста, или на трети лица, доверливи информации, без претходна согласност на Договорниот орган,

(k) Ако постои судир на интереси, како што е дефинирано во **ПУД** или во овие ***ОУД***,

(l) Ако, како резултат на Виша сила, **Носителот на набавката** не е во можност да ги извршува своите обврски за период не пократок од триесет (30) дена; или

(m) Ако **Носителот на набавката** е вклучен во Незаконски Активности, кои вклучуваат:

(i) "подмитување" значи нудење, давање, примање или барање, директно или индиректно, на било што вредно за нечесно да се влијае на работата на другата страна;

(ii) "измамничка практика" е било кое дело или пропуст, вклучувајќи и лажно прикажување на факти, кои намерно или ненамерно доведуваат до измама, или обид за измама, на договорна страна да добие финансиски или други користи или да се избегне обврска;

(iii) "тајно договорање" е договор - план помеѓу две или повеќе договорни страни, воспоставен да се постигне нечесна цел, вклучувајќи и нечесно да се влијае на активностите - работата на друга договорна страна;

(iv) "пракса на присила" значи нанесување на штета или повредување, или заканување за штета или повреда, директно или индиректно, на некоја договорна страна или нејзиниот имот за нечесно да се влијае на активностите - работата на другата договорна страна;

(v) "попречување" е намерно уништување, фалсификување, измена или сокривање на

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Јавно претпријатие за државни патишта Скопје - Shkup

CIPS Chartered Institute of Procurement & Supply

доказен материјал во истрагата или давање на лажни изјави на истражните органи со цел материјално да се попречи истрага за обелоденување на подмитување, измамување, тајно договарање и принуда и/или закана, притисок или заплашување на било која страна за да ја спречи да обелодени информации по прашања во врска со истрагата или во спроведување на истрагата

(n) други прифатливи причини за кои **Носителот на набавката** ќе даде своја согласност

**Прекин од страна на Носителот на набавката**

**23.** **Носителот на набавката** може да го прекине овој Договор, со писмено известување за прекин до Договорниот орган во рок од најмалку триесет (30) дена, кое извесување треба да биде доставено после појавата на било кој од следните настани:

(a) ако Договорниот орган не успее да ги исплати било кои неспорни средства што му ги должи на **Носителот на набавката** согласно овој Договор, и кои не подлежат на спор, во рок од 42 (четиесет и два) дена после приемот на писмено известување од **Носителот на набавката** дека таквата исплата не е извршена;

(b) ако Договорниот орган е во материјално неисполнување на своите обврски согласно овој Договор и истите ги нема отклонето во рок од 30 (триесет) дена (или за таков дополнителен период кој **Носителот на набавката** го одобрил во писмена форма) после приемот на писмено известување од **Носителот на набавката** во кое е специфицирано таквото неисполнување

(c) ако, како резултат на Виша сила, Договорниот орган не е во можност да го изврши материјалниот дел од своите обврски, за период не пократок од шеесет (60) дена.

(d) други прифатливи причини за кои Договорниот орган ќе даде своја согласност

**Престанок на правата и обврските**

**24.** После прекинот на Договорот согласно Одредбите **22** или **23** од овие **ОУД**, или после истекот на Договорот согласно Одредбата **4**, сите права и обврски на Договорните страни ќе престанат, освен:

(i) таквите права или обврски кои настанале пред датумот на прекин или истек,

(ii) обврската за доверливост,

(iii) сите права кои Договорните страни може да ги имаат во рамките на Применливиот закон.

**Престанок на услугите**

**25.** После прекинот на овој Договор, со известување од било која Договорна страна до другата, согласно Одредбите **22** и **23**, **Носителот на набавката**, веднаш по испраќањето или приемот на таквото известување, ќе ги превземе сите неопходни чекори за прекин на Услугите на брз и мирен начин и ќе вложи разумен напор трошоците за оваа цел да ги сведе на минимум. Во поглед на изработената

документација **Носителот на набавката** ќе постапи на начин утврден во овој Договор, соодветно.

**Плаќање по прекинот**

**26.** После прекинот на овој Договор, согласно Одредба 22 и 23, Договорниот орган и **Носителот на набавката** ќе ги извршат меѓусебните финансиски обврски, кои вклучуваат:

a) надомест за Услугите кои се успешно извршени пред ефективниот датум на прекин,

b) надоместоци (трошоци направени од **Носителот на набавката**, а кои Договорниот орган ги признава) за трошоците кои се вистински направени пред ефективниот датум на прекин, и

**Неподобност за идни Договори**

**27.** Договорниот орган, ќе го прогласи **Носителот на набавката** и неговиот експертски тим неподобни, за одреден временски период, за Понудување и доделување на Договори кој ги финансира, ако во било кое време **Носителот на набавката** или негови експерти биле инволвирани во дејствија дефинирани во ***ПУД***.

## Носителот на набавката и неговиот тим

**Одговорност на Носителот на набавката**

**28.** **Носителот на набавката** превзема потполна одговорност за својата работа и за работата на својот тим, во извршување на целокупните Услугите, согласно овој Договор.

При реализацијата на проектот на теренот, **Носителот на набавката** ја превзема целосно одговорноста за настанати штети или несреќни случаи на вработените и учесниците во сообраќајот, а при тоа е должен да ги превземе сите пропишани мерки за сигурност и безбедност согласно законката регулатива (законот за безбедност, закон за заштита при работа, закон за јавни патишта и др.)

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

**Услуги кои се предмет на извршување**

**29.** Услугите кои се предмет на извршување, се обврските на **Носителот на набавката** и тимот и истите се детално опишани во Проектната Програма и останатата Договорна документација,

**Стандарди на извршување на Услугите**

**30.** **Носителот на набавката** ќе ги извршува услугите и ќе ги исполнува своите обврски со сета должна грижа, ефикасност и економичност, во согласност со општо прифатените професионални техники и пракси, ќе се придржува кон правилните практики, сознанија и искуства за исполнување на Договорот. **Носителот на набавката**, во поглед на сите прашања поврзани со овој Договор, секогаш ќе делува како верен советник на Договорниот орган и за цело време ќе ги подржува и штити легитимните интереси на Договорниот орган, при сите работи со трети страни.

Република Северна Македонија – Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА – NDERMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup

**Дополнителна документација**

**31.** По потпишувањето на овој Договор, доколку се јави потреба, Договорниот орган ќе му отстапи на **Носителот на набавката** и дополнителна документација која е од

суштинско значење за правилно извршување на работите и Правното лице за вршење надзор - Носителот на набавката и неговиот тимот треба детално да ја проучат и да ја применуваат.

**Соработка со други државни органи**

**32.** Без разлика што задачата се однесува на **Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце** доколку тоа природата на работите го услова, ќе соработува, комуницира и координира со други **Правни лица за вршење надзор** ангажирани на други инфраструктурни проекти во близина на локацијата, како и **правни лица за вршење надзор** вклучени во одржувањето на патиштата. Без разлика дали Главните надзори се од иста или различна фирма, работите условуваат неопходна комуникација, координација, соработка и размена на искуства меѓу нив.

**Замена/измена на експерти од тимот на Носителот на набавката**

**33.** Интенцијата на Договорниот орган е да не се вршат никакви измени на експерти кои се назначени како клучен персонал во тим **на Носителот на набавката** во текот на целиот Договорен период.

Ако, од било каква причина која е надвор од разумната контрола на **Носителот на набавката** стане неопходно да се замени било кој од тие експерти, **Носителот на набавката** веднаш треба да обезбеди како замена, експерт со еквивалентни квалификации и искуство, прифатлив за Договорниот орган.

Прифатлива причина не може да биде потребата на **Носителот на набавката** да го ангажира тој експерт на други активности или работи, за сметка на услугите од овој Договор.

**Отстранување /суспендирање на експерти од тимот на Носителот на набавката**

**34.** Договорниот орган ќе отстрани било кој експерт од тимот **на Носителот на набавката**, и ќе го прогласи времено или трајно неподобен, ако открие дека сериозно ја злоупотребил својата позиција согласно овие договорни услови и Проектната Програма.

Договорниот орган ќе отстрани било кој експерт од тимот на **Носителот на набавката** ако има разумна причина да биде незадоволен од извршувањето на неговите обврски.

Договорниот орган ќе го извести **Носителот на набавката**, во писмена форма, со наведни причини за својата одлука да го отстрани било кој експерт од тимот **на Носителот на набавката. Носителот на набавката** во рок од 7 дена ќе достави предлог на експерт за замена кој треба да ги има потребните квалификации и искуство и да биде прифатлив за Договорниот орган.

Ангажирањето на таквата замена ќе биде под истите услови под кои бил ангажиран отстранетиот експерт.

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE 1 Скопје - Shkup

**Времена или трајна замена на експерт**

**35.** Во случај на подолготрајно оправдано отсуство на експерт од клучниот персонал, **Носителот на набавката** во рок од 28 дена пред почетокот на отсуството на тој експерт, ќе достави до Договорниот орган предлог на експерт за времена или трајна замена со слични квалификации и искуство, прифатлив за Договорниот орган.

**Бонуси и пенали за тимот на Носителот на набавката**

**36.** Договорниот орган, ако е така наведено во **ПУД** може да предвиди награди (бонуси) и пенали за работата на тимот **на Носителот на набавката**.

**Материјална одговорнот и надомест на штети предизвикани од Носителот на набавката**

**37.** Ако **Носителот на набавката** или било кој од персоналот на тимот **на Носителот на набавката** при извршување на услугите од овој Договор направи материјална штета со која е оштетен Договорниот орган, таквата материјална штета Договорниот орган ќе ја надомести:

(i) од времените ситуации за исплата на извршените услуги на **Носителот на набавката**,

(ii) од задржаните средства со времените ситуации за исплата на извршените услуги на **Носителот на набавката**,

(iii) од дополнителни средства кои ќе ги обезбеди **Носителот на набавката**.

**Документите изработени од страна на Носителот на набавката се сопственост на Договорниот орган**

**38.** Сите планови, цртежи, спецификации, проекти, извештаи, калкулации, упатства и други документи и софтвер изработени од страна на **Носителот на набавката** во рамките на овој Договор, ќе станат и ќе останат интелектуална и физичка сопственост на Договорниот орган, а **Носителот на набавката** континуирано, но не подоцна од прекинот или пред истекот на овој Договор, ќе му ја достави на Договорниот орган сета таква документација, заедно со детален список на се што е доставено. **Носителот на набавката** може да задржи копија од таквата документација или софтвер. Ограничувањата за идната употреба на таквите документи и софтвер, до колку ги има, се утврдени во **ПУД**.

**Обврски и надлежности на Правното лице за вршење надзор и Главниот надзор**

**39.** **Правното лице за вршење надзор**, односно Главниот надзор при вршење на надзорот на работите на изградба ги има сите обврски, овластувања и надлежности кои му се пропишани согласно FIDIC условите на договорот.

**Работно време на Надзорниот тим**

**40.** Работното време на Надзорниот тим треба да биде во се прилагодено према работното време на Изведувачот на работите.

**Работни часови, прекувремени часови, одсуства и сл.**

**41.** Договорниот орган, вон договорената цена нема да прифати никакви дополнителни трошоци:

(a) за прекувремено ангажирање за работи кои се опфатени со Проектната програма, без разлика на нивниот обем, вклучувајќи работа во празници и неработни денови, работа во екстремни климатски услови, прилагодувања на работното време према работното време на Изведувачот и сл.,

(b) за отсуства поради одмор, боледување, службени и стручни патувања и др.

Секое отсуство на Главниот надзор треба да биде предмет на претходно одобрување од страна на Договорниот орган, откако ќе биде осигурана соодветна замена и дека ваквото отсуство нема да го одолговлечи напредувањето и адекватниот Надзор на работите.

## *Осигурување, Опрема и Материјали*

**Осигурувања кои треба да ги обезбеди Правното лице за вршење надзор**

**42.** Правното лице за вршење надзор:

(i) ќе извади и одржува на свој сопствен трошок, осигурување на секој член од Надзорниот тим на вредности на одштетата, како што е утврдено во **ПУД**, и

(ii) ќе достави до Договорниот орган, доказ презентирајќи дека таквото осигурување е извадено и одржувано и дека тековните премии се исплатени.

**Опрема и материјали кои треба да ги обезбеди Договорниот орган/ Изведувачот и нивно користење**

**43.** По датумот на ефективност на овој Договор, односно согласно Договорот за изградба, Договорниот орган/ Изведувачот ќе му стави на располагање на **Правното лице за вршење надзор** опрема и материјали кои се дефинирани во **ПУД** и Проектната програма. После прекин или истек на овој Договор, **Правното лице за вршење надзор** ќе се раздолжи со оваа опрема во исправна состојба.

## *Согласности, известувања, налози, контрола и друго*

**Известување, барања, согласности, одобрувања, одлуки**

**44.** Сите известувања, барања, согласности, одобрувања, одлуки и др., треба да бидат во писмена форма. Секое такво известување, барање или согласност ќе се смета дека е дадено или направено тогаш кога ќе биде лично доставено до другата Договорна страна, или кога е испратено преку пошта, телеграм или телефакс на адресата на таа Договорна страна.

Договорната страна може да ја измени својата адреса за комуникации со известување до другата Договорна страна за таквата измена.

**Активности на Носителот на набавката – Правното лице за вршење надзор за кои е потребно претходно одобрување од страна на Договорниот орган**

**45.** **Носителот на набавката** треба да добие од Договорниот орган претходна согласност во писмена форма, пред да превземат било која од следните активности:

(a) било какви измени или замени на персоналот кој е назначен за извршување на услугите со овој Договор,

(b) измена на било какви услови од овој Договор,

(c) било која друга активност, која може да биде наведена во овој Договор, а за која е потребна писмена согласност.

**Обврски за известување**

**46.** **Носителот на набавката** ќе му поднесува на Договорниот орган извештаи и документи како што е дефинирано во Проектната Програма.

Секогаш кога е потребно, или кога тоа го бара Договорниот орган, **Носителот на набавката** ќе го известува и усмено.

**Контрола од страна на Договорниот орган**

**47.** Во било кое време, во тек на договорниот период, по претходна најава, **Носителот на набавката** ќе му одобри на Договорниот орган да изврши контрола на работата на **Носителот на набавката** и неговата документација која се однесува на овој Договор. **Носителот на набавката** нема да одбие да презентира и информации за договорни обврски со трети лица, за да го увери Договорниот орган дека не постои судир на интереси, или други прекршувања на овој Договор.

## *Плаќање*

**Валута за плаќање, ограничувања и курсна листа**

**48.** Валута на плаќање на услугите по овој Договор е наведена во **ПУД**.

Ограничувањата по однос на валута за исплата по овој Договор е наведена во **ПУД**.

**Начин на фактурирање и плаќање**

**49.**
(a) Не подоцна од седмиот ден од крајот на секој календарски месец **Правното лице за вршење надзор** ќе достави до Договорниот орган времена месечна ситуација за извршените работи во 6 (шест) примероци. Ако е така наведено во **ПУД**, во прилог на времената месечна ситуација треба да биде и соодветна докуменатација.

(b) Договорниот орган ќе изврши исплата на месечните времени ситуации во рок **до 60 (шеесет)** дена по приемот, на позициите и сумите кои не се спорни. Спорните позиции и суми ќе бидат внесени во наредната ситуација, откако ќе бидат расчистени меѓу Договорниот орган и **Правното лице за вршење надзор**.

(c) До колку се открие било какво несовпаѓање помеѓу исплатените средства во било која ситуација и вредноста на стварно извршените работи, Договорниот орган може таа разлика да ја додаде или одземе од било која наредна ситуација за исплата.

(d) Договорниот орган ќе задржи средства од било која времена ситуација, трајно или времено, за било какви работи кои се санкционираат согласно овој Договор.

(e) Завршната ситуација **Правното лице за вршење надзор** ќе ја достави во рок од 30 дена откако Договорниот орган ќе го прифати Конечниот извештај за извршените работи. Исплатата на Завршната ситуација Договорниот орган ќе ја изврши во рок **до 60 (шеесет)** дена од нејзиниот прием. Со тоа ќе се смета дека работите од овој Договор се комплетирани, а договорните обврски на двете страни завршени.

(f) Сите плаќања по овој Договор, Договорниот орган ќе ги врши на сметката на **Правното лице за вршење надзор**,

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Јавно претпријатие за државни патишта – Ndërmarrja publike për rrugë shtetërore – Република Северна Македонија – Republika e Maqedonisë së Veriut – 1 – Скопје – Shkup

CIPS Chartered Institute of Procurement & Supply

која е наведена во **ПУД**.

(g) Други услови наведени во **ПУД**.

**Авансно Плаќање** **50.** По потпишување на Договорот, Договорниот орган ќе му исплати на **Правното лице за вршење надзор** Аванс, ако е утврдено во **ПУД**, откако **Правното лице за вршење надзор** достави до Договорниот орган Банкарска гаранција за враќање на авансот, на износ еднаков на износот на авансот кој треба да му биде исплатен.

Таквата Банкарска гаранција:

(i) ќе остане ефективна се додека авансната исплата не биде целосно оправдана од **Правното лице за вршење надзор**, и

(ii) треба да биде во форма како што е дадена во Понудбената документација,

Начинот на враќање на авансот, доколку е предвиден во ПУД, ќе биде на начин кој е дефиниран во **ПУД**.

**Корекција на цени** **51.** Ако е така наведно во **ПУД** на Договорната цена ќе бидат додадени или одземени такви суми кои произлегуваат од зголемувањето или смалувањето на цената на работната рака, материјалите или други производи кои можат да влијаат на трошоците на извршување на услугите.

## *Гаранции и прифатлива Банка*

**Гаранции и прифатлива Банка** **52.** Сите банкарски гаранции кои се бараат со оваа Договорна документација треба да бидат издадени од Банки прифатливи за Договорниот орган, на име на Договорниот орган наведен во **ПУД**. Банката и **Правното лице за вршење надзор** да се два потполно независни ентитети,

(i) Банката која ја издала гаранцијата не може да биде **Правното лице за вршење надзор**, партнер во здружување за заеднички настап, или подизведувач кој е ангажиран согласно овој Договор.

## *Доверливост, Чесност и добра намера*

**Доверливост** **53.** **Правното лице за вршење надзор** и неговиот персонал, било за времетраењето, или по истекот на овој Договор, нема да обелоденуваат никакви приватни или доверливи информации кои се однесуваат на услугите од овој Договор без претходна писмена согласност од страна на Договорниот орган.

**Добра намера** **54.** Договорните страни се заложуваат да делуваат со добра намера во поглед на правата на секој од нив во рамките на овој Договор и да ги прифатат сите разумни мерки за да осигураат исполнување на целите на овој Договор.

**Функционирање на Договорот** **55.** На Договорните страни им е јасно дека е непрактично во овој Договор да ја предвидат секоја непредвидена ситуаци-

ја која може да се јави во тек на Договорот. Договорните страни со тоа се согласуваат дека нивна намера е овој Договор да функционита правично помеѓу нив и без штета врз интересите на било кој од нив и дека ако за времетраењето на овој Договор, некоја од Договорните страни верува дека овој Договор функционира неправично, Договорните страни ќе ги вложат своите најголеми напори да се договорат за мерките кои може да биде неопходни за да се отстрани таа причина или причини за таквата неправичност, но никаков неуспех во договорот за било каква акција согласно оваа Одредба, нема да доведе до спор или неисполнување на договорените работи.

## *Решавање на спорови*

**Спогодбено решавање**

**56.** Договорните страни ќе ги вложат своите најголеми напори спогодбено да ги решат сите спорови кои произлегуваат или кои се во врска со овој Договор или со неговото толкување. За таа цел секоја од Договорните страни назначува по два члена во Комисија, наведени во **ПУД**, кои ќе бидат задолжени навремено да предлагаат начин за решавање на појавените спорови за цело време на Договорниот период. Решавањето на споровите треба да биде во рамките на Применливиот закон. Договорните страни, при нивната конечна одлука за настанатиот спор ќе го респектираат ставот на Комисијата.

**Решавање на спорови по судски пат**

**57.** Секој спор помеѓу Договорните страни по прашања кои произлегуваат согласно овој Договор, а кои не може да бидат решени спогодбено ќе се решаваат по судски пат како што е наведено во **ПУД**.

Одредбата 57 е последна во овие Општи Услови на Договорот.

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Јавно претпријатие за државни патишта – Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore – Скопје · Shkup

Vlatko Ivanov

Digitally signed by Vlatko Ivanov
DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija:4030975274722, sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov
Date: 2022.09.26 13:25:17 +02'00'

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

---

Врз основа на член 34 став (2) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13 и 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15 и 217/15), Министерството за транспорт и врски издава

# ***ЛИЦЕНЦА А***

## ЗА НАДЗОР НА ИЗГРАДБАТА НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

НА

**Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД-Скопје**

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

**ул.Дрезденска бр.52 Скопје-Карпош, ЕМБС 4067533**

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **12.02.2023 година**

Број: **Н.001/А**

**12.02.2016 година**
(ден, месец и година на издавање)

**МИНИСТЕР**

**Владо Мисајловски**

## II.1.3. ЗДРУЖУВАЊЕТО ЗА ЗАЕДНИЧКО НАСТАПУВАЊЕ (ЈОИНТ ВЕНТУРЕ)

| Називи на сите фирми-членови во здружувањето(ЈВ) | МАТИЧЕН БРОЈ | ДАНОЧЕН БРОЈ |
|---|---|---|
| 1.Водечка фирма – Носител | | |
| 2. Фирма – член | | |
| 3. Фирма – член<br><br>........................................... | | |

**САМОСТОЕН ПОНУДУВАЧ – БЕЗ ЧЛЕНОВИ ВО ГРУПА**

**Напомена: Сите членови на групата треба да бидат регистрирани на ЕСЈН и со точни податоци да биде пополнет образецот за здружувањето за заедничко настапување.**

Vlatko Ivanov

Digitally signed by Vlatko Ivanov
DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija:4030975274722, sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov
Date: 2022.12.18 11:26:11 +01'00'

Прилог – ЛИСТА НА ПОДИЗВЕДУВАЧИ

| Реден број | Назив на Подизведувач | Одговорно лице на подизведувачот и контакт податоци | Опис на делот од договорот кој се дава на подизведувачот | % од вкупната вредност на понудата | Вредност на делот од договорот кој се дава на подизведувачот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | / | / | / | / | / |

Одговорно/Овластено лице

_______________________
(потпис) *

**НАПОМЕНА:**

**Овој Прилог на ЛИСТА НА ПОДИЗВЕДУВАЧИ се пополнува во случај доколку понудувачот има намера да ангажира подизведувач.**

**Овој образец се потпишува електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.**

**ПОНУДУВАЧОТ ДОКОЛКУ ИМА НАМЕРА ДА АНГАЖИРА ПОДИЗВЕДУВАЧ ОСВЕН ШТО ТРЕБА ДА ЈА ПОПОЛНИ ОВАА ЛИСТА НА ПОДИЗВЕДУВАЧИ, ПОТРЕБНО Е ДА ДОСТАВИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ПОТТОЧКА 1.8.2 ОД ОВАА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА.**

Vlatko Ivanov

Digitally signed by Vlatko Ivanov
DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija:4030975274722, sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov
Date: 2022.12.19 13:19:38 +01'00'

**ПРИЛОГ 3**

Vlatko Ivanov
Digitally signed by Vlatko Ivanov
DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija:4030975274722, sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov
Date: 2022.12.18 11:30:24 +01'00'

# ИЗЈАВА

Откако детално ја проучивме Понудбената документација изјавуваме дека сме согласни Договорот за **Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце** да биде раскинат од Ваша страна во било кое време, без да бараме било каква надокнада или компензација за претрпени штети, доколку не се придржуваме кон условите и ограничувањата со кои е дефиниран судирот на интереси кои опфаќаат:

- Ако во рок од 15 дена не Ве известиме за промена на сопственичката структура и статус на фирмата, кои може да имаат влијание на нејзината независност и самостојност,
- Ако, без Ваша претходна писмена согласност, конкурираме или изведуваме работи на одржување на државни патишта, кои по својата природа се во судир соуслугите кои се предмет на овој Договор,
- Ако, без Ваша претходна писмена согласност, учествуваме како подизведувачи на фирми кои се ангажирани за извградба, реконструкција или одржување на државни патишта,
- Ако поради меѓусебни односи и релации со други фирми не сме во можност, без ограничувања да ги извршуваме услугите на Надзор во најдобар интерес за Договорниот орган,
- Ако наши експерти кои се ангажирани за овој Договор, учествуваат или се на било каков начин ангажирани од други фирми кои изведуваат работи на изградба, реконструкција и одржување на државни патишта.

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД

Потпис на овластениот претставник: ____________________

Име и занимање на потписникот: Влатко Иванов, дипломиран машински инженер

Функција на потписникот: Генерален директор

---

**НАПОМЕНА: Изјавата се дава задолжително**

Vlatko Ivanov
Digitally signed by Vlatko Ivanov
DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija:4030975274722, sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov
Date: 2022.12.18 11:34:18 +01'00'

## II.2.1. ПРЕДЛОГ ЗА СОСТАВОТ НА КЛУЧНИОТ ПЕРСОНАЛ

Понудувачот треба да го понуди целокупниот клучен тим за реализација на Договорот. **Некомплетен предлог за состав на тимот може да услови отфрлање на Понудата**. Договорниот орган очекува дека понудениот тим ќе биде на располагање за целиот период на важноста на Понудата и на извршување на Договорот доколку истиот му биде доделен.

| Р.б. | позиција | Име и презиме |
|---|---|---|
| **А** | **Клучен експертски персонал** | |
| **А1** | **Главен Надзорен инжењер** | **Борче Алексовски** |
| **А2** | **Надзорен инжењер за геодетски работи** | **Драган Петрески** |
| **А3** | **Надзорен инжењер за геотехника и материјали** | **М-р Зоран Ѓорѓиевски** |
| **А4** | **Надзорен инжењер за конструкции и објекти** | **М-р Драган Стамев** |
| **А5** | **Надзорен инжењер за асфалтерски работи** | **Ќазим Адровиќ** |
| **А6** | **Надзорен инжењер за заштита на животна средина** | **М-р Габриела Дуданова Лазаревска** |
| **А7** | **Надзорен инжењер за електрични инсталации и постројки** | **М-р Дарко Трајаноски** |
| **А8** | **Надзорен инжењер за сообраќајно инженерство** | **Андон Петровски** |

| Р.б. | позиција | Име и презиме |
| --- | --- | --- |
| **В** | **Помошен технички персонал** | |
| **В1** | **Геометар (за експропријација + траса) со потребна геодетска опрема** | **М-р Дејан Марковски** |
| **В2** | **Технички лица за лабораториски и теренски испитувања** | **1. Горан Трајковски**<br>**2. Александар Арсовски** |

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 35 став 2 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/13-пречистен текст, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30.16, 31/16, 39/16, 71/16), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА НАДЗОРЕН ИНЖЕНЕР

од

ГРАДЕЖНИШТВО

на

## БОРЧЕ АЛЕКСОВСКИ

дипломиран градежен инженер

Овластувањето е со важност до: 19.11.2023 год.

Број: 2.0110

Издадено на: 20.11.2018 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
УНИВЕРЗИТЕТСКИ ЦЕНТАР ЗА МАТЕМАТИЧКО ТЕХНИЧКИ НАУКИ – СКОПЈЕ

# ДИПЛОМА

Ректорот на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје и деканот на Градежниот факултет со своите питписи и со печатот на Универзитетот потврдуваат дека

*Алексовски Михаил Ѓорѓе*

роден-а на *11. XII. 1950* година, во *Скопје*, СР *Македонија*
на ден *3. II. 1979* година го завршил-а полагањето на пропишаните испити за здобивање со диплома за завршени студии од втор степен на Градежниот факултет со средна оценка:

а) на испитите од припремниот дел *6,84*
б) на испитите од стручниот дел *7,30*
в) на дипломската работа *8.–*

Според тоа именованиот стекнал право на стручен назив дипломиран градежен инженер

Врз основа на тоа, Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје му-ѝ издава диплома за завршени студии од втор степен со која кандидатот-ката ги стекнува сите права што му-ѝ припаѓаат по законите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Во Скопје *3. II.* 19*79* год. Број *I-659/IV*

| | |
|---|---|
| ДЕКАН<br>НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ<br>СКОПЈЕ | РЕКТОР<br>НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“<br>СКОПЈЕ |
| [signature] | *Б. [signature]* |

ПРИЛОГ 4

# ИЗЈАВА

Јас, долупотпишаниот, потврдувам дека по мое најдобро познавање и уверување, овие податоци точно ме опишуваат мене, моите квалификации и моето искуство.

Потврдувам дека сум согласен, по моја слободна волја, да ја извршувам предложената функција за цело времетраење на Договорот согласно условите од Тендерската документација со која сум запознаен.

Изјавувам дека не постои никаков судир на интереси во врска со моето ангажирање на овој проект, ниту пак има било какви други пречки кои би биле причина да не ги извршувам услугите во најдобар интерес за Договорниот орган.

Прифаќам да бидам прогласен времено или трајно неподобен за услуги кои ги инвестира Јавното претпријатие за државни патишта, доколку учествувам или извршувам дејствија спротивно на условите од Тендерската и Договорна документација.

*[Потпис на експертот]*

Цело име и презиме на експертот: Борче Алексовски

Цело име и презиме на овластениот претставник: Влатко Иванов, генерален директор

Како овластен претставник на Понудувачот **потврдувам** дека:
Експертот ќе биде на располагање за цело време на валидноста на Понудата, и доколку ни бидат отстапени услугите за **Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце** предложениот кандидат, ќе биде ослободен од други обврски, кои би биле пречка во извршувањето на неговите обврски на проектот и тој ќе биде на Ваше целосно располагање се до завршувањето на договорните обврски.

*[Потпис на овластениот претставник на фирмата]*

**НАПОМЕНА: Изјавата се дава задолжително за секој член од предложениот персонал**

**ПРИЛОГ 4**

# ИЗЈАВА

Јас, долупотпишаниот, потврдувам дека по мое најдобро познавање и уверување, овие податоци точно ме опишуваат мене, моите квалификации и моето искуство.

Потврдувам дека сум согласен, по моја слободна волја, да ја извршувам предложената функција за цело времетраење на Договорот согласно условите од Тендерската документација со која сум запознаен.

Изјавувам дека не постои никаков судир на интереси во врска со моето ангажирање на овој проект, ниту пак има било какви други пречки кои би биле причина да не ги извршувам услугите во најдобар интерес за Договорниот орган.

Прифаќам да бидам прогласен времено или трајно неподобен за услуги кои ги инвестира Јавното претпријатие за државни патишта, доколку учествувам или извршувам дејствија спротивно на условите од Тендерската и Договорна документација.

_______________________________

*[Потпис на експертот]*

Цело име и презиме на експертот: Борче Алексовски

Цело име и презиме на овластениот претставник: Влатко Иванов, генерален директор

Како овластен претставник на Понудувачот **потврдувам** дека:
Експертот ќе биде на располагање за цело време на валидноста на Понудата, и доколку ни бидат отстапени услугите за **Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце** предложениот кандидат, ќе биде ослободен од други обврски, кои би биле пречка во извршувањето на неговите обврски на проектот и тој ќе биде на Ваше целосно располагање се до завршувањето на договорните обврски.

_______________________________

*[Потпис на овластениот претставник на фирмата]*

**НАПОМЕНА: Изјавата се дава задолжително за секој член од предложениот персонал**

**ПРИЛОГ 1**

**за Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

# **И З Ј А В А**

од Борче Алексовски

Предложена функција во Надзорниот тим:

А1 Главен Надзорен инженер

Јас, долупотпишаниот изјавувам дека сум согласен, по моја слободна волја, да ја извршувам предложената функција за цело времетраење на Договорот согласно условите од Тендерската и Договорна документација. Пред да ја дадам оваа изјава бев запознаен со:

- Големината, комплексноста и долготрајноста на Проектот,
- Сериозноста и одговорноста на моето ангажирање,
- Работа во теренски услови,
- Условот за перманентно присуство на градилиштето,
- Очекуваниот интензитет и динамика на градежните работи, кои вклучуваат и мое прекувремено ангажирање усогласено со работното време на Изведувачот на градежните работи, продолжено работно време и работа во неработни и празнични денови,
- Платата и надоместоците кои ќе ги добивам за моето ангажирање,
- Одвоеност од семејството, и
- Други специфични услови од Договорната документација со кои сум целосно запознаен, и ги прифаќам.

*[Потпис на кандидатот]*

Цело име и презиме на кандидатот: Борче Алексовски

Како овластен претставник на Понудувачот **потврдувам** дека:

- Кандидатот ќе биде на располагање за цело време на валидноста на Понудата, и
- Доколку ни бидат отстапени работите дефинирани со овој Договор предложениот кандидат, во рок од **14** дена од денот на доставување на известувањето за ефективност на Договорот, ќе биде ослободен од сите други обврски, и тој ќе биде на Ваше **целосно** располагање се до завршување на договорните обврски, во рамките на утврдените временски периоди.

*[Потпис на овластениот претставник на фирмата]*

Градежен институт
МАКЕДОНИЈА А Д
Бр. 03-7/131
12.12.2022 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ПОДДРШКАТА ЗА ТЕХНИЧКАТА И ПРОФЕСИОНАЛНАТА СПОСОБНОСТ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕЗАВИСЕН ЕКСПЕРТ/КОНСУЛТАНТ

**I. Договорни страни:**

**1. Градежен Институт "МАКЕДОНИЈА" А.Д Скопје,** Ул. Дрезденска 52 - Скопје, со даночен број 4030975274722 и ЕМБС 4067533, претставуван од Генералниот Директор Влатко Иванов (Нарачател), од една страна

**2. Борче Алексовски, дипломиран градежен инжинер** од Скопје, ул. "Милан Марковиќ" бр.31, со ЕМБГ 1112950450130 и л.к.бр. А2486413 издадена од МВР-Скопје, од друга страна

**Член 1**
**Предмет на Договорот**

Предмет на овој Договор е користење на способност од друг субјект, а се со цел докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовните и стручните квалификации, за потребите по Оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. **19726/2022** со предмет **„Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје(клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце"до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзувањесо локален пат до с. Блаце",** објавен од страна на **Јавно претпријатие за државни патишта.**

За потребите по Огласот за доделување на договор за јавна набавка бр. **19726/2022**, а се со цел докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовните и стручните квалификации ангажираниот соработник **Борче Алексовски, дипломиран градежен инженер** со својата стручна подготовка ќе биде одговорен за следната позиција **"А1 – Главен надзорен инженер"** и истиот доставува Копија од Диплома, Копија од овластувањето, Пополнет формулар за биографија, Изјава дека го има потребното работно искуство, Изјава дека го има потребното работно искуство на најмалку 1 (еден) договор кој е по FIDIC (Red Book) услови на договорот за градежни работи, Пополнета и потпишана писмена изјава за согласност за учество на Проектот која е дадена во прилог бр. 1 на тендерската документација, изјава за неосудуваност и изјави согласно тендерската документација.

**Член 2**

Вредноста на Договорот, Обврските, Важноста на договорот и Гаранција за започнување на извршување на Договорот ќе бидат согласно Главниот договор кој ќе се склучи доколку ние Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје, по спроведената Отворена постапка бр. **19726/2022** бидеме избрани за најповолен понудувач.

**Член 3**

**Решавање на спорови**

Договорните страни ќе се залагаат за спогодбено решавање на сите спорови кои евентуално ќе произлезат во врска со Договорот или поради неговото интерпретирање.

Доколку евентуалните спорови не можат да се решат спогодбено меѓу Нарачателот и Извршителот, истите ќе бидат доделени на решавање на надлежниот суд во Скопје.

**Член 4**
**Прекинување или Раскинување на Договорот**

Договорните страни можат да го раскинат Договорот со заедничка согласност во писмена форма, потпишана од овластени лица.

Договорните страни без согласност односно еднострано можат да го раскинат овој Договор, ако едната договорна страна не ги почитува одредбите на овој Договор или ако превзема активности спротивни на Договорот.

Договорот се смета за раскинат кога договорната страна што го раскинува ќе испрати писмено известување до другата договорна страна за раскин на договорот.

**Член 5**
**Завршни и Општи одредби**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор, Анекс на истиот.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 6**

За се што не е предвидено со овој Договор важи Законот за облигациони односи и Законот за градење на РМ.

**Член 7**

Овој Договор е составен во 3 (три) еднообразни примероци од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна и 1 (еден) за во Понудата.

**Нарачател:**

**ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА А.Д.**

Влатко Иванов
Генерален директор

**Извршител:**

**Борче Алековски**

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 35 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА НАДЗОРЕН ИНЖЕНЕР

од

ГЕОДЕЗИЈА

на

## ДРАГАН ПЕТРЕСКИ

дипломиран геодетски инженер

со подмирување на членарината за секоја тековна година овластувањето важи до 21.06.2025 год.

Број: 8.0028

Издадено на: 22.06.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

# УНИВЕРЗИТЕТСКА ДИПЛОМА

РЕКТОРОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
И ДЕКАНОТ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ,
СО СВОИТЕ ПОТПИСИ И СО ПЕЧАТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ, ПОТВРДУВААТ ДЕКА

## Петрески Рампо Драган

РОДЕН-А НА 10.11 1969 ГОДИНА, ВО ПРИЛЕП Р. МАКЕДОНИЈА
НА ДЕН 2.IV 2007 ГОДИНА ГО ЗАВРШИ ПОЛАГАЊЕТО НА ПРОПИШАНИТЕ ИСПИТИ НА
ДОДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ ПО ГЕОДЕЗИЈА, СО СРЕДНА ОЦЕНКА 7.55
НАСОКА ГЕОДЕЗИЈА
И СТЕКНА ПРАВО НА СТРУЧЕН НАЗИВ

ДИПЛОМИРАН ГЕОДЕТСКИ ИНЖЕНЕР

ВРЗ ОСНОВА НА ТОА, УНИВЕРЗИТЕТОТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
МУ - Ѝ ИЗДАВА ДИПЛОМА ЗА ЗАВРШЕНИ ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ,
СО КОЈА КАНДИДАТОТ - КАТА ГИ СТЕКНУВА СИТЕ ПРАВА ШТО МУ - Ѝ
ПРИПАЃААТ СПОРЕД ЗАКОНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВО СКОПЈЕ, 1.VI 2007 ГОДИНА, БР. ГЗ-39

ДЕКАН
НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ
Проф. д-р САНДЕ АТАНАСОВСКИ

РЕКТОР
НА УНИВЕРЗИТЕТОТ
Покрај тоа, ние даваме детали за нашиот тим на експерти, кој е внимателно избран за спроведување и целосно завршување на проектот согласно највисоките професионални стандарди.

Нашето долгогодишно искуство во успешно завршување на проекти од ваков вид во регионот, е клучен фактор кој ќе обезбеди успешна имплементација на проектот. Градежен институт Македонија а.д. Скопје (ГИМ) има целосно функционална канцеларија во Скопје, која обезбедува техничка, административна и логистичка поддршка за сите наши проекти и представува исклучително важна предност во успешното реализирање на проектите во регионот. Целата оваа експертиза ќе му биде достапна на нашиот тим за овој проект на Надзор над изградба и докомплетирање на автопат А4, делница ГП „Блаце" - Скопје (клучка „Стенковец"), Подделница 1.

## Образложение

### 1.1. Разбирање на Проектот

Главната цел на проектот е успешно завршување на градежните работи над изградба на автопат А4, делница ГП „Блаце" - Скопје (клучка „Стенковец"), Подделница 1.

- Согласно програмата
- Во рамки на предвидениот буџет
- Во согласност со техничките барања и прописи

Изградбата на автопатот А4, делница Граничен премин (ГП) „Блаце" - Скопје (клучка „Стенковец") е во вкупна должина од околу 12.1км.

Подделницата 1 - Проширување на постоен пат А4 од Граничен премин (ГП) „Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце, претставува функционална целина и е дел од државниот пат А4: ГП Блаце - Скопје (клучка Стенковец) - Миладиновци - Штип - Струмица - ГП Ново Село.

Предметната подделница 1 е дел од т.н. Рута 6а: Црна Гора, Косово, Македонија, која е дел од ТЕГМ-Тосновната мрежа на патишта во Западен Балкан, како дел од т.н. Опепг/Easŕ-МесЈКоридор.

Проектниот опфат е лоциран во северозападниот дел на Република Македонија, во Скопскиот Плански регион, на територија на општината Чучер - Сандево. Крајните точки на планираниот автопат А4, делница ГП „Блаце" - Скопје, се граничниот премин „Блаце" (граница со Косово) и постојната клучка „Стенковец" на обиколницата на Скопје (државен пат А2/А4). Целата должина на автопатот изнесува околу 12.1кш, а должината на автопатот за кој се однесува оваа Проектна програма изнесува околу 2кт (Подделница 1), со почетна стационажа од ГП „Блаце" кон Скопје (клучка „Стенковец)".

Предмет на оваа Проектна програма е само Првата подделница во должина од околу 2.0км, односно, надзор над изградбата на автопат А4, делница ГП „Блаце" - Скопје (клучка „Стенковец"), Подделница 1 - проширување на постоен пат А4 од ГП „Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце.

Работите на изградба ќе се изведуваат согласно Проектна документација изготвена од компанијата „Хил Интернешнл", ангажирана во рамките на Инструментот за инвестициска подршка на Западен Блакан - ШВ1Р со бр. ШВ18-МКБ-ТКА-01 (1РР7).

Почетната точка на проектот за изградба на новиот автопат А4 е поставена кај граничниот премин „Блаце" при што, трасата на автопатот започнува од стационажа кт. 0 + 000 кај граничниот премин „Блаце", а завршува на стационажа околу кт. 2 + 000.

Ориентациониот обем на градежните работи опфаќа, но не се ограничени на: должина: околу 2 км, Широчина на асфалтен коловоз 10,25 м изведба на долен строј, асфалтерски работи, одводнување, клучка, кружни токови, девијација на простојни патишта, објекти на автопатот, сигнализација, мерки за заштита на животната средина дислокација на постојните инсталации осветлување на клучки, обезбедување на непречен сообраќај на околните патишта за време на изградбата на патот и др.

Работите делумно треба да се изведуваат под сообраќај, за што избраниот Изведувач навремено треба да ги изготви потребните елаборати и да ги добие потребните одобренија за изменет режим на сообраќај.

При реализацијата Надзорниот орган ќе извршува:

- Надзор согласно FIDIC условите на Договор
- Надзор во согласност со важечите закони во Р.Македонија и тоа:
    - Законот за градежни работи (Службен весник број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 115/14, 27/14, 42/14, 28/14, 149/14, 187/14, 129/15, 44/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16).
    - Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10,18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 42/15, 31/16);
    - Законот за животна средина (Службен весник бр. 53/05, 81/05, 24/07 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15);
    - Законот за заштита од бучава во животната средина (Службен весник бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 );
    - Законот за безбедност и здравје при работа (Службен весник бр. 92/07, 98/10, 93/11, 136/11, 60/12, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16).

Земајќи ја во превид важноста од познавање на локалните услови во областа педмет на Прокетот, како и познавање на моменталната состојбата на патиштата во Р.Македонија, ГИМ внимателно ги разгледа условите за реализација на проектите, вклучувајќи ги и информациите за видовите работи, утврдени во Проектната програма.

- Коментар во однос на Проектната Програма

Осврнувајќи се на Проектната Програма заклучивме дека истата содржи доволен број на инфорамции и инструкции, овозмужувајќи му на Надзорниот орган добро разбирање на проектот/договорот, вкупните очекувања од Надзорниот орган, како и барањата кои се однесуваат на активностите како и на искуството кои надзорните инжинери треба да ги поседуваат.
Сепак сметаме дека е соодветно да дадеме коментари на одреден број на специфични точки кои ние од наша страна сметаме дека треба да бидат потенцирани.

- Инвеститор и Договорен орган

Согласно на условите дадени во тендерската документација разбираме дека претставници на Инвеститорот ќе бидат тим на експерти делегирани од страна на ЈПДП, додека Договорниот орган ќе дејствуа преку тимот на експерти претставувани од Главниот Надзорен инженер, кои ќе дејствуваат согласно на условите дадени во Проектната програма, како и Општите и Посебни услови на Договор за Надзор над изградба на автопат А4, делница ГП „Блаце" - Скопје (клучка „Стенковец"), Подделница 1.

- Динамички план за ангажирање на Надзорниот тим

Договорниот орган ќе го усогласи динамичкиот план за ангажирање на Надзорниот тим адекватно на зададената Проектната програма. Оттука предложениот динамички план е во согласност со предвидениот временски план за изведба на работите, вклучувајќи го и подготвителниот период како и Гарантниот период.

- Претпоставки и ризици

Подоле се дадени листа на главни претпоставки и ризици во оваа фаза кои што би можеле да влијаат на изведбата на Работите. Истотака се предложени мерки за претпоставените ризици кои би можеле да бидат преформулирани за време на имплементација на Договорот.

| Претпоставки | Мерки на обезбедување |
|---|---|
| Одлично ниво на комуникација и кооперативност помеѓу сите страни вклучени во реализација на проектот. | Надзорниот орган ќе посвети особено внимание на добрата соработка помеѓу инволвираните страни, преку организирање на редовни неделни и месечни состаноци, како и обебзедување на редовен контакт на дневна основа. |
| Поддршка од страна на сите релевантни Владини институции | Постои потеба од ефективна соработка и посветеност помеѓу сите вклучени страни во Договорот. |

| | |
|---|---|
| Стабилна политичко и социјално опкружување | Европската комисија стои на ставот дека Македонија продолжува да ги исполнува критериумите за кандидат за членка во Европската Унија. Ова обезбедува да политичкото и социјалното опкружување во земјата останат стабилни. |
| Адекватни човечки и финансиски ресурси да бидат обезбедени со цел да се обезбеди соодветно спроведување на двата Договори-Договор за Надзор и соодевтниот Договор за Изведба на работите. | Како приоритет во подготвителната фаза, надзорниот орган ќе му биде подршка на Договорниот орган во обезбедувањето на сите потребни процедури за започнување на изведба на работите. |
| Коректно менаџирање на Договорите. | Надзорниот орган ќе се вложува да обезбеди добра комуникација и координација помеѓу различните страни вклучени во проектот, заради коректно координирање и реализација на Договорот. |
| Техничките спецификации и предвидениот нашин на рехабилитација на коловозот се адекватни. | Надзорниот орган ќе ги провери сите документи кои му се достапни на и ќе ги посочи потенцијалните проблеми или недоволните податоци и ќе му даде сугестии и препораки на Инвеститорот за потребни модификации во техничките спецификации и делови од проектната програма во консултација со назначените лица од страна на Инвеститорот. |
| Надзорниот орган ќе го мобилизира својот тим во најкраток можен период, во потполна согласност со Проектната програма и условите на Договор. | Како што е потврдено со оваа Методологија, тимот на експерти дадени во методологијата ќе биде потполно посветен на имплементацијата на овој проект. |
| Временските услови ќе останат нормални за цело време на имплементација на проектот. | Ревизија на динамичкиот план на изведувачот , согласно со временските услови за време на реализиацијата на проектот. |

## *Стратегија*

### 1.2 Преглед на пристапот

Во овој дел од нашата методологија го опишуваме пристапот кој го предлагаме за успешна имплементација на Проектот како и детално претставување на тоа како планираме да извршуваме поединечни задачи, влезните податоци кои ги сметаме за неопходни за постигнување на целите на проектот на ефикасен и задоволителен начин, врз основа на детален преглед на проектната задача. Нашиот севкупен пристап се базира на нашето искуство со слични и споредливи надзорни услуги во регионот, при што детално ги следиме

следните клучни точки:

• Да му дадеме на Инвеститорот гаранција дека работите што ги изведуваат Изведувачите се во согласност со проектот и спецификациите утврдени во Договорите за изградба и дека ќе обезбедат добар поврат на Инвестицијата на работодавачот;

• Блиска комуникација и партиципативен пристап: висок степен на добра комникација е од суштинско значење за постигнување на основен консензус потребен за промовирање на целите на проектот;

• Доделување на соодветен тим на експерти со пристап до техничка и менаџерска поддршка;

• Добро познавање на законодавството за животна средина и безбедност со цел да се осигура дека проектот е изведен на начин кој обезбедува сигурност на целиот персонал и јавноста и со минимално влијание врз околната средина;

• Ефикасно искористување на искуствата стекнати од претходни и тековни проекти за Надзор во Македонија.

Нашата методологија има за цел да дефинира систематски чекори и процеси со цел да се гарантира соодветноста и сигурноста на резултатите и препораките на проектот.

За да се обезбеди успешно управување со Надзорот, Надзорорт ќе спроведе:
- Соодветен пристап за управување со договорот
- Пристап за управување со квалитет
- Стратегија за контрола на трошоците
- Стратегија за контрола на ризиците
- Внимателна изработка на Концептуален/Работен проект за секоја делница
- Поддршка од главната канцеларија секогаш кога за тоа ќе се појави потреба.

➢ Рамка за управување со договорот

Особено е важно да се потенцира дека Инвеститрорт, во консултација со Главниот Надзор, ќе има активна улога во управувањето со проектот, особено ако се појави непредвидена ситуација во текот на проектот. Главните цели на договорот се да работите се завршат, на време и во рамките на буџетот, како и согласно на бараните стандарди за квалитет. Меѓутоа, исто така е неопходно да се знае дека може да настанат околности, понекогаш како резултат на непредвидени исклучително неповолни услови, кога не можат да се постигнат сите три цели.

Најчеста појава се непредвидени околности кои резултираат со одложување на работите, барајќи прилагодување на програмата и можеби дополнителни плаќања. За време на Договорот, одговорност на Главниот Надзор ќе биде да го следи напредокот на работите, да го препознае почетокот на негативни трендови или настани и да формулира предлози за можни насоки за нивно избегнување, ако е можно, или справување со непредвидени услови. Тогаш одговорност на Главниот надзор, во консултација со раководителот на Проектот од страна на ЈПДП, ќе бие да ги разгледа овие ситуации и да избере тек на активностите кој е најсоодветен, во рамките на ограничувањата на Договорот.

Надзорот предлага да се имплементира стратегија за управување со ризици, детално опишана подолу, за следење на прашања кои имаат потенцијал да влијаат на исходот на проектот. Податоците генерирани од овој мониторинг ќе бидат составен дел од нашиот целокупен информативен систем за управување и известување за проектот.

➢ Пристап за управување со квалитет

За време на фазата на надзор при изведбата ќе се донесат процедури за пристап на надзорорт за вршење на сите работи. Процедурите го опфаќаат целиот процес на планирање, контрола и документирање:

• под планирање, треба да се дефинираат и разберат целите, приоритетот и одговорноста на секоја активност;
• под контрола, ќе се воведат мерки за да се обезбеди исполнување на целите и преземање на корективни мерки за да се спречат проблемите;
• документацијата обезбедува подршка за тоа колку добро функционира системот за управување со квалитет за да ги задоволи потребите на Инвеститорот и какви промени можеби ќе бидат потребни.

- Систем за управување со квалитет

  Со повеќе од 40 години искуство, Градежен Институт Македонија АД Скопје има долгогодишна традиција и искуство за обезбедување на квалитет на највисоките професионални стандарди. Со текот на годините, фирмата разви методи и процедури за да се обезбеди завршување на проектите во согласност со нашите договорни обврски и со постојана цел за добивање на целото задоволство на нашите клиенти.
  Овој систем за управување со квалитет (QMS), дизајниран во согласност со барањата на стандардот NF EN ISO 9001: 2015, се однесува на сите активности на компанијата, без оглед на секторот на активност или видот на услугата.
  Системот за управување со квалитет на Градежен Институт Македонија АД Скопје поседува сертификат ISO-9001.

➢ Политика за квалитет:
Трите столба на кои лежи политиката на Градежен Институт Македонија АД Скопје се следните:

- Задоволство на работодавачот, што зависи од нашата способност да ги советуваме, да ги разбереме нивните потреби и брзо и ефикасно да ги исполниме тие потреби.
- Нашиот персонал, без кој оваа консултантска задача нема да може да се изврши.
- Почитување на строгите правила за управување, гарантирајќи ја профитабилноста и одржливоста на нашата активност и без кои нашите односи со клиентите нема да траат долгорочно.

➢ Управување со проекти
Управувањето со проекти е основа на системот за извршување на услугите. Проектот одговара на договорот, а тим за раководење со проектот е назначен за секој проект, и тоа:
- Лидер на тимот кој е "директно одговорен за спроведување на проектот" и за Техничкиот менаџмент на консултантски услуги. Тој го подготвува Планот за квалитет на проектот и гарантира дека е правилно имплементиран
За имплементација на овој проект, Лидерот на тимот и Надзорот ќе бидат во редовен контакт со раководителот на проектот на ЈПДП со цел Инвеститорот да биде информирани за развојот на проектот и на сите прашања кои се јавуваат.

➢ План за квалитет на проектот на услугите за надзор

Планот за квалитет на проектот "ги наведува праксите, средствата и редоследот на активностите кои се однесуваат на специфичниот квалитет на овој проект". Тој особено се однесува на :

- Проектниот тим и одговорностите.
- Проект ризици и превентивни мерки.
- Планот за контрола на проектот и проверката на квалитетот на техничките документи.

➢ Контрола на квалитетот

Контролата на квалитет главно се состои од следниве активности:

• Блиско следење на сите проектни активности за да се осигура дека сите договорни услови се почитуваат и се сиполнети од сите страни,
• Споделување на информациите навремено со засегнатите страни за да се осигура дека одлуките се донесуваат по договорени критериуми / параметри / процедури итн.
• Проверка исполнувањето на задачите во смисла на релевантност (цели, временска рамка, содржина итн.).
• документација за следење на спроведените активности и оценување на постигнувањата.

➢ План за обезбедување на квалитет во областа на надзор

За таа цел ќе го имплементираме нашиот вообичаен стандард за обезбедување квалитет за надзор во градежништвото. Овој систем се заснова на сет од процеси за управување, производство и поддршка прилагодени за активностите за надзор во градежништвото:

• Процесите на управување се однесуваат на управувањето со квалитетот како и управувањето со договорот за консултации.
• Процесите опишуваат како да се постигнуваат барањата на договорниот орган за време на надзорот за изградба. Се работи за почеток на проектот, контрола на количината, контрола на квалитет, еколошка и социјална контрола, управување со договорите за изградба, и затворањето на проектот.
• Процесите на поддршка се однесуваат на управување со ресурси и управување со проектните документи.

Нашиот План за обезбедување на квалитет за надзор во градежништвото содржи целосен пакет документи, вклучувајќи процедури, упатства, внатрешни алатки и обрасци и шаблони кои секојдневно треба да ги користи лидерот на тимот и неговиот надзорен тим, за надзор над работите.

➢ План за обезбедување на квалитет на градежните работи од страна на Изведувачот

Поставувањето на План за обезбедување квалитет станува нормална практика за многу изведувачи на работи кога преземаат важни работи или дела кои вклучуваат одредена техничка спецификација. Во случај да нашата понуда биде избрана, предлагаме да воспоставиме таква постапка, во согласност и со соработка на изведувачот на работи.

Целокупната постапка ќе биде спроведена на овој начин:

• Изведувачот на работите подготвува и доставува План за обезбедување на квалитет на одобрување на Главниот надзор, вклучувајќи План за квалитет кој ги специфицира тестовите што треба да се спроведат за да ги задоволат барањата за квалитет на спецификациите и барањата на проектот.

• Изведувачот работи со своја контрола, наречена "внатрешна контрола". Овој систем е надгледуван од тимот на Надзорот, за да се провери и потврди дека се спроведува целосно и правилно и дека релевантните резултати од тестовите се во согласност со барањата на проектот. Тимот за надзор, особено Надзорниот инженер за геодетски работи и Геометарот, ќе спроведеат независни проверки за да ја потврдат точноста на евиденцијата на изведувачот на работите.

• Инвеститорот и Главниот надзор можат да преземат надворешни контроли, со тоа што ќе донесат независен проверувач, за да извршат случајно тестирање на завршени елементи, како општа верификација на системот за обезбедување на квалитет.

Овој концепт за глобална свест се спроведува преку шемата за квалитативни квалификации дизајнирана и поставена од страна на трите страни, Инвеститорот, Надзорот и изведувачот на работите. Се заснова на Планот за обезбедување на квалитет предложен од изведувачот на работи.

Изведувачот мора јасно да ги наведе следните точки:

• општа организација на локацијата (задачи, персонал- ресурси, организација на внатрешна контрола),
• Квалификација на персоналот вклучен во процесот на градење,
• Детална листа на опрема која ќе ја користи изведувачот,
• Идентификација на клучни одредници во текот на периодот на имплементација,
• Детални процедури за внатрешни и надворешни контроли како што се предвидени на почетокот на работите (контролни листи и контролни прирачници)
• Предложени мерки за избегнување или олеснување на одложувањата во спроведувањето.

➢ Контрола на трошоците

За време на фазата на работа, контролата на трошоците треба главно да се фокусира на проценка на статусот на проектот во споредба со буџетот на проектот. Сепак, Инвеститорот, секогаш треба да има сигурни информации, доколку треба да се донесе одлука во однос на трошоците за проектот.

Стандардните шеми за управување со проекти вклучуваат детално и точно известување за настанатите трошоци и нивна споредба со буџетот на проектот. Покрај тоа, Градежен Институт Македонија АД Скопје воспостави систем за одржување и ажурирање на веродостојни проценети вкупни трошоци за завршување на проектот. Оваа прогноза, со своите основни претпоставки, се покажа како многу корисна за да се справи со настани на специјалност како модификации на обемот на проектот или

побарувањата и решавање спорови.

- На крајот на спроведувањето на проектот, целта е да се води евиденција за настаните кои влијаеле врз неговата цена. Оваа информација потоа може да се обработи за подоцнежна употреба на други проекти или да даде повратна информација до донесувачите на одлуки.
  Системот за контрола на трошоците вклучува повратни информации, да ги спореди проценките со реалноста и да го подобри искуството на Инвеститорот. Тоа вклучува процена на трошоците за договори и проценка на трошоците на проектот. Овие проценки вклучуваат нумерички резултати и коментари за нив и за причините за отстапување од распоредот или буџетот.

- Контрола на ризиците

  Надзорниот орган ја смета контролата на ризиците како една од основите за успешна имплементација на Проектот. Градежен Институт Македонија АД Скопје има развиено и имплементирано специфичен пристап за управување со ризици кон инфраструктурни проекти, за да им помогне на работодавачот и корисниците, преку давање на рани релевантни информации, фокусирајќи се на прашања и предлагајќи прилагодени акции.

  Пристапот за управување со ризик се конституира во следните фази:

  • Идентификација на ризик: идентификување на можните ризици и документирање на нивните карактеристики.
  - Евалуација на ризикот: проценка на важноста на идентификуваните ризици и развој на приоритетни листи на овие ризици за понатамошна анализа или директно ублажување. Експертите на тимот би можеле да спроведат квалитативна евалуација со рангирање на ризиците со степени на веројатност и влијание, вклучувајќи ја и нивната разумна проценка. Исто така, можно е да се направи квантитативна проценка на ризиците врз основа на истовремена проценка на влијанието на сите идентификувани и квантифицирани ризици. Резултатот е распределба на веројатност на цената на проектот и датумот на завршување врз основа на ризиците во проектот.
  - Планирање на ризик / третман на ризик: се фокусира на предметите со висок ризик, проценети во квалитативната и / или квантитативната анализа на ризик. Ги идентификува и назначува страните да ја преземат одговорноста за секој одговор на ризик. Надзорниот орган може да им помогне на корисниците, преку обезбедување на повратни информации за последиците од ваквите акции на слични проекти.
  - Следење и контрола на ризикот (преглед и прилагодување на третман): мониторинг и контрола ги следи идентификуваните ризици, резидуалните ризици и новите ризици. Исто така, обезбедува извршување на планови за одговор на ризик и ја оценува нивната ефективност. Периодичните проверки на ризиците на проектот ги повторуваат задачите за планирање на идентификација, анализа и одговор, бидејќи ризиците можат да се променат за време на имплементацијата на проектот. Редовно можат да се закажат редовни состаноци за ревизија на ризик на проектот за да се осигури дека корисниците се информирани во догледно време за да донесат одлуки и да побараат соодветни активности.

## 1.3 Персонал

Изборот на тимот на Надзорниот орган е направен во се согласно условите утврдени со Проектната задача.

Персоналот на Надзорниот орган ќе биде организиран како еден целосно координиран тим, под целосна управа на Главниот надзор, кој ќе биде лидер на тимот. Одговорноста за секојдневниот надзор на различните позиции – припремни работи, реконструкција на долниот строј на патор, рехабилитација на коловозната површина, одводнување, санација на објекти, вертикална и хоризонтална сигнализација итн. - ќе бидат делегирани на соодветните лица од клучниот персонал како и на соодвтните лица од помошниот персонал одговорни за таа активност.

### 1.3.1. Состав на тимот и нивни задачи

**Надзорен тим**

Под раководство на Главниот надзор, тимот за надзор ќе обезбеди постојано теренско пратење на сите аспекти на работите, за да осигура Изведба која е во се согласно барањата на Договорната документација.

Во согласност со барањата на Проектната програма, членовите на тимот ќе бидат:

А) Клучен персонал

| Позиција | Опис | Експерт |
|---|---|---|
| А.1 | Главен надзорен инженер | Борче Алексовски |
| А.2. | Надзорен инженер за геодетски работи | Драган Петрески |
| А.3. | Надзорен инженер за геотехника и материјали | М-р Зоран Ѓорѓиевски |
| А.4. | Надзорен инженер за конструкции и објекти | М-р Драган Стамев |
| А.5. | Надзорен инженер за асфалтерски работи | Ќазим Адровиќ |
| А.6. | Надзорен инженер за заштита на животна средина | М-р Габриела Дуданова Лазаревска |
| А.7. | Надзорен инженер за електрични инсталации и постројки | М-р Дарко Трајаноски |
| А.8. | Надзорен инженер за сообраќајно инженерство | Андон Петровски |

Клучен персонал А.1 – Главен надзорен инженер

Главниот надзорен инженер ќе биде одговорен за севкупното управување со надозрниот тим и ке делува како FIDIC "Инженер" на Проектот. Тој ќе биде одговорен за надгледување и координација на персоналот на терен, организирање на секоја неопходна поддршка, како и за комуникација и координација со Инвеститорот. Тој ќе ја има улогата на Инженер согласно во членот 3.2 од FIDIC условите за договорот, и ќе биде во тесна врска со Инвеститорот за цело време на траење на Договорот. Главниот инженер, исто така ќе биде и "Претставник на Инженерот".
Тој ќе делегира задачи на останатите членови на персоналот на Надзорниот орган, во согласност со условите на Договорот и по претходна согласност од страна на Инвеститорот.

Накратко, Главниот надзорен инженер ќе биде одговорен за сите аспекти на работата на тимот за надзор.
Неговите должности ги ќе вклучуваат, но нема да бидат ограничени на оние кои се опишани во детали во точка 4 од Преоектната задача.
Тој исто така ќе биде одговорен за:
одржување на врски со сите страни, вклучувајќи го Инвеститорот, Изведувачите и корисниците и ќе настојува во секое време да промовира добри работни односи меѓу сите страни за да се обезбеди успешна имплементација и завршување на проектот;
следење на сите кореспонденции и комуникација на градилиштето за да осигура почитување на Договорната документација
следење на сите аспекти на Програмата и напредок на работите, вклучувајќи ја мобилизацијата на Изведувачот; евалуацијата на ефектите од Програмата; известувања со посебен осврт на можни настани кои би предизвикале продолжување на рокот, известување за напредокот на работите на неделна основа; организирање на месечни состаноци за напредок на работите; изработка на месечни и квартални извештаи за извршен надзор; анализи на причините за продолжување на рокот и предлагање на можни начини на нивно решавање;
обезбедување дека Надзониот тим работи во граници на нивните должности и одговорности кои им се доделени од страна на Главниот надзорен инженер и дека ги упатуваат сите прашања за кои немаат потребни овластувања назад до Главниот Надзорен Инженер;
мерење на количините на изведените работи и контрола и оверување на времените и конечни ситуации
обезбедување на исполнување на должностите на консултантот за финансиско следење на работите, вклучувајќи: анализи на реалните парични текови на Изведувачот во споредба со нивните предвидувања; предвидувајќи го понатамошниот готовински тек, врз основа на сопствените проценки; и алармирање за било каква промена во предвидувањата на исплатите.
следење на сите прашања кои би можеле да предизвикаат ризик за Инвеститорот, како и советување за можни начини за избегнување или минимизирање на ризикот;
следење на сите потенцијални побарувања на Инвеститорот според одредбите од ченот 2.5 од FIDIC условите за договорот и советување за издавање на известување за побарување.
подготовка на инструкции, вклучително и варијации со образложение, заедно со тимот за надзор и Инвеститорот
спроведување на анализи на побарувањата на Изведувачот и давање препораки по истите;
подготвување на документи до Одборот за одлучување за спорови или за арбитража;
издавање на потврда за примопредавање

Клучен перснал А.2 – Надзорен инженер за геодетски работи

Надзорен инженер за геодетски работи ќе биде одговорен за проверка на бележења и осигурувања на сите видови работи и ќе бидат клучен учесник во мерењето на завршените работи за плаќање.

Надзорен инженер за геодетски работи ќе биде одговорен за проверка на мерењата извршени од страна на Изведувачот пред, за време и по изведба на секоја позиција и ќе учество во мерењето на завршените позиции за плаќање.
Тој исто така ќе работи во тесна соработка со другите членови на тимот за проверка на мерењата и количините на завршените работи.
Тој ќе биде ангажиран (со потребна геодетска опреама) во зависност од динамиката на реализација на Проектот.

Клучен перснал А.3 – Надзорен инженер за геотехника и материјали

Надзорниот инженер за геотехника и материјали ќе му помогне на Главниот надзорен инженер при контролата на квалитетот на изведбата на земјаните работи, ќе врши прием на изведени позиции на работи и ќе дава коментари и сугестии на динамичките планови на изведувачот, и ќе ги разгледува и коментира техничките решенија и цртежи изработени од страна на Изведувачот на работите.
Тој исто така ќе му помогне на Главниот надзорен инженер за прашања за материјалите кои ќе се вградуваат, а во врска со Законот за градежни производи (Сл.весник на РМ бр. 104/2015), при вршење на контрола на материјалите кои ќе се користат при реализација на Проектот.

Клучен перснал А.4 – Надзорен инженер за конструкции и објекти

Надзорен инженер за конструкции и објекти ќе му помогне на Главниот надзорен инженер при контролата на квалитетот на изведбата на конструкциите и објектите, ќе врши одобрување на материјали за вградување, контрола и одобрување на Проектите за бетон и рецептурите за бетон, ќе врши прием на изведени позиции на работи, ќе дава коментари и сугестии на динамичките планови на изведувачот, и ќе ги разгледува и коментира техничките решенија и цртежи изработени од страна на Изведувачот на работите.

Клучен перснал А.5 – Надзорен инженер за асфалтерски работи

Надзорен инженер за асфалтерски работи ќе му помогне на Главниот надзорен инженер при контролата на квалитетот на изведбата на асфалтерските работи, ќе врши одобрување на материјали за вградување, контрола и одобрување на рецептурите за асфалт, ќе врши прием на изведени позиции на работи, ќе дава коментари и сугестии на динамичките планови на изведувачот, и ќе ги разгледува и коментира техничките решенија и цртежи изработени од страна на Изведувачот на работите.

Клучен персонал А.6 – Надзорен инженер за заштита на животна средина

Експертот за заштита на животна средина ќе му помогне на Главниот надзорен инженр за прашања поврзани со градежните активности на трасата од аспект на животната средина и да обезбеди усогласеност со Планот за заштита на животната средина, барањата од Договорот и важечките Закони за заштита на животната средина.

Клучен персонал А.7 – Надзорен инженер за сообраќајно инженерство

Надзорен инженер за сообраќајно инженерство ќе му помогне на Главниот надзорен инженер при контролата на квалитетот на изведбата на опремата на патот, ќе врши одобрување на хоризонталната и вертикалната сигнализација, и материјалите за опремата на патот, ќе врши прием на изведени позиции на работи, ќе дава коментари и сугестии на динамичките планови на изведувачот, и ќе ги разгледува и коментира техничките решенија и цртежи изработени од страна на Изведувачот на работите.

Клучен персонал А.8 – Надзорен инженер за електрични инсталации и постројки

Надзорен инженер за електрични инсталации и постројки ќе му помогне на Главниот надзорен инженер при контролата на квалитетот на изведба на електричните инсталации, ќе врши одобрување на материјалите и опремата кои се планираат да се вградат, ќе врши прием на изведени позиции на работи, ќе дава коментари и сугестии на динамичките планови на изведувачот, и ќе ги разгледува и коментира техничките решенија и цртежи изработени од страна на Изведувачот на работите

Геометрите ќе бидат одговорни за проверка и на сите бележења и осигурувања на работите и ќе бидат клучен учесник во мерењето на завршените работи за плаќање.

Геометрите ќе биде одговорни за проверка на мерењата извршени од страна на Изведувачот пред, за време и по изведба на секоја позиција и ќе учество во мерењето на завршените позиции за плаќање.
Тие исто така ќе работат во тесна соработка со другите членови на тимот за проверка на мерењата и количините на завршените работи.

Тие ќе биде ангажирани (со потребна геодетска опреама) во зависност од динамиката на реализација на планираните делници за рехабилитација

Б) Помошен технички и друг персонал

| Позиција | Опис | Експерт |
|---|---|---|
| Б.1 | Геометар (за експропријација + траса) со потребна опрема | Б.1. М-р Дејан Марковски |
| Б.2 | Технички лица за лабораториски и тернски испитувања | Б.2.1. Горан Трајковски<br>Б.2.2. Александар Арсовски |

В) Персонал за административна подршка

За цело време на реализација на Проектот Надзорниот орган ќе обезбеди административна подршка и тоа:
В.1 Технички секретар кој ќе му помегне на персоналот во делот на канцелариски работи.

### 1.3.2. Организациска шема на тимот




### 1.3.3. Избор на тимот

Во согласност со Проектната задача, Градежниот институт Македонија го избра предложениот тим на Надзори на начин кој најдобро ќе ги исполни барањата на овој Проект и на работните задачи.

Надзорниот тим е избран според следниве критериуми:

- Големо искуство во нивната област на експертиза
- Претходно искуство
- Способност за комуникација, организирање и работа во големи интердисциплинарни тимови
- Познавање на Македонските закони, процедури и стандарди

Надзорниот орган, исто така, ќе обезбеди технички секретар кој ќе биде задолжен за секретарските и логистичките задачи.
Надзорниот орган исто така ќе обезбеди помош и поддршка од централната канцеларија во решавањето на техничките, финансиските или економските проблеми со кои тимот на Надзорот може да се соочи на терен, при што ќе се потпре на знаењето и стручноста на 113 вработени експерти од различни области.

## 1.4. Приод кон задачата

Врз основа на барањата од Проектната задача, Надзорниот орган подготви опис на главните задачи што треба да се извршат за време на фазите на Проектот, што воедно претставува методологија за начинот на извршување на услугите.
Одговорностите на секој член на тимот на Надзорниот орган при вршењето на задачата, се детално дефинирани во Делот 2.2.1. - Состав на тимот и задачи.
Надзорот идентификуваше три главни групи на активности, а за секоја група активности ги идентификуваче различните должности, кои во целост ги опфаќаат сите делови опишани во точка 3 од Проектната задача, и тоа:

- Фаза пред почеток на изградба
- Фаза за време на изградба
- Фаза после изградба

### 1.4.1. Рамка на задачи

Сите активности кои треба да се спроведат за време на траењето на проектот се групирани во следните Модули:

| | |
|---|---|
| Модул 100 | Активности пред почетокот на изградбата |
| Модул 200 | Надзор над изградбата и контрола на квалитетот |
| Модул 300 | Управување со Договорот и контрола на мерењата и плаќањата |
| Модул 400 | Мониторинг |
| Модул 500 | Документација |
| Модул 600 | Услуги за време на гарантниот период |
| Модул 700 | Извештаи |

**Листа на задачи**

| | |
|---|---|
| ***МОДУЛ 100: Активности пред почетокот на изградбата*** | |
| 101 | Мобилизација на консултантскиот тим |
| 102 | Проучување и преглед на техничките спецификации, Договорната документација, состојбата на трасата итн... |
| 103 | Издавање на налог за отпочнување со работите |
| **МОДУЛ 200: Надзор над изградбата и контрола на квалитетот** | |
| 201 | Предавање на трасата на Изведувачот |
| 202 | Проверка и одобрување на геодетските снимки на постоечка состојба на трасата |
| 203 | Одобрување на Динамичкиот план на Изведувачот |

| | |
|---|---|
| 204 | Одобрување на системот за осигурување на квалитетот на Изведувачот |
| 205 | Одобрување на материјали и извори на материјали |
| 206 | Надзор над градежните работи |
| 207 | Надзор над мерките за контрола на квалитетот и лабораториските и теренските испитувања |
| 208 | Одобрување на Проект за бетон |
| 209 | Наредби за отстранување или поправка на недобро извршени работи и несоодветно вградени материјали |
| **МОДУЛ 300: Управување со договорот и контрола на мерењата и плаќањата** | |
| 301 | Помош на Инвеститорот при имплементацијата и управувањето со проектот |
| 302 | Интерпретација на Договорната документација и техничките спецификации |
| 303 | Преглед и осигурување дека гаранциите на Изведувачот се во определениот формат и дека се валидни |
| 304 | Подготовка на предвидувања во движењето на финансиските елементи на проектот (Cash Flow) |
| 305 | Преглед и одобрување на клучниот персонал на Изведувачот |
| 306 | Инспекција на механизацијата на Изведувачот, како и на лабораториската опрема |
| 307 | Инспекција на објектите на Изведувачот |
| 308 | Обезбедување на јавна безбедност, како и безбедност на трасата, вклучувајќи ја и безбедноста на работната сила |
| 309 | Одобрување на работни цртежи, како и на работилнички времени цртежи |
| 310 | Спроведување на мерења на количини и нивни одобрување |
| 311 | Одобрување на времени и крајна ситуација |
| 312 | Одобрување на завршеноста на работите и помош при издавање на Изјавата за завршеност и Употребната дозвола |
| 313 | Подготовка на варијации за одобрувањето од Инвеститорот |
| 314 | Проценка на отштетните побарувања на Изведувачот вклучувајќи и продолжувања на рокот за изградба |
| 315 | Помош при арбитражата, проверките и проценките од страна на претставникот на ЈПДП за арбитража |
| 316 | Обезбедување на дополнителни специјални услуги на барање на Инвеститорот |
| 317 | Гарантирање на имплементацијата на барањата од проектот за сигурност на патот |
| **МОДУЛ 400: Мониторинг** | |
| 401 | Следење на напредокот на работите |
| 402 | Редовни месечни состаноци со Изведувачот и Инвеститорот за напредокот на работите |
| 403 | Издавање на забелешки до Изведувачот за бавен напредок на работите, или пропусти при изведбата и сл. |
| 404 | Спроведување на мониторинг на мерките за заштита на животната средина |
| 405 | Следење и извештаи за имплементацијата на проектот за експропријација |

| МОДУЛ 500: Документација | |
|---|---|
| 501 | Водење на точна евиденција за сите мерења и пресметки (ситуации) |
| 502 | Водење точна евиденција на испитувањата за контрола на квалитетот |
| 503 | Контрола на Водењето на евиденција за опремата, работната рака и механизацијата на изведувачот. |
| 504 | Верификација на проектот на изведена состојба подготвен од страна на Изведувачот |
| 505 | Верификација на Градежниот дневник |
| **МОДУЛ 600: Услуги за време на гарантниот период** | |
| 601 | Спроведување на инспекции за време на гарантниот период и издавање на Сертификат по гарантниот период |
| 602 | Подготовка и издавање на финалната ситуација |
| **МОДУЛ 700: Извештаи** | |
| 701 | Доставување на Почетен извештај во рок од две недели после почеток на градежните работи |
| 702 | Доставување на Месечни извештаи за напредување на работите |
| 703 | Доставување на Месечни извештаи за напредокот на експропријацијата на земјиштето |
| 704 | Квартални извештаи за напредување на работите за време на фазата на изградба |
| 705 | Извештаи (на секои 3 месеци) за имплементирање на мерките за заштита на животната средина и социјални аспекти |
| 706 | Годишен извештај за животна средина и социјални аспекти според образец на ЕБОР |
| 707 | Ургентни извештаи кога работите на Проектот тоа го условуваат |
| 708 | Доставување на Детален завршен извештај за потребите на примопредавање на проектот и добивање на Одобрение за употреба |
| 709 | Доставување на Извештај за комплетирање на Работите во рок од еден месец од издавањето на Потврдата (Одобрение за употреба) за предавање од надлежниот државен орган |
| 710 | Доставување на Извештај за одржувањето на секои 4-6 месеци после почетокот на Гарантниот рок |
| 711 | Доставување на Извештаи на секои 4-6 месеци за утврдување и отстранување на недостатоците во гарантниот рок |
| 712 | Доставување на Завршен извештај еден месец после издавањето на Конечната ситуација за исплата и истекот на гарантниот рок |

### 1.4.2. Методологија на задачите

Следниот текст ја опишува накратко предложената методологија која ќе се користи за исполнување на индивидуалните задачи за време на услугите за Надзор. Но сепак, можни се модификации и прилагодувања во зависност од актуелните случаи, доплнителните непредвидени работи и услови кои може да се јават при изградбата. Доколку вакви модификации и дополнувања станат неопходни, тие ќе бидат претставени на Инвеститорот, за нив ќе се дискутира и ќе биде потребно да бидат одобрени.

## МОДУЛ 100: Активности пред почетокот на изградбата

### Задача 101 - Мобилизација на консултантскиот тим

Веднаш по добивањето на допис од страна на Инвеститорот, со кој се налага отпочнување на активностите, Надзорниот тим ќе се мобилизира. Ќе се закаже и одржи почетен состанок со Инвеститорот за да се добие слика на состојбата во која се наоѓа проектот. Главниот надзор ќе оформи теренска канцеларија (веднаш по определувањето на подобниот Изведувач и контактите остварени со него) и ќе ги иницира активностите кои претходат на изградбата.

### Задача 102 : Проучување и преглед на техничките спецификации, Договорната документација, состојбата на трасата итн...

Надзорниот орган внимателно ќе ги простудира достапните технички спецификации, договорна дкументација и состојбата на трасата за да навлезе во суштината на проектот и неговото имплементирање. Главна цел е да се пронајдат било какви аномалии или делови кои се разликуваат во однос на реалните услови на трасата. Оваа активност ќе се изведе веднаш, како дел од активностите пред отпочнување на изградбата на проектот и ќе бидат завршени што е можно побрзо, во времето кога Изведувачот ја врши својата мобилизација на механизација и работна сила на трасата. Овој преглед на проектната документација ќе содржи:

- Преглед на геодетските податоци
    - Планиметриска контрола
    - Вертикална контрола
    - Детали
- Преглед на испитувањата за достапност на материјали
- Преглед на осовинската линија со теренска контрола
- Преглед на цртежите, спецификациите и Договорната документација
- Преглед на Предмерот на работите
- Преглед на проектот
    - Конфигурација на трасата
    - Ископи
    - Насипи
    - Потпорни ѕидови
    - Дренажи и пропусти (одводнување на трасата)
    - Други објекти
    - Безбедност на сообраќајот
    - Мерки за заштита на животната средина

### Задача 103 : Издавање на налог за отпочнување со работите

Надзорниот орган, со одобрување од Инвеститорот, ќе издаде налог за отпочнување со работите на Изведувачот, на предвидениот проект.

## *МОДУЛ 200: Надзор над изградбата и контрола на квалитетот*

### Задача 201 : Предавање на трасата на Изведувачот

Надзорот ќе му помага на Инвеститорот за претходните активности кои се потребни за предавање на трасата во владение на Изведувачот.

### Задача 202: Проверка и одобрување на геодетските снимки на постоечка состојба на трасата

Изведувачот, според деталите кои му се на располагање ќе организира геодетско снимање на постоечката состојба. Овие снимкик ќе бидат проверени од Надзорниот орган и неговите помошници, за да се констатира точноста на истото. Врз основа на овие снимки, ккао и врз основа на утврдениот најоптимален анчин на рехабилитација на коловозот, инженерот за поректирање ќе изврши изработка на работен проект. Надзорниот орган исто така ќе ги провери, откако Изведувачот ќе ги исколчи и сите помошни геодетски точки потребни за трасирање на проектот.

### Задача 203: Одобрување на Динамичкиот план на Изведувачот

Надзорниот орган ќе го провери Динамичкиот план доставен од Изведувачот и ако има потреба ќе му наложи да изврши преправки на определени позиции кои според негово мислење се погрешно поставени во временската рамка. На крајот, по сите корекции, ако ги има, Надзорниот орган ќе го одобри Динамичкиот план.

### Задача 204: Одобрување на системот за осигурување на квалитетот на Изведувачот

Надзорниот орган ќе го провери системот за контрола на квалитет доставен од Изведувачот и ако има потреба ќе му наложи да изврши преправки на определени позиции кои според негово мислење се погрешно опишани. На крајот, по сите корекции, ако ги има, Надзорниот орган ќе го одобри системот за контрола на квалитет.

### Задача 205: Одобрување на материјали и извори на материјали

Изворите на материјали (позајмишта и каменоломи), дефинирани во фазата на проектирањето на трасата, ќе бидат проверени од страна на надзорниот орган, со цел да се утврди дали квалитетот на материјалот одговара на извештаите доставени од проектантот и дали истиот одговара да биде вграден според стандардите во градежништвото. Изведувачот може исто така да дефинира и алтернативни извори на материјали, кои исто така ќе бидат предмет на проверка и одобрување од страна на Надзорниот орган. Исто така Надзорниот орган ќе го провери квалитетот и на сите останати материјали кои Изведувачот има намера да ги вгради во проектот и истите ќе ги одобри, доколку се во согласност со стандардите.

## Задача 206: Надзор над градежните работи

Надзорниот орган ќе планира и извршува постојана контрола на работата на Изведувачот (Надзор) и тоа на сите негови активности вклучувајќи земјани работи, бетонски работи, коловозна конструкција, дренирање на трасата, објекти, мерки за заштита на животната средина и др.

Работата на оваа задача опфаќа:

- Контрола на проектот
- Контрола на локацијата
- Контрола на материјалите
- Техничка контрола
- Финансиска контрола
- Менаџирање со проектот и временска контрола
- Пристапни патишта и нивна контрола
- Контрола на напредокот на работите за следните позиции:
  - Припремни работи
  - Земјани работи
  - Коловозна конструкција – постелка и тампон
  - Коловозна конструкција – асфалтни слоеви
  - Дренажи и пропусти
  - Санација на објекти
  - Опрема на патот

## Задача 207: Надзор над мерките за контрола на квалитетот и лабораториските и теренските испитувања

Надзорниот орган ќе врши надзор над секојдневните активности врзани со работатата на теренската лабораторија на Изведувачот, при што ќе се развие механизам за спроведување на адекватен број на независни испитувања, надвор од регуларните испитувања со цел да се осигура прифатливоста на извршените работи и вградените материјали. Исто така ќе се врши редовна контрола на лабораториската опрема, во смисла на редовното калибрирање на истата, како и на нејзината функционалност. За сите испитувања ќе се водат записи кои исто така се предмет на контрола.

## Задача 208 : Одобрување на Проект за бетон

Со цел да се изведат квалитетни работи на санација на објектите потребно е Изведувачот да подготви и достави на одобрување Проект за бетон. Проектот за бетон ќе биде предмет на проверка од страна на Надзорниот орган. По одобрувањето на истиот од Надзорниот орган, Изведувачот ќе може да отпочне со бетонски работи за санација објектите.

### Задача 209 : Наредби за отстранување или поправка на недобро извршени работи и несоодветно вградени материјали

Позициите каде извршените работи или вградените материјали не одговараат на бараните стандарди за квалитет ќе бидат одбиени од страна на Надзорниот орган, како недоволно квалитетно извршени работи и истите ќе бидат предмет на повторна изработка.

## *МОДУЛ 300: Управување со договорот и контрола на мерењата и плаќањата*

### Задача 301: Помош на Инвеститорот при имплементацијата и управувањето со проектот

Надзорниот орган ќе му помогне на Инвеститорот при администрирањето на проектот особено за следниве позиции:

- Издавање на писмо за отпочнување на работите до Изведувачот,
- Локација на разни инсталации на Изведувачот,
- Прифатливост на варијациите во Договорот,
- Потреба од продолжување на рокот за завршување на работите,
- Проверка на времените ситуации,
- Примопредавање на завршените работи,
- Финализирање на завршната ситуација на Изведувачот,
- Рефундирање на задржаните средства на Изведувачот,
- Справување со отштетни побарувања и спорови.

### Задача 302: Интерпретација на Договорната документација и техничките спецификации

Надзорниот орган ќе му помогне на Инвеститорот при интерпретацијата на Договорната документација и техничките спецификации. Секое недоразбирање или недостојност во документацијата ќе биде разрешено. Во случај на комплицирани договорни прашања, ќе се бараат соодветни совети од надлежни организации се со цел да се дојде брзо и ефикасно до соодветно решение.

### Задача 303: Преглед и осигурување дека гаранциите на Изведувачот се во определениот формат и дека се валидни

Надзорниот орган ќе врши преглед на сите документи доставени од Изведувачот, а кои се однесуваат на разни гаранции, како што се банкарска гаранција и сл. со цел да утврди дали истите одговараат на пропишаните обрасци и дали датумите на важност се коректни и валидни. Доколку некој од овие документи е пред истекување, Надзорниот орган навремено ќе побара нов од Изведувачот.

### Задача 304: Подготовка на предвидувања во движењето на финансиските елементи на проектот (Cash Flow)

Надзорниот орган ќе подготвува редовни месечни прегледи за финансиските движења на проектот (Cash Flow).

### Задача 305: Преглед и одобрување на клучниот персонал на Изведувачот

Надзорниот орган ќе прегледува и одобрува кандидати предложени од Изведувачот кои ќе бидат негов технички персонал на трасата. Исто така ќе се даваат предлози за зголемување или намалување на истиот во зависност од потребите.

### Задача 306: Инспекција на механизацијата на Изведувачот, како и на лабораториската опрема

Надзорниот орган ќе врши редовна инспекција на механизацијата и лабораториската опрема на Изведувачот со цел да се утврди исправноста и подобноста за користење на истата за потребите на проектот.

### Задача 307: Инспекција на објектите на Изведувачот

Надзорниот орган ќе врши инспекција од време на време за да се осигура дали Изведувачот правилно ги одржува своите објекти, како што се бетонската база, асфалтната база, работилниците. Доколку најде неправилности ќе му укажува за тоа на Изведувачот и ќе бара нивно отстранување.

### Задача 308: Обезбедување на јавна безбедност, како и безбедност на трасата, вклучувајќи ја и безбедноста на работната сила

Надзорниот орган ќе се грижи Изведувачот да не врши активности кои ја загрозуваат јавната безбедност, како и безбедноста на неговите работници. Ако се уочат такви активности, Надзорниот орган ќе му наложи на Изведувачот да превземе мерки за нивно отстранување.

### Задача 309: Одобрување на работни цртежи, како и на работилнички времени цртежи

Надзорниот орган ќе ги врши следниве активности:

- Проучи и одобри работните цртежи на Изведувачот,
- Подготви модифицирани работни цртежи ако истите се бараат за било каква варијација на Договорот,
- Одобри работилничките времени цртежи,
- Одобри цртежите за времени работи на Изведувачот,
- Осигура дека одобрените цртежи се целосни, конзистентни и доволни за проектот

### Задача 310: Спроведување на мерења на количини и нивно одобрување

Надзорниот орган ќе воспостави квалитативно и квантитативно прифатливи методи за мерење на количините на Изведувачот. Сите мерења на количините за наплата ќе ги врши Изведувачот, под контрола на Надзорниот орган. Конечните количини ќе бидат предмет на проверка и одобрување на Надзорниот орган.

### Задача 311: Одобрување на времени и крајна ситуација

Надзорниот орган ќе ги проверува и одобрува времените ситуации на Изведувачот доколку квалитетот на извршените работи доспеани за наплата е задоволителен, а количините точни и прецизни.
За секоја времена ситуација Надзорниот орган ќе провери:

- Дали задршките се одбиени од времената сума
- Дали е пресметан ДДВ и други даноци
- Дали се вратени евентуални плаќања на материјал на траса
- Дали разликите во цени се пресметани според договорот и важечките индекси на цени и трошоци
- Дали работата е изведена според барањата на прирачникот за контрола на квалитет
- Дали се води редовно градежната книга која е база за формирање на времената ситуација.

### Задача 312: Одобрување на завршеноста на работите и помош при издавање на Изјавата за завршеност и Употребната дозвола

Кога работите се доволно завршени, Надзорниот орган ќе изврши инспекција и ќе состави листа на недовршени работи (SNAG LIST) по која Изведувачот ќе треба да постапи и во потполност да ги заврши недовршените работи. Во исто време надзорниот орган ќе му препорача на Инвеститорот да ја отпочне постапката за Примопредавање на проектот и издавање на Употребна дозвола од страна на релевантните Министерства.

### Задача 313: Подготовка на варијации по одобрување од Инвеститорот

Варијациите се потребни тогаш кога постои измена во опфатот на работите како што се:

- Недостатоци или испуштени работи во договорот,
- Зголемени или намалени количини над или под процентот специфициран во Договорот,
- Нови работи непредвидени во текот на изработката на проектот,
- Измена во проектот за било која позиција од Договорот,
- Фиксирање цени за работи за кои во Договорот не се предвидени цени.

Надзорниот орган ќе му помага на Инвеститорот при преговорите за чинењето на изменетите или непредвидените работи. Формата на варијациите е веќе

стандардизирана од страна на Надзорниот орган и истата се користи во последниве десетина години како стандардна форма на варијација.

## Задача 314: Проценка на отштетните побарувања на Изведувачот вклучувајќи и продолжувања на рокот за изградба

За време на траењето на Договорот може да се случи Изведувачот од оправдани или неоправдани причини да побара продолжување на рокот за завршување на работите, односно да поднесе отштетно побарување кое може да биде или само временско продолжување или продолжување на рокот со исплата за претрпени штети. Надзорниот орган ќе му помага на Инвеститорот при евалуацијата на ваквите барања од страна на Изведувачот и ќе му даде предлог дали истите да бидат прифатени или не.

## Задача 315: Помош при арбитражата, проверките и проценките од страна на претставникот на ЈПДП за арбитража

Доколку се јави спор при спроведувањето на проектот, Надзорниот орган ќе му помага на Инвеститорот при решавањето на истиот.

## Задача 316: Обезбедување на дополнителни специјални услуги на барање на Инвеститорот

Доколку тоа е потребно и се бара од Инвеститорот, Надзорниот орган ќе ги обезбеди следните услуги како Дополнителни услуги:

a. Подготовка на извештаи, вклучувајќи технички проценки, подготовка на дополнителна договорна документација и преглед и коментар на предлозите од Изведувачот, ако тоа се бара за било која дополнителна работа потребна за успешно завршување на проектот, и
b. обезбедување на било какви други специјални услуги.

Сите дополнителни услуги, освен оние со мала вредност кои не го оптоваруваат опфатот на работите, ќе се спроведуваат како активности одобрени од Инвеститорот по цени кои се наведени во консултантскиот договор, а ако истите не се наведени, по цени кои ќе бидат договорени меѓу Инвеститорот и Надзорниот орган. Доколку услугите кои се бараат инволвираат стручњаци кои не се наведени во Договорот, тогаш и цените на тие услуги ќе бидат предмет на договор меѓу двете страни.

## Задача 317: Гарантирање на имплементацијата на барањата од проектот за сигурност на патот

Надзорниот орган ќе осигура дека Изведувачот ги превзема сите потребни мерки за сигурност и безбедност на работата, работниците и околните поседи при изведбата на градежните активности.

## МОДУЛ 400: Мониторинг

### Задача 401 : Следење на напредокот на работите

Надзорниот орган ќе воведе соодветен систем за следење на напредокот на работите на трасата, опишан во задача 105.

### Задача 402 : Редовни месечни состаноци со Изведувачот и Инвеститорот за напредокот на работите

Надзорниот орган ќе организира и свикува редовни месечни состаноци во својата канцеларија на кои ќе присуствуваат Инвеститорот, Изведувачот и Надзорниот орган. На овие состаноци Изведувачот ќе биде поканет да го презентира напредокот на работите на трасата, кој ќе биде предмет на анализа и критика од страна на Надзорниот орган. Ќе се разгледуваат и можни начини или предлози како истиот да се забрза или подобри, доколку е во застој. По согледувањето на реалниот напредок на работите, ќе се разгледуваат сите проблеми кои се јавиле на трасата, начинот на кој се решени или треба да се решат, како и можноста за настанување на нови проблеми и начини на нивно решавање.

### Задача 403 : Издавање на забелешки до Изведувачот за бавен напредок на работите, или пропусти при изведбата и сл.

Надзорниот орган ќе доставува дописи до Изведувачот доколку:

- Постои слаб напредок на работите;
- Отстапувања од Динамичкиот план на Изведувачот;
- Подготовка на ревидиран Динамички план, доколку основниот веќе не одговара на реалниот напредок на трасата;
- Прекин на работите (со одобрување од Инвеститорот).

### Задача 404 : Спроведување на мониторинг на мерките за заштита на животната средина

Надзорниот орган ќе осигура дека градежните методи кои ги користи Изведувачот се задоволителни во поглед на општата сигурност на јавната сопственост и се во согласност со насоките на ЈПДП во поглед на заштитата на животната средина.

- ### Задача 405 : Следење и извештаи за имплементацијата на проектот за експропријација

Доколку има потреба од експропријација на приватни поседи за потребите на проектот, Надзорниот орган ќе му помага на Инвеститорот при реализацијата на постапката.

## МОДУЛ 500: Документација

### Задача 501: Водење на точна евиденција за сите мерења и пресметки (ситуации)

Надзорниот орган систематски ќе води датотека од резултатите од мерењата на завршените работи за секој месец (количини) вклучувајќи ја тука и градежната книга и датотека за извршените исплати по времените месечни ситуации. Ова е потребно за полесно пресметување и определување на конечната вредност на проектот, како и за евентуално решавање на спорови кои може да настанат во текот на изградбата.

### Задача 502: Водење точна евиденција на испитувањата за контрола на квалитетот

Надзорниот орган ќе води во координација со Изведувачот евиденција за сите испитувања направени на терен и во лабораторија. За секое испитување ќе се води точна евиденција на локацијата на која било извршено, времето, резултатот од испитувањето и сл.

### Задача 503: Водење евиденција за опремата, работната рака и механизацијата на изведувачот

Надзорниот орган ќе води евиденција за присутвото на механизација, опрема и работна сила на Изведувачот, секојдневно, на трасата, како и за времето во часови во кое тие биле активни во текот на денот. Со понудата Изведувачот ќе достави и список на опрема, механизација и работна сила која има намера да ја користи во текот на изградбата, а Надзорниот орган ќе утврдува дали наброената опрема е навистина присутна на трасата, и ако не е ќе бара истата да биде донесена. За секоја замена на механизацијата, Изведувачот ќе треба да побара одобрување од Надзорниот орган.

### Задача 504 : Верификација на проектот на изведена состојба подготвен од страна на Изведувачот

Надзорниот орган ќе води евиденција за датумите и деталите за секој дел од трасата кој бил предаден на Инвеститорот (доколку Изведувачот реши да предава дел по дел од трасата). За секој од тие делови или за целиот проект во целина, Изведувачот ќе подготви проект на изведена состојба, кој ќе биде предмет на преглед, проверка и одобрување на Надзорниот орган.

### Задача 505 : Верификација на Градежниот дневник

Надзорниот орган ќе го прегледува и оверува градежниот дневник кој Изведувачот секојдневно ќе го води на трасата. Во дневникот ќе се води евиденција за бројот на работната сила, присутната механизација, временските услови и температурата, активностите кои тој ден се изведувале на трасата.

## МОДУЛ 600: Услуги за време на гарантниот период

### Задача 601 : Спроведување на инспекции за време на гарантниот период и издавање на Сертификат за гарантниот период

После комплетирање на работите, Надзорниот орган ќе врши инспекција на работите периодично и ќе му помага на Договорниот орган по административни прашања кои се однесуваат на договорот за изградба. Задачите ќе вклучуваат, но не се ограничени на:

- Повремена инспекција на отстранувањето на штетите од страна на Изведувачот (на секои 2 месеци).
- Да изработи и издаде Завршна ситуација за исплата,
- Да препорачува враќање на гаранциите и гарантниот депозит.
- Извештај за сите активности во гарантниот период

### Задача 602 : Подготовка и издавање на финалната ситуација

По изминувањето на гарантниот период Изведувачот треба да достави Финална ситуација за завршување на работите. Тогаш се расчистуваат сите долгови кои евентуално постојат меѓу Инвеститорот и Изведувачот и се дефинира конечната сума на чинење на проектот.

## МОДУЛ 700: Извештаи

### Задача 701 до 712 : Доставување на Извештаи за почетокот на работите

Надзорниот орган, за време на извршување на неговите услуги, ќе му ги обезбеди на Инвеститорот извештаи:

1. Почетен извештај во рок од две недели после почеток на градежните работи,
2. Месечни извештаи за напредување на работите,
3. Месечни извештаи за напредокот на експропријацијата на земјиштето,
4. Квартални извештаи за напредување на работите за време на фазата на изградба,
5. Извештаи (на секои 3 месеци) за имплементирање на мерките за заштита на животната средина и социјални аспекти,
6. Годишен извештај за животна средина и социјални аспекти според образец на ЕБОР,
7. Ургентни извештаи кога работите на Проектот тоа го условуваат,
8. Детален завршен извештај за потребите на примопредавање на проектот и добивање на Одобрение за употреба,
9. Извештај за комплетирање на Работите во рок од еден месец од издавањето на Потврдата (Одобрение за употреба) за предавање од надлежниот државен орган,
10. Извештај за одрл<увањето на секои 4-6 месеци после почетокот на Гарантниот рок,
11. Извештаи на секои 4-6 месеци за утврдување и отстранување на недостатоците во гарантниот рок,
12. Завршен извештај еден месец после издавањето на Конечната ситуација за исплата и истекот на гарантниот рок, и

13. Сите останати документи кои ќе бидат барани, условени, или кои произлегуваат од обврските по Договорната документација за Градежните работи, Договорот за консултантските услуги, по барањата на Банката која учествува во финансирање на Проектот, или по барања на други државни институции.

Сите извештаи ќе бидат приготвувани на македонски и доколку има потреба на англиски јазик и ќе се доставуваат до Инвеститорот во две печатени копии во оригинал и една електронска (PБР) копија.

### 2. Позадинска поддршка

Надзорниот орган ќе обезбеди соодветна техничка и канцелариска опрема за ефикасно извршување на своите услуги, како што се: лаптопи, десктоп компјутер (за секретар), копир, печатар, дигитален фото апарат и мобилни телефони за својот персонал.

Надзорниот орган ќе обезбеди возило не постаро од 5 години, каксо осигурано, како и негово одржување за време на реализација на Проектот. Надзорниот орган ќе организира и други возила доколку за тоа се јави потреба во текот на реализација на Проектот.

Врз основа на расположливите податоци и Проектната задача, Надзорниот орган смета дека горе предложениот тим е во согласност со описот на задачите, и е соодветен за опсегот на услугите, а земајчи го во предвид квалитетот на предложениот тим и нивниот обем на експертиза и искуство за овие типови на проекти.

Поддршката ќе биде покриена од канцелариите на Градежниот институт Македонија (ГИМ) во Скопје и ќе ги покрие сите итни и непосредни активности кои можат да се појават на Проектот. ГИМ со своите 113 вработени експерти од различни области во канцеларијата во Скопје може да ги реши сите итни договорни и / или технички проблеми. ГИМ е запознаен со сите административни прашања потребни за извршување на Надзор во Македонија. ГИМ ја има потребната лиценца за вршење на Надзор во согласност со Македонскиот закон и прописи.

Со своите канцеларии во Скопје кои се во близина на просториите на Инвеститорот, ГИМ може брзо и ефикасно да реагира за решавање на сите нерешени прашања кои можат да се појават во текот на реализација на Договорот.

## *Работен план*

### 2.3. Општо

Услугите кои Надзорниот орган ги нуди на Инвеститорот се поделени во седум модули како што е дадено во точка 23.1. од оваа методологија. Секој од овие модули е поделен на посебни задачи. Работниот план развиен врз база на овие модули кој го индицира временскиот период за извршување на задачите е презентиран како графикон.

Овој план ги рефлектира точките од нашата методологија, но и од Проектната програма кон која се придржуваме и треба да биде разгледуван во тесна врска со Планот за вклучување на персонал даден табеларно.

Се претпоставува дека предложениот работен план е прелиминарен, а истиот ќе биде конечно дефиниран во текот на раните стадиуми на проектот. Во текот на изведбата на проектот, вистинскиот работен план ќе биде во тесна врска со напредокот на активностите од страна на Изведувачот.

Слика бр. 1 подолу, дава шематски приказ на дијаграмот на ток на главните активности на Надзорниот орган за време на разни периоди на имплементација на проектот.




## 2.4. Координација меѓу Инвеститорот, Надзорниот орган и Изведувачот

Координацијата при извршувањето на консултантските услуги ја укажува и природата на врските меѓу Инвеститорот, Надзорниот орган и Изведувачот. Структурата прикажана во Слика бр. 2 ја индицира природата на врските меѓу засегнатите страни, со цел истите да делуваат заеднички во поглед на контролата, мониторингот, известувањето и други релевантни прашања кои произлегуваат од самата имплементација на проектот.




Слика 1 – Шема на координацијата при вршењето на надзорот на работите

**ЛЕГЕНДА**

| | | |
|---|---|---|
| Мониторинг | Помош | Известување |
| Контрола | Водење | Координација |

## *Организација и персонал*

### 2.5. Проектна организација

Страните инволвирани во проектот се Јавното претпријатие за државни патишта, Изведувачот и Надзорниот орган.

Градежниот институт „Македонија" АД – Скопје ќе номинира еден од своите директори да делува како Координатор на проектот („Инженер"). Резидентниот инженер од Консултантскиот тим ќе биде номиниран како „Претставник на Инженерот" (Главен надзор) кој ќе дејствува во име на „Инженерот".

## 2.6. Динамички план за вршење на активностите

Подготвен е и Динамички план во форма на дијаграм кој прикажува временски распоред на предложеното време за реализација на проектот за секој од клучниот и помошниот персонал, како и за експертскиот кадар за подршка. Договорниот период за извршување на услугите се проценува да биде: 12+24 = 36 календарски месеци од кои

- Фаза на изградба: 12 месеци
- Фаза по изградба: 1 месец (во текот на гарантниот период од 24 месеци).

| | ПЕРСОНАЛ | број на ангаж. Перс. | МЕСЕЦИ – ФАЗА НА ГРАДБА – Времетраење на Договорот за градежни работи | | | | | | | | | | | | МЕСЕЦИ – ГАРАНТЕН ПЕРИОД | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| А | КЛУЧЕН ПЕРСОНАЛ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1. Надзор над изградба и докомплетирање на автопат А4, делница ГП „Блаце" - Скопје (клучка „Стенковец"), Подделница 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| А.1 | Главен надзорен инженер | 1 | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | | | | | | ═ | | | | | | ═ | | | | | | ═ | | | | | | ═ |
| А.2 | Надзорен инжинер за геодетски работи | 1 | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| А.3 | Надзорен инженер за геотехника и материјали | 1 | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| А.4 | Надзорен инженер за конструкции и објекти | 1 | ═ | | ═ | | ═ | | ═ | | ═ | | ═ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| А.5 | Надзорен инженер за асфалтерски работи | 1 | | | | ═ | | ═ | | ═ | | ═ | | ═ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| А.6 | Надзорен инженер за заштита на животната средина | 1 | ═ | | | | ═ | | | ═ | | | | ═ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| А.7 | Надзорен инженер за електрични инсталации и постројки | 1 | ═ | | ═ | | | ═ | | | | ═ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| А.8 | Надзорен инженер за сообраќајно инженерство | 1 | ═ | | | | | | | | ═ | | | ═ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б | ПОМОШЕН ТЕХНИЧКИ И ДРУГ ПЕРСОНАЛ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б.1 | Геометар за експропријација и траса | 1 | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б.2 | Технички лица за лабораториски и теренски испитувања | 2 | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | ═ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 08-11586/4
17-11-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

## ЗА:

**Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

Vlatko Ivanov

Digitally signed by Vlatko Ivanov
DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija:4030975274722, sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov
Date: 2022.12.18 11:48:17 +01'00'

Скопје, ноември 2022 година

# 1. ВОВЕД

Поврзувањето на Република Северна Македонија со Косово, поточно поврзувањето на Скопје со граничниот премин (ГП) „Блаце" се врши преку постојниот магистрален пат А4, изграден во 1969 година. На делницата Блаце - Скопје се врши интензивен меѓународен сообраќај, особено тежок товарен сообраќај, насочен кон Косово, кој е со тенденција на перманентно зголемување.
Оваа патна делница, од аспект на ниво на услуги и безбедност, веќе не ги задоволува потребите.

Со цел да се надминат постојните состојби се јавува потреба овој патен правец да прерасне во сообраќајница од повисок ранг, односно во Автопат А4 ГП „Блаце" – Скопје (клучка „Стенковец").

Изградбата на автопатот А4, делница Граничен премин (ГП) „Блаце" - Скопје (клучка „Стенковец") е во вкупна должина од околу 12.1км и е поделена на две подделници.

**Подделницата 1** – Проширување на постоен пат А4 од Граничен премин (ГП) „Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце, претставува функционална целина и е дел од државниот пат А4: ГП Блаце – Скопје (клучка Стенковец) – Миладиновци – Штип – Струмица – ГП Ново Село.

Предметната подделница 1 е дел од т.н. Рута 6а: Црна Гора, Косово, Македонија, која е дел од TEN-T основната мрежа на патишта во Западен Балкан, како дел од т.н. *Orient/East-Med* Коридор.

Проектниот опфат е лоциран во северозападниот дел на Република Северна Македонија, во Скопскиот Плански регион, на територија на општината Чучер - Сандево. Крајните точки на планираниот автопат А4, делница ГП „Блаце" – Скопје, се граничниот премин „Блаце" (граница со Косово) и постојната клучка „Стенковец" на обиколницата на Скопје (државен пат А2/А4). Целата должина на автопатот изнесува околу 12.1km, а должината на автопатот за кој се однесува оваа Проектна програма изнесува околу 2km (Подделница 1), со почетна стационажа од ГП „Блаце" кон Скопје (клучка „Стенковец)".

Предмет на оваа Проектна програма е Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце.

Јавното претпријатие за државни патишта, во рамките на своите законски надлежности е Договорен орган на Договорот за Работи и на Договорот за Услуги.

За да може да се завршат градежните работи потребно е да се ангажира компанија која ќе врши стручен надзор над Изградба и Докомлетирање на градежните активности за изградбата на посочената Подделница 1 во должина од околу 2.0 км.
Избраниот Економски оператор ќе делува како Правно лице за вршење на надзор согласно FIDIC условите на договорот за градба.

# 2. ЈАЗИК ЗА КОМУНИКАЦИЈА И КОРЕСПОДЕНЦИЈА

Целокупната комуникација и коресподенција помеѓу Договорниот орган (во натамошниот текст: Инвеститор) и Правното лице за вршење надзор на Работите (во натамошниот текст: Надзорен орган) по овој Договор ќе биде на македонски јазик, а во зависност од потребите и со превод на англиски јазик. За потребите на толкување меродавен ќе биде македонскиот јазик.

Целокупната документација, комуникација и коресподенција за реализација на Договорот за градежните работи која ќе се води помеѓу Инвеститорот, Надзорниот орган и Изведувачот или Изведувачи на Работите ќе биде на македонски јазик.

## 3. ОПИС НА ПРОЕКТОТ

Работите за Изградба и Докомлетирање ќе се изведуваат согласно Проектна документација изготвена од компанијата „Хил Интернешнл", ангажирана во рамките на Инструментот за инвестициска подршка на Западен Блакан - WBIF со бр. WB12-MKD-TRA-01 (IPF7).

Почетната точка на проектот за изградба на новиот автопат А4 е поставена кај граничниот премин „Блаце" при што, трасата на автопатот започнува од стационажа km 0+000 кај граничниот премин „Блаце", а завршува на стационажа околу km 2+000.

Ориентациониот обем на градежните работи опфаќа, но не се ограничени на:

- асфалтирање на сообраќајни ленти,
- доработка на косини,
- изработка на армиран насип,
- изведба на долен строј,
- асфалтерски работи,
- одводнување,
- девијација на постојни патишта,
- објекти на автопатот,
- сигнализација,
- мерки за заштита на животната средина,
- дислокација на постојните инсталации,
- осветлување на клучки,
- обезбедување на непречен сообраќај на околните патишта за време на изградбата на патот и др.

Работите делумно треба да се изведуваат под сообраќај, за што избраниот Изведувач или Изведувачи навремено треба да ги подготват потребните елаборати и да ги добие потребните одобренија за изменет режим на сообраќај.

## 4. ОБЕМ НА УСЛУГИТЕ

### 4.1. Општо

**Правно лице за вршење на надзор** претставува компетентна стручна институција или фирма или две или повеќе институции и фирми здружени за заедничко настапување (Joint Venture) или "ad hoc" група на стручни лица и друг персонал ангажирани од страна на Инвеститорот со цел обезбедување на услугите согласно Условите на Договорот за целосен и перманентен квантитативен и квалитативен надзор над изведувањето на градежните работи, се до нивното комплетно завршување и отстранување на недостатоците на тие Работи. Правно лице за вршење на надзор учествува во техничката контрола на изведувањето на Работите, измените, замените и дополнувањата на Проектната документација за тие Работи, како и во разрешувањето на сите спорни прашања кои, од стручна гледна точка, се однесуваат на Работите. Правно лице за вршење на надзор му помага на Инвеститорот при администрирањето на Договорот или Договорите и има такви финансиски овластувања какви што, според Условите на Договорот или Договорите, му се пренесени од Инвеститорот. Кога тоа го бараат задолженијата за кои е овластен, Надзорниот орган го консултира Инвеститорот и добива копии од писмената комуникација меѓу Инвеститорот и Изведувачот или Изведувачите.

**Преставник на Правното лице за вршење надзор** (Главен надзор) преставува компетентно стручно лице именувано од Правното лице за вршење надзор во согласност со Договорниот орган, кое во име на Правното лице за вршење надзор го организира, раководи и е одговорно за извршувањето на надзорот при изведувањето и докомплетирањето на сите Работи во согласност со Условите на Договорите и целокупната Договорна документација.

Услугите на Надзорниот орган ќе ги покриваат активностите околу надзорот на Работите и администрирање на Договорот за Изградба и Докомплетирање на Подделница 1 - проширување на постоен пат А4 од ГП „Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце на автопатотот А4, делница ГП „ Блаце" – Скопје (клучка „Стенковец"). Надзорниот орган ќе делува како "Инженер", а Главниот надзор како "Претставник на Инженерот" во согласност со FIDIC условите.

Услугите ќе бидат извршувани во две фази.

**Фаза 1:** Фаза на Изградба и Докомплетирање

**Фаза 2:** Фаза после Изградба и Докомплетирање

## 4.2. Фаза на Изградба и Докомплетирање

Во фазата на Изградба и Докомплетирање Надзорниот орган ќе обезбеди и ќе воспостави таква организација на надзорот која ќе одговара на барањата за ефикасен конструктивен надзор вклучувајќи контрола на квалитет, контрола на количини, надгледување на напредувањето на работите и трошоците, целосно имплементирање на еколошките мерки, како и договорно администрирање на работите.

Во зависност од потребите и динамиката на градежните работи Главниот надзорен инженер (во натамошниот текст: **Главен надзор**), со претходно писмено известување до Инвеститорот, повремено или континуирано ќе ги вклучува членовите од Надзорниот тим, од специфичните области, а во рамките на временските рокови дефинирани со Договорната документација.

Услугите обезбедени од страна на Надзорниот орган ќе ги вклучуваат, но не се ограничени на следните задачи и обврски:

1. Прифаќање на целокупната Програма на Изведувачот или Изведувачите за изведување на Работите и реализација на неговите предлози за мобилизирање на постројките и механизацијата до градилиштето и за ангажирање на под-изведувачи,
2. Следење на напредокот на изведувањето на работите преку подготвување дијаграми на крајот на секој месец и споредба на планираниот со вистински остварениот напредок. Оваа споредба се вклучува во Месечниот извештај за извршените работи (Monthly Progress Report) што се доставува до Инвеститорот со објаснувања за застоите или доцнењата давајќи детаљи за предложените мерки за избегнување на сите идни доцнења како и можни мерки за надомест на изгубеното време во реализацијата на Проектот,
3. Вршење континуирана инспекција на Работите на градилиштето, секогаш кога е потребно, за да се провери и утврди квалитетот и квантитетот на изведените работи на Изведувачот или

Изведувачите и реализацијата на Проектот во согласност со Договорната документација и добрата инженерска практика,

4. Проверка на геодетските мерења, истражувањата, исколчувањето и сите други мерења што ги врши Изведувачот или Изведувачите потребни за добро извршување на Работите на изградбата како и за Месечните и Конечната ситуација. Овде е опфатено и извршување на сите непредвидени и дополнителни геодетски мерења потребни за експропријација, измени и дополни на техничката и проектната документација за изведување на Работите, за добивање потребни мислења, согласности, одобрувања, дозволи од надлежни државни институции, подготовка и обнова на трасата за примопредавање на Изведувачот или Изведувачите и сл.

5. Да му предлага на Инвеститорот такви промени во Проектната документација и Техничките услови кои што би можеле да се покажат потребни или неопходни во текот на изградбата,

6. Во фазата на изградба и докомплетирање, доколку се јави потреба, да изготвува проектни програми за изработка на дополнителна проектна документација за измени, модификации или дополни на Проектната документација по која се изведуваат Работите, која треба да биде изработена од Изведувачот на Работите

7. Да врши стручна ревизија на дополнителната проектна документација која е изработена од Изведувачот или Изведувачите на Работите. Во случај ако Надзорниот орган не поседува потребни лиценци/овластувања за ревизија ќе обезбеди трето лице во рамките на договорената цена, без посебен надомест,

8. Целосна имплементација на проектираните мерки за заштита на животната средина, вклучувајќи стручни мислења, анализи, извештаи, следење и предлози за неопходни дополнителни активности за подобрување на заштитата на животната средина,

9. По потреба, вршење инспекција и испитување на сите материјали и производи, предвидени за вградување во Работите, во согласност со Техничките услови, прифатената меѓународна пракса и стандарди од областа на изградбата на патиштата и објектите на патиштата,

10. Добивање на информации и давање на препораки за соодветноста и други карактеристики на производувачите и изворите за набавка на механизација, постројки и опрема, како и материјали кои Изведувачот или Изведувачите предлага да се користат при изведување на Работите на изградбата, како за Привремените така и за Постојаните работи,

11. Проверка и давање препораки до Инвеститорот за адекватноста и автентичноста на сите налози, потврди, ситуации, валидност на осигурувањата и гаранциите, обештетувања, сопственост на машини итн. за кои е задолжен Изведувачот или Изведувачите според Условите на Договорот (FIDIC),

12. Да го советува Инвеститорот за можните начини на смалување на трошоците на Работите на изградбата и да бара од Изведувачот или Изведувачите да превзема соодветни мерки за подобрување на напредокот на Работите,

13. Во писмена форма му ги дава сите потребни упатства и инструкции на Изведувачот, во согласност со Условите на Договорот или Договорите,

14. Перманентно, навремено и детално да го проверува, дополнува и оверува Градежниот дневник кој го води Изведувачот или Изведувачите и да соработува со Изведувачот или Изведувачите при изготвувањето на Градежната книга, ажурно и за целото времетраење на изведувањето на Работите, во согласност со Условите на Договорот или Договорите,

15. Да врши прием или одбивање на Работите на изградбата или било кој дел од тие Работи изведени од страна на Изведувачот или Изведувачите, во согласност со Условите на Договорот или Договори,

16. Да подготвува и доставува за одобрување од Инвеститорот налози за исплата на Месечните, Завршната и Конечната ситуација, во согласност со Условите на Договорот или Договори,

17. Да врши периодично пратење на количините на работа кои преостануваат за изведување и да прави и преглед на трошоците на Работите за пресметка на Конечната цена за Работите на изградбата,

18. Да се договара со Изведувачот или Изведувачите и да му доставува писмени препораки на Инвеститорот за цените и износите на сите непредвидени позиции на работа што можат да се јават во текот на Работите на изградбата,

19. Кога е потребно, да му дава упатства на Изведувачот или Изведувачите за сите теренски испитувања, вклучувајќи ги испитувањата со пробно натоварување, регистрација на резултатите од испитувањата, снимањата на изведените работи, вклучувајќи го и надзорот и верификацијата на таквите испитувања,

20. По завршувањето на Работите на изградбата, да му ги достави на Инвеститорот вакните геотехнички извештаи, регистрации и сл., како и Проектот за користење и одржување на патот и Проектот за изведената состојба на патот и објектите во печатен и електронски формат, подготвени од Изведувачот или Изведувачите, потребни за успешно одржување на завршениот објект,

21. Да му дава упатства и налози на Изведувачот или Изведувачите за грижа и обезбедување на имотот на Инвеститорот, како и за одржување и обезбедување на пристапите, привремените патишта и девијации и обезбедувањето и регулирањето на сообраќајот во подрачјето на градилиштето и до градилиштето,

22. Пред исплатата на Конечната ситуација да побара од Изведувачот или Изведувачите, да го провери, дополни и овери и да му достави на Инвеститорот комплетно пополнет Образец со податоци за извршените Работи на изградбата на државниот пат наменети за Информационата банка на податоци за патната мрежа во Република Северна Македонија, што според неговите упатства е подготвен од Изведувачот или Изведувачите,

23. По завршувањето на Работите на изградбата и докомплетирањето да соработува во организирањето, да ги подготви сите потребни извештаи и документација и да го организира Техничкиот преглед на градилиштето, и да соработува при издавањето на Потврдата за примопредавање (Одобрение за употреба),

24. Да му помага на Инвеститорот и активно да учествува во процесот на експропријација на земјиштето, како и други аранжмани за предавањето на локацијата на идното градилиште на Изведувачот или Изведувачите за изведување на Работите на изградбата и за приемот на завршените Работи во делови или во целост,

25. Секогаш кога за тоа има потреба ќе изготвува измени или дополни на елаборатите за експропријација, како и финални геодетски елаборати и документи за експропријација потребни за добивање на Одобрение за употреба на изградениот пат од надлежните државни органи и институции,

26. Да дава оценки и да го советува Инвеститорот за сите побарувања на Изведувачот или Изведувачите, вклучувајќи го и процесот за таквите побарувања,

27. Перманентно да соработува и да се советува со Инвеститорот и Консултантите на Инвеститорот за сите стручни и технички аспекти кои се во врска или произлегуваат од изведувањето на Работите на изградбата,

28. Да го отстрани од градилиштето секој ангажиран подизведувач за кој не е издадена писмена согласност за негово ангажирање или за кој не е доставена договорната документација за

негово ангажирање, согласно условите на Договорот или Договорите за изведување на Работите.

29. Да дава предлози за решавање на евентуалните спорови или различни мислења меѓу Инвеститорот и Изведувачот или Изведувачите во врска со изведувањето на Работите на изградбата, за кои е тој надлежен според Условите на Договорот или Договорите,
30. За време на Гарантниот рок за отстранување на недостатоците, да го советува и да му помага на Инвеститорот во сите потребни постапки вклучувајќи го издавањето на Потврдата за конечно завршување на Работите,
31. Да ги оцени завршните мерења и Конечната ситуација за исплата и соодветно да го советува Инвеститорот вклучувајќи ги и потребните совети за прашања што се однесуваат на оштетни побарувања или предвремено завршување на Работите,
32. Да изготви детален завршен извештај за потребите на примопредавање на проектот и добивање на Одобрение за употреба,
33. Непрекинато да се грижи за исправноста, валидноста и вредноста на сите гаранции и осигурувања пропишани со Договорот или Договорите за градежните работи,
34. Водење на контрола, евиденција и доставување на потребна документација и согласности до Инвеститорот за ослободување од такси, даноци и давачки (ДДВ, царини, акцизи и др.) дефинирани со Закон (доколку има) кој е применлив за целите на изградбата,
35. Да изготвува услови за квалификација за ангажирање на подизведувачи од страна на Изведувачот или Изведувачите на Работите (приход, искуство на слични проекти, механоопременост, стручен клучен персонал и сл.),
36. Да ги врши сите останати работи, перманентно или инцидентно и секогаш кога е потребно, што произлегува од неговите права, должности и одговорности во согласност со овој Договорот, како и обврските кои произлегуваат од Условите на Договорот или Договорите за изведување (FIDIC), со цел успешно вршење на надзорот на Работите на изградбата, набавките или имплементацијата на Проектот.

**Без претходна писмена согласност на Инвеститорот, Надзорниот орган не смее:**

1. Да издаде изменет налог со финансиски импликации, освен во итни околности според разумна процена и одлука на Надзорниот орган,
2. Да изврши промена во количините на Работите, (што вклучува непредвидени или дополнителни работи) или во дневно извршените работи за поединечни износи поголеми, без претходно изготвување на варијации и добивање на потребните согласности од Инвеститорот, односно Банката,
3. Да одобри ангажирање на Подизведувач или Подизведувачи за било кој дел од работите кој нема минимални референци: приход, потребно искуство, механоопременост или квалификуван клучен персонал,
4. Да одобри ангажирање на Подизведувач за било кој дел од работите чија вредност надминува 50.000 ЕУР,
5. Да одобри продолжување на рокот за завршување на Работите на изградба и докомлетирање, и
6. Да одобри било која работа за која, според Условите на Договорот или Договорите за изградба и докомплетирање, е потребна претходна согласност на Инвеститорот или Банката.

### 4.3. Фаза после Изградба и Докомплетирање

После комплетирање на работите, Надзорниот орган ќе врши инспекција на работите периодично (на секои **4-6 месеци** од почетокот на гарантниот период) и ќе му помага на

Инвеститорот по административни прашања кои се однесуваат на договорот за изградба и докомплетирање. Задачите ќе вклучуваат:

1. Повремена инспекција и издавање на налози на Изведувачот или Изведувачите во гарантниот рок,
2. Надзор над отстранувањето на недостатоците од страна на Изведувачот или Изведувачите во гарантниот рок,
3. Да изработи и издаде Завршна и Конечна ситуација за исплата,
4. Да учествува во решавањето на недоразбирањата во согласност со условите на договорот,
5. Да препорачува враќање на гаранциите и гарантниот депозит,
6. Да врши контрола на секои **4-6 месеци** за начинот на одржување во гарантниот рок и примената на препораките за одржување.

Оваа фаза го опфаќа гарантниот период дефиниран со Договорот или Договорите за изведување на Работите и во неа ќе биде повремено вклучен само Главниот Надзор. Пропишаното ефективно времетраење на ангажманот на Главниот Надзор се донесува и го опфаќа целиот гарантен период. Во рамките на овој период Главниот надзор може да вклучи и други експерти од клучниот персонал за кои смета дека има потреба, со претходна согласност од Инвеститорот, без посебен надомест.

Најдоцна **6 месеци** пред истекот на гарантниот период Главниот надзор и останататиот клучен персонал ќе извршат детален преглед на изведените работи и ќе изготват детален извештај со предлог мерки и активности за отстранување на појавените недостатоци во гарантиот период. Овој извештај Надзорниот орган ќе го достави и до Изведувачот или Изведувачите со налог за отстранување на недостатоците во период пред истекот на гарантниот период. Надзорниот орган ќе врши надзор за цело време на отстранувањето на недостатоците и ќе:

- изготви Извештај дека констатираните недостатоци се поправени, и дека Изведувачот или Изведувачите нема понатамошни обврски по истекот на гарантниот период. Оваа обврска не се плаќа дополнително, туку само во рамките на делот на договорот со кој е опфатена Фазата после Изградба и Докомплетирање.

## 5. ИЗВЕСТУВАЊЕ

Надзорниот орган, за време на извршување на неговите услуги, ќе му ги обезбеди на Инвеститорот следните извештаи:

1. Почетен извештај во рок од две недели после почеток на градежните работи,
2. Месечни извештаи за напредување на работите,
3. Месечни извештаи за напредокот на експропријацијата на земјиштето,
4. Квартални извештаи за напредување на работите за време на фазата на изградба и докомплетирање,
5. Квартални извештаи за имплементирање на мерките за заштита на животната средина и социјални аспекти,
6. Ургентни извештаи кога работите на Проектот тоа го условуваат,
7. Детален завршен извештај за потребите на примопредавање на проектот и добивање на Одобрение за употреба,
8. Извештај за комплетирање на Работите во рок од еден месец од издавањето на Потврдата (Одобрение за употреба) за предавање од надлежниот државен орган,
9. Извештај за одржувањето на секои **4-6 месеци** после почетокот на Гарантниот рок,
10. Извештаи на секои **4-6 месеци** за утврдување и отстранување на недостатоците во гарантниот рок,
11. Завршен извештај еден месец после издавањето на Конечната ситуација за исплата и истекот на гарантниот рок, и

12. Сите останати документи кои ќе бидат барани, условени, или кои произлегуваат од обврските по Договорната документација за Градежните работи, Договорот за консултантските услуги, по барања на други државни институции.

Сите извештаи треба да бидат приготвувани на **македонски** и доколку има потреба на англиски јазик и да се доставуваат до Инвеститорот во две печатени копии во оригинал и една електронска (PDF) копија.

## 6. ДИНАМИЧЕН ПЛАН

Временскиот период за ангажирање на Надзорниот орган за реализација на овој Проект е директно условен од договорениот рок за изведување на градежните работи, кој е дефиниран со Договорот за градежните работи и кој првично изнесува **12 месеци**. Комплетирањето на вакви обемни и комплексни градежни инфраструктурни проекти најчесто е пропратено со разрешување на разни непредвидени пречки кои условуваат продолжување на првично договорениот рок за изградба и докомплетирање по пропишани процедури согласно со FIDIC условите на договорот за изведување на градежните работи (кои ќе бидат користени за реализација на овој проект). Вaквите продолжувања на рокот за изведување на работите може да бидат од најразлични причини:

(i) објективни причини (обезбедување на потребни одобренија и согласности од надлежни институции, обезбедување на потребното земјиште на кое се изведуваат градежните работи, дополнителна експропријација, водење судски постапки поврзани со експропријација на земјиштето, откриени археолошки локалитети, зголемување на обемот на работите, неопходни измени или прилагодување на техничките решенија, геолошки ризици кои се особено значајни кај линиските инфраструктурни проекти, непредвидливи физички пречки или услови, измена на законска регулатива, подготовка на објектот за технички преглед и прием и др.),

(ii) субјективни причини кои се должат на неисполнување на договорените обврски на било која од договорните страни по Договорот за градежните работи (доцнење во извршување на градежните работи поради пропусти на Изведувачот или Изведувачите за што се пропишани пенали, Инвеститорот доцни со исплати на извршените работи, доцнење поради разрешување на спорови меѓу договорните страни и др.),

(iii) Појава на "Виша сила" (земјотреси, поплави, војна, терористички акти, екстремни климатски услови, немири, метеж или нереди, радијација и др.)

Секое продолжување на рокот на Договорот за градежни работи, вклучувајќи ја и опцијата кога тој рок не е продолжен, а Изведувачот или Изведувачите ги изведува работите со доцнење (за што плаќа пенали) условува потреба од континуирано вршење на Надзорот и во тие продолжени рокови, односно неопходно е продолжувањето и на времетраењето на Договорот за вршење на услугите на надзор. Договорниот рок за вршење на надзор, во никој сучај не зависи од желбата или волјата на било која од договорните страни, туку единствено од договорот за изведување и комплетирање на градежните работи. Од друга страна за квалитетот на изведените градежни работи подеднаква одговорност имаат и Изведуачот или Изведувачите на работите и Надзорниот орган.

Договорниот период за надзор се проценува да биде 12+24 = 36 календарски месеци во кој се содржани:
Фаза на Изградба и Докомплетирање: 12 месеци
Фаза по Изградба и Докомплетирање: 24 месеци

Временски период на ангажирање на надзорот е 12+1 = 13 календарски месеци, односно:
Фаза на Изградба и Докомплетирање: 12 месеци
Фаза по Изградба и Докомплетирање: 1 месец (во текот на гарантниот период од **24 месеци**)

Потребата за продолжување на Договорниот рок за вршење на надзор на градежните работи, во никој случај не зависи од волјата на било која договорна страна. Од друга страна, доколку бидат исцрпени сите опции за продолжување на рокот на Договорот за надзор и истиот биде раскинат, а градежните работи на проектот не се комплетирани и предадени тоа ќе доведе до критичен дисконтинуитет и несогледиви штетни последици за Инвеститорот, кои би произлегле од воведување на нов надзор.

Со оглед дека различни позиции на работите на изградба не започнуваат и не завршуваат истовремено, така и потребите за ангажирањето на секој член од Надзорниот тим варира и треба да биде планирано и прилагодено во периодите кога се изведуваат тие работи.

## 7. РАБОТНО ВРЕМЕ

За да се обезбеди непрекинат и континуиран надзор на работите, работното време на Надзорниот тим треба да биде максимално прилагодено према работното време на Изведувачот или Изведувачите на работите. Понудувачите треба да знаат дека во зимските месеци Изведувачот или Изведувачите вообичаено работи со скратено работно време, додека во месеците со поволни временски услови работното време варира и може да биде продолжено вклучувајќи и работа во неработни денови.

Правното лице за вршење надзор треба да знае дека бројот на работните часови на неговиот Персонал во текот на еден месец може да биде и поголем и помал од 176 часа/месечно, но плаќањето ќе се врши врз основа на стапките кои се дефинирани за човек/месец, без разлика на реализираните работни часови во текот на месецот  освен во случаи ако изведувачот прекине со изведување на работите (поради временски услови или други причини) во период подолг од 14 календарски денови во текот на еден месец, при што плаќањето ќе биде намалено на **50%** од договорените цени на месечно ниво. Доколку персоналот работи повеќе од **14** календарски денови, месечната стапка за **човек/месец** ќе се пресметува пропорционално (**работни календарски денови/работни денови во месецот**). Во месеците **декември, јануари и февруари** плаќањето ќе биде намалено на **50%** од договорените цени на месечно ниво. Доколку временските услови се поволни во некои од овие месеци, а работите се изведуваат со засилена динамика, со писмена согласност на Инвеститорот овој процент може да биде зголемен до **75%**.

## 8. ОБВРСКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИ КАПАЦИТЕТИ

Во **Прилог** 1 се специфицирани работите кои Изведувачот или Изведувачите треба да ги обезбеди во рамките на Договорот за работа. Изведувачот или Изведувачите на работите обезбедуваат и потребни лабаратории за тековни и контролни испитувања.
Правното лице за вршење на надзор, без посебен надомест, ќе ги обезбеди сите останати потреби кои не се опфатени со капацитетите кои Изведувачот или Изведувачите треба да ги обезбеди вклучувајќи современа геодетска опрема и потребен број на преносни компјутери.
**Напомена:**
Во рамките на овој договор Надзорниот орган обезбедува и
***Три*** *патнички возила, т.е. патнички автомобили, не постари од 5 години (2022, 2021, 2020, 2019, и 2018 година) , со 5 седишта и зафатнина на моторот од најмалку 1200 cm 3, најмалку 55 KW, вградени клима уред, радио со CD плејер.*

*Сите трошоци за набавката, регистрацијата, осигурувањето (возилото мора да биде "каско" осигурано, истовремено осигурани и патниците против било каква незгода), горивото, сервисирањето, поправките, одржувањето и други трошоци за целото времетраење на*

*изградбата до издавањето на Потврдата за примопредавање, во целост паѓаат на товар на Надзорниот орган.*

Плаќањето на сите трошоци поврзани со користење на возилата за потребите на Надзорниот орган ќе се врши согласно единечните месечни стапки утврдени со овој Договор или Договори. Сопственик на патничките возила е Надзорниот орган.

## 9. ПЕРСОНАЛ

Правното лице за вршење надзор ќе обезбеди стручен Надзорен тим за обезбедување на сите услуги кои произлегуваат од овој Договор или Договори.

Правното лице за вршење надзор, без писмена согласност на Инвеститорот **не смее** персоналот за кој е децидно наведено дека во дадените временски периоди е на располагање за реализација на овој проект, да го ангажира и за свои други потреби или на други проекти. Таквиот персонал на барање на Инвеститорот ќе биде отстранет трајно од Надзорниот тим, а Надзорниот орган ќе обезбеди негова адекватна замена со потребните пропишани квалификациони услови, претходно одобрен од Инвеститорот.

Во периодите кога се намалени градежните активности на градилиштето, а персоналот се плаќа со намалени месечни стапки, Надзорниот орган може, со исклучок на Главниот надзор, да го ангажира останатиот персонал и на други краткорочни задачи, со обврска дека тој персонал ќе биде веднаш спремен и на располагање кога потребите на Проектот тоа го бараат. Намалените месечни стапки кога работите се во мирување или се со намален обем се смета дека се целосна компензација за обврската Надзорниот орган да го чува на располагање Надзорниот тим до завршување на работите на Проектот.

На предлог на Надзорниот орган, или по барање на Инвеститорот, кога обемот и интензитетот на работите тоа го условува, Надзорниот тим може да биде времено или трајно бројчано зголемен или намален, но во рамките на бројот на Договорениот тим. Соодветно, времетраењето на ангажирањето на секој член од Договорениот надзорен тим е само индикативно и истото може да биде продолжено, односно намалено во зависност од потребите на Проектот. Ова не го спречува Надзорниот орган да вклучи и друг експертски и технички персонал (со релевантно искуство) за кој смета дека има потреба, но со претходна согласност од Инвеститорот и во рамките на Договорената цена, без посебен надомест.

Генерално се очекува градежните работи да бидат завршени за **12** месеци. Во случај ако за различни делници бидат договоени различни рокови за комплетирање на градежните работи, на барање на Инвеститорот, Надзорниот орган ќе го намали бројот на членовите на Надзорниот тим, земајќи го во предвид обемот на преостанатите работи, без притоа да поставува дополнителни барања, услови, надоместоци, или промена на договорените единечечни цени.
Инвеститорот има право да отстрани од Проектот, времено или трајно, било кој член од Надзорниот тим, а Надзорниот орган во рок од 7 дена ќе достави на одобрување предлог за негова замена.

Користењето на заштитна опрема на градилиштето е задолжителна. Со оглед на големината на Проектот се очекува дека Изведувачот ќе вработи значителен број на работна рака и персонал од различни профили. Од практични причини Инвеститорот препорачува користење на еднообразна заштитна опрема за сите членови на Надзорниот тим во текот на работното време на Проектот.

### 9.1. Надзорен тим

Надзорниот тим согласно оваа Проектна програма кој треба да биде ангажиран на реализација на Проектот е опфатен во следните групи:

A. **Клучен експертски персонал** е директно вклучен теренски персонал во изградбата и докомплетирањето, кој непосредно и континуирано, ги извршува своите обврски на градилиштето каде се изведуваат градежните работи, како и експертски персонал кој повремено ги извршува своите обврски во периоди кога се изведуваат специфични работи кои по својата природа се краткорочни, или повремени.

B. **Помошен технички и друг персонал** е директно вклучен теренски персонал во изградбата и докомплетирањето, кој непосредно ги извршува своите обврски на градилиштето каде се изведуваат градежните работи.

Овој персонал, доколку е така наведено, е обврзан да биде на градилиштето за цело време и да го прилагоди своето работно време со работното време на Изведувачот, а во рамките на временското ангажирање на секој член од персоналот, дефинирано подолу.

### 9.2. Состав на Надзорниот тим и временски периоди на ангажирање

Наведениот Надзорен тим и времетраењето на обврските се само индикативни, а времетраењето на ангажирање на поедините членови на тимот ќе варира во зависност од реалните потреби на проектот, со претходна согласност на Инвеститорот.

**A. Клучен експертски персонал**

(во месеци)

| рб | Функција | | Фаза 1 | Фаза 2 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| A1 | Главен надзорен инжењер (1) | | 1x12 | 1 | 13 |
| A2 | Надзорен инжењер за геодетски работи (1) | | 1x12 | 0 | 12 |
| A3 | Надзорен инжењер за геотехника и материјали(1) | | 1x12 | 0 | 12 |
| A4 | Надзорен инжењер за конструкции и објекти (1) | | 1x6 | 0 | 6 |
| A5 | Надзорен инжењер за асфалтерски работи (1) | | 1x5 | 0 | 5 |
| A6 | Надзорен инжењер за заштита на животна средина (1) | | 1x4 | 0 | 4 |
| A7 | Надзорен инжењер за електрични инсталации и постројки (1) | | 1x4 | 0 | 4 |
| A8 | Надзорен инжењер за сообраќајно инженерство (1) | | 1x3 | 0 | 3 |

**B. Помошен технички и друг персонал**

(во месеци)

| рб | Функција | | Фаза 1 | Фаза 2 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| B1 | Геометар (за експропријација + траса) со | | 1x12 | 0 | 12 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | потребна геодетска опрема (1) | | | | |
| B2 | Технички лица за лабараториски и теренски испитувања (2) | | 2x12 | 0 | 24 |

## 9.3. Краток опис на задачите и обврските на Надзорниот тим

| 9.3. A | (A.1. - A.8.): Клучен експертски персонал |
|---|---|
| | **A.1. Главен надзор**<br>Главниот надзор е Претставник на Надзорниот орган и ги има потребните овластувања за оперативно извршување на услугите по овој Договор или Договори.<br>Главниот надзор ги извршува, но не е ограничен на следните активности:<br><br>• Ја проучил и во детали е запознаен со Договорната и Проектната документација за изведување на градежните работи,<br>• Ги извршува сите работи кои му се доверени согласно Договорот за изведување на градежните работи (FIDIC),<br>• Раководи и ја организира целокупната работа на Надзорниот тим,<br>• Надлежен е за непосредна комуникација со Изведувачот или Изведувачите на работите и ги издава и потпишува потребните налози,<br>• Можните оштетни побарувања од Изведувачот или Изведувачите поради застои на работна рака, механизацација и опрема, предизвикани од разни причини (експропријација, измена или дополна на технички решенија, дополнителни одобренија и согласности и сл.) го редуцира на минимум со навремено издавање на потребни писмени налози за максимално искористување на ресурсите на Изведувачот или Изведувачите ангажирани на овој Проект на други позиции или на делови на трасата каде има услови за несметано и континуирано изведување на работите,<br>• Ја потпишува целокупната градежна документација на градилиштето,<br>• Изготвува предмер-пресметки за непредвидени и дополнителни работи,<br>• Издава налози и одлучува за користење на возилата, лабораторијата, опремата која со овој договор ја обезбедува Надзорниот орган, како и навремено и континуирано снабдување на потребните потрошни и други материјали за потребите на Надзорниот тим,<br>• Одговорен е за навремено изготвување и комплетирање на документацијата потребна за добивање на измени и дополни на издадените одобренија и согласности издадени од надлежните државни органи, а за кои е надлежен Инвеститорот,<br>• Предлага намалување на бројот на членовите на Надзорниот тим кога градежните работи се со помал обем, намалено работно време, повеќедневни прекини и сл.,<br>• Обезбедува редовно податоци (индекси) кои се основа за пресметување на разликите во цени согласно Договорот или Договорите за градежните работи,<br>• Се грижи за сигурноста и безбедноста на Надзорниот тим на градилиштето и обезбедување и користење на пропишани заштитни мерки при работа,<br>• Превзема навремени мерки со кои ќе се спречи користењето на Капацитетите (канцелариска и лабораториска опрема, возила и сл.) кои му се на располагање на Надзорниот тим, нивно оштетување, уништување, користење за други цели, злоупотреба и сл.,<br>• Превзема потребни мерки за сигурно и безбедно чување на градежната и техничка |

документација на градилиштето, вклучувајќи нејзино редовно скенирање и меморирање, правење на електронски сигурносни копии (back-up) на периоди не подолги од 14 дена и сл.,

- При негово повеќедневно отсуство назначува член од клучниот долгорочен персонал кој времено ќе го заменува, со претходна согласност од Инвеститорот,
- Одредува вклучување на поедини членови на Надзорниот тим кои треба да бидат вклучувани повремено, или чии активности се поврзани со одредени видови на работи кои не се изведуваат континуирано, притоа почитувајќи ги планираните вкупни временски периоди на ангажирање,
- Изготвува план за одмори отсуства на Надзорниот тим, и по претходна согласност на Инвеститорот, го одобрува таквиот план, при тоа обезбедувајќи целосна покриеност на активностите, или нивна замена со алтернативен експертски персонал,
- Води книга на евиденција за присуството/отсуство на секој член на Надзорниот тим на градилиштето, а една копија доставува до Инвеститорот со секоја времена месечна ситуација,
- Доставува месечни извештаи до Инвеститорот,
- Организира и води кратки секојдневни договорни состаноци со Надзорниот тим на кои се дискутира за разрешување на појавените проблеми, следење на динамиката, извршување, приоритети на наредни активности и др.,
- На барање на медиумите за информирање на јавноста, настапува пред Надзорниот тим во доменот на информации од технички карактер кои се однесуваат на Проектот,
- Одговорен е за целокупното администрирање на Договорот или Договорите за градежните работи,
- Ги обезбедува и одобрува сите пропишани гаранции и осигурувања од Изведувачот на работите, се грижи за нивната континуирана исправност, валидност и вредност, издава налози и обезбедува нивно навремено продолжување на важноста или зголемување на нивната вредност, дава предлози и го советува Инвеститорот за нивна делумна или целосна наплата,
- Ги евидентира и дава детални образложенија за сите застои или прекини на градежните работи, технички или административни пречки, нарушување на одобрената динамика и доцнење, неисполнување на договорните услови и обврски за градежните работи, недостатоци на работна рака, механизација и материјали, непочитување на налозите и одлуките кои Надзорниот орган му ги издава на Изведувачот или Изведувачите и др.,
- Одговорен е, води евиденција, ги превзема сите мерки за контрола и ги потпишува документите кои се однесуваат на ослободувања од такси и даноци (ДДВ, акцизи, царини и др.) на добра/стоки/услуги, дефинирани со Закон за цели на изградбата,
- Води контрола, евиденција и доставување на потребна документација и согласности до Инвеститорот за ослободување од такси, даноци и давачки (ДДВ, царини, акцизи и др.) дефинирани со Закон (доколку има) кој е применлив за целите на градбата.
- Ги извршува и сите други обврски кои се дефинирани со Договорната документација, а кои не се овде наведени.

**(А.2. - А.3): Останат Клучен експертски персонал со полно ангажирање**

Ги извршува, но не е ограничен на следните активности:

- Ја проучил и во детали е запознаен со Договорната и Проектната документација за изведување на градежните работи,
- Раководат непосредно со работите од специфичните области,
- Ја парафираат градежната документација, која Главниот надзор ја потпишува,
- Поднесуваат секојдневни усмени извештаи до Главниот надзор,

| | |
|---|---|
| | ▪ Предлагаат мерки за намалување на трошоците на Проектот, забрзување на работите,<br>▪ Ја следат усвоената динамика на Работите, и превземаат мерки за нејзино доследно спроведување,<br>▪ Директно се одговорни за квалитетот на вградените материјали и за квалитетот на изведените работи,<br>▪ Организираат мерења на извршените работи и се одговорни за точноста на тие мерења,<br>▪ Ја организираат и раководат со сите активности на лабораторијата,<br>▪ Издаваат налози и го организираат помошниот технички и друг персонал,<br>▪ Иницираат потреби за изготвување на дополнителна проектна документација и разрешување на технички поблеми кои ќе се појават во текот на градбата,<br>▪ Одговорни се за целовитоста на градежната документација која се води во текот на градбата, секој во својата област,<br>▪ Изготвува секој месец краток извештај за побитните работи, проблеми, динамика, недостатоци, експропријација, потреби за дополнителни решенија, пропусти на Изведувачот и сл. Копија од овие извештаи се приложува кон извештајот кој го доставува Главниот надзор до Инвеститорот, и<br>▪ Изготвува детален завршен извештај за својот делокруг на работа. |
| | **(А.4. - А.8): Останат Клучен експертски персонал со повремено ангажирање**<br>Клучниот експертски персонал кој не е ангажиран континуирано за цело време на изведување на работите ги извршува работите на надзор на специфични работи и фази на проектот, кои по својата природа:<br>▪ Не се изведуваат континуирано во тек на целиот период на изградбата и докомплетирањето,<br>▪ Се изведуваат во одредени фази на Проектот,<br>▪ Роковите за реализација на таквите специфични работи се пократки од рокот за изведување на градежните работи,<br>▪ Треба претходно да бидат изведени и коплетирани други фази на проектот и,<br>▪ Не се поврзани со редовни месечни мерења на извршени количини кои се плаќаат,<br>Овој експертски персонал се вклучува по потреба или повремено и неговото ангажирање е со пократки рокови кои може да варираат од потребите на Проектот. Главниот надзор има овластувања да наложи вклучување на овие експерти, при тоа почитувајќи ги вкупните планирани временски рамки за нивно ангажирање. За секое пречекорување на овие временски рамки Надзорниот орган треба претходно да добие согласност од Инвеститорот.<br>За секоја измена на членовите на овој персонал Надзорниот орган треба претходно да добие согласност од Инвеститорот. |
| | Клучниот експертски персонал, без писмена согласност на Инвеститорот, не може да биде ангажиран на други проекти, или за други потреби на Надзорниот орган во истите временски периоди кога е планиран или ангажиран на извршувањето на услугите по овој Договор. Исклучок од ова се временски периоди кога градежните работи се во застој или прекин и кога плаќањето на членовите на надзорниот тим е редуцирано, односно не се плаќаат месечните стапки во полн износ. |
| | **Работно време на клучниот експертски персонал:**<br>Главниот надзор и останатиот клучен експертски персонал има обврска за задолжително присуство на градилиштето во текот на целото работно време на |

| | |
|---|---|
| | Изведувачот или Изведувачите на работите, а согласно договорните периоди на ангажирање за секој член посебно. Овој персонал на градилиштето треба да биде достапен на Изведувачот или Изведувачите во текот на целото работно време. Секое отсуство од градилиштето треба претходно да биде одобрено од Главниот надзор.<br><br>Работното време на клучниот долгорочен експертски персонал треба да биде усогласено со динамиката и работното време на Изведувачот или Изведувачите на работите. |
| | **Трајна замена на членови од клучниот експертски персонал**<br><br>Без разлика на било која причина, кога е неопходна трајна замена на член од Клучниот експертски персонал Надзорниот орган ќе достави до Инвеститорот барање на согласност за трајна замена. Ова барање треба да биде доставено во писмена форма до Инвеститорот, најмалку 28 дена пред датумот на замената. Кон барањето треба да бидат приложени и предлози со потребна документација за најмалку два експерта со исти или повисоки квалификации пропишани за експертот кој е предмет на замена. |
| 9.3.В. | **(В.1. – В.2.): Помошен технички и друг персонал**<br><br>Претставува комплетна логистичка и техничка подршка и ги спроведува налозите издадени од Клучниот експертски персонал. Генерално, овој персонал е вклучен за цело времетарање на Договорот. Членовите на овој персонал со пократки вкупни временски периоди на ангажирање, по налог на Главниот надзор се вклучуваат кога обемот на работите тоа го условува, или во одредени фази на Проектот кои се последователни на фази кои треба претходно да бидат изведени (пр.: асфалтерски работи). Во случај ако се јави потреба за замена на некој член од овој персонал, Надзониот орган ќе ја изврши таквата замена со претходно добиена согласност од Инвеститорот.<br><br>За секоја измена на членовите на овој персонал Надзорниот орган треба претходно да добие согласност од Инвеститорот. |

| | |
|---|---|
| 9.4. | **Плаќање на Надзорниот тим** |
| 9.4.1. | **Единечни месечни стапки за ангажирање на членовите на Надзорниот тим (мкд/мес)**<br><br>Во единечните месечни стапки се смета дека Надзорниот орган ги вклучил сите персонални и други трошоци (кои не се посебно издвоени) за секој член од Надзорниот тим. Тие трошоци се на месечно ниво и вклучуваат, но не се ограничени на:<br>▪ бруто плата,<br>▪ теренски додатоци, дневници и сл.<br>▪ продолжено работно време,<br>▪ работа во неповолни временски услови,<br>▪ плаќање во зимскиот период,<br>▪ патни трошоци, трошоци за исхрана, сместување и сл.,<br>▪ отсуства, боледувања, одмори, одвоен живот и сл. времени замени на персоналот,<br>▪ трошоци за осигурувања (на минимална ведност од 2,000,000 мкд. во случај на смрт или траен инвалидитет за секој член на Надзорниот тим посебно, за целиот договорен период),<br>▪ такси, даноци (без ДДВ) и други давачки пропишани со законската регулатива во Република Македонија,<br>▪ трошоци за фиксна и мобилна телефонија, интернет и сл.,<br>▪ трошоци за заштитна опрема и работна облека,<br>▪ бонуси,<br>▪ добивка, |

| | |
|---|---|
| | • други материјални, административни и режиски трошоци. |
| 9.4.2. | **Плаќање на Клучниот експертски персонал со полно ангажирање (мкд/мес):**<br><br>Плаќањето на членовите на Клучниот долгорочен експертски персонал, кои се континуирано вклучени во извршување на надзорот на Проектот, е на месечно ниво согласно договорените месечни стапки, без разлика на бројот на работните денови во месецот, или бројот на работните часови во текот на денот. За секој ден отсуство по било која основа (одмори, боледувања, за други потреби на Надзорниот орган, отсуства за приватни потреби и друго) се врши процентуално намалување на договорените месечни стапки за плаќање. Во случај на континуирано отсуство подолго од 15 календарски дена отсутниот експерт се заменува со друг соодветен експерт.<br><br>Плаќањето на членовите на клучниот персонал кои се повремено ангажирани во извршување на надзорот на Проектот, а при тоа секојдневно во континуитет се ангажирани еден полн или повеќе календарски месеци се плаќаат на месечно ниво полн износ, намалени за бројот на деновите на отсуство.<br><br>Плаќањето на членовите на клучниот персонал кои се повремено вклучени, и се ангажирани помал број на работни денови во месецот во однос на вкупниот број на работните денови на градилиштето за тој месец, плаќањето ќе биде процентуално линеарно намалено во однос на месечните стапки. |
| 9.4.3. | **Плаќање на Клучниот експертски персонал со повремено ангажирање (мкд/мес):**<br><br>Се врши врз основа на стварното времетраење на ангажирање на проектот, а во рамките на вкупното планирано времетраење со овој Договор или Договори. Во зависност од случајот, тоа ангажирање може да биде за подолги поединечни временски периоди во континуитет, каде присуството на градилиштето е задолжително (пр.: поставување на сообраќајна сигнализација, електрични инсталации и сл.), или повремено ангажирање во текот на целата изградба и докомплетирање (зашита на животната средина и сл.) |
| 9.4.4. | **Плаќање на Помошниот технички и друг персонал (мкд/мес):**<br><br>Плаќањето на овој персонал е исто како плаќањето на Клучниот персонал, со тоа што во случаи на отсуство на членови на овој персонал подолги од 15 дена, Надзорниот орган ќе обезбеди соодветни замени со исти или повисоки квалификации. |
| 9.4.5. | **Плаќање при раскинување на Договорот или Договорите за градежните работи**<br><br>Во случај ако дојде до раскинување на Договорот или Договорите за градежни работи, тогаш двете страни се согласни договорно да биде раскинат и овој Договор или Договори при што плаќањето на Персоналот ќе биде до денот на раскинување на овој Договор или Договори, или таков дополнителен период и под услови кои заеднички ќе ги договорат двете страни. При тоа Надзорниот орган има обврска да ги изврши сите работи за кои Инвеститорот смета дека треба да бидат извршени и комплетирани, а кои опфаќаат, но не се лимитирани на:<br><br>• Завршни мерења на изведените работи,<br>• Средување и комплетирање на целокупната градежна и проектна документација и нејзино предавање на Инвеститорот (во оригинал),<br>• Примопредавање на опрема, возила и материјали кои се сопственост на Инвеститорот,<br>• Доставување на сеопфатен предлог со мерки за конзервирање на работите, со изготвување на предмер-пресметки за чинењето на тие работи, |

| | |
|---|---|
| | • Изготвување на детални оштетни побарувања согласно FIDIC условите на Договорот или Договорите на кои Инвеститорот има право,<br>• Припремање на детални одговори на барањата за оштетни побарувања доставени од Изведувачот или Изведувачите на работите,<br>• Учество на состаноци или преписки со Иведувачот или Изведувачите на работите по раскинувањето,<br>• Подготвување и доставување на завршен извештај,<br>• Присуство и подготвување на потребна документација на рочишта за арбитража или судски спорови со Изведувачот или Изввeдувачите |
| 9.4.6. | **Плаќање во случај на раскинување на Договорот за надзор на работите**<br>Плаќањето во случај на раскинување на овој Договор или Договори ќе се врши согласно Договорот или Договорите и договорните услови. |
| 9.4.7. | **Редовна месечна исплата на личниот доход и другите надоместоци на Надзорниот тим**<br>Со оглед дека се работи за основни егзистенцијални потреби, Надзорниот орган има обврска, на месечно ниво во полн износ, да врши редовна исплата на плати и другите надоместоци на членовите на Надзорниот тим ангажирани на овој Проект. На тој начин ќе се превенира можната појава на незадоволство и немотивираност за извршување на услугите во најдобар интерес за Инвеститорот, како и намалување на потребата за заминување од Надзорниот тим поради тежината, обемот, комплексноста, долготрајноста и условите за работа на Проектот.<br>Исплатата на плати и други надоместоци Надзорниот орган ќе ги извршува најдоцна во рок од 30 дена по истекот на месецот за кој треба да се исплатат тие плати и надоместоци.<br>Интенција на Инвеститорот е да создаде што е можно поприфатливи и подобри услови за членовите на Надзорниот тим и да има што е можно помалку измени на овој тим во текот на целото времетраење на Проектот, а договорените обврски Надзорниот орган треба да ги спроведе во целост.<br>Со секоја времена месечна ситуација Надзорниот орган, како прилог, ќе достави информација (во писмена форма) за последната исплата на членовите на Надзорниот тим. |

## 10. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНИ

Со овој договор **цените се фиксни**, односно не подлежат на пресметување на разлики во цени, вклучувајќи и било какви продолжувања на договорениот рок.

**Прилог 1:**

## КАПАЦИТЕТИ КОИ ИЗВЕДУВАЧОТ ИЛИ ИЗВЕДУВАЧИТЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ ТРЕБА ДА ГИ ОБЕЗБЕДИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА НАДЗОРНИОТ ОРГАН

### 1.5 Надзорна служба (капацитети кои ги обезбедува Изведувачот или Изведувачите)

1.51 Изведувачот или Изведувачите обезбедува и ги одржува просториите за Надзорната служба за цело времетраење на работите. Просториите треба да ги задоволат барањата на Надзорниот орган во поглед на потребите за работа и комфорноста, вклучувајќи уреди за греење и ладење.

Вкупната површина на просторот за Надзорната служба од мин. **120м$^2$** да биде прилагодена на потребите на Надзорната служба, а со распоред на просториите и сите инсталации според барањата на Надзорниот орган.

Просториите на Надзорната служба треба да бидат целосно одделени од канцелариите на Изведувачот и поврзани со Интернет.

Просториите прифатени од Надзорниот орган, Изведувачот или Изведувачите треба да му ги предаде на Надзорниот орган најдоцна во рок од 42 дена по потпишувањето на Договорот за градежните работи.

1.52 Просториите на Надзорната служба треба да бидат опремени со следнава канцелариска опрема, прибор и потрошни канцелариски материјали за ефикасно извршување на работите и тоа:

- Работна маса со фиоки — 8 парчиња
- Столици за работна маса — 12 парчиња
- Орман за документи — 2 парчиња
- Полици за проекти 1,2м — 3 парчиња
- ПП апарати — 4 парчиња
- Уреди за ладење/греење — 3 парчиња
- Фотокопир А4 — 1 парче
- Компјутери (минамални перформанси):

а) ПЦ компјутери: Процесор мин i5, 3.0 GHz, 8GB DDR4, Hard Disk 1TB,
DVD-RW, Monitor 24" LED, faxmodem, licenciran softver (Windows, Office) — 2 парчиња

б) Notebook компјутери: Procesor min i5, 2.0 GHz, 8GB DDR4,
Hard Disk 500GB, DVD-RW, Monitor 15" full HD, faxmodem,
Лиценциран софтвер (Windows, Office) — 6 парчиња

- ласерски печатач А3 (мин 25ппм) — 1 парче
- Inkjet колор печатар А3 — 1 парче
- Дигитален фото апарат мин 10MP, меморија мин 4GP — 4 парчиња

- Опрема за прва помош — 3комплета
- Канцелариски прибор и потрошни материјали
- (хефталка, перфоратор, регистри, хартија, тонери, итн)

На вообичаената канцелариска опрема и прибор, во која се вклучени и компјутери, печатачи и фотокопир, Надзорниот орган може да изврши модификација според свои потреби, што треба да го направи во фазата на опремувањето на просториите.

Одржувањето на целокупната опрема, вклучувајќи ги и трошоците за потрошните материјали се на сметка на Изведувачот или Изведувачите на работите.

1.53 Изведувачот или Изведувачите континуирано ги одржува просториите на Надзорниот орган и ги обезбедува со сите потребни материјали.

1.54 Сопственик на просториите и опремата наведена во одредбите 1.51 и 1.52 е Изведувачот или Изведувачите.

Подготвиле:

Диме Стојаноски

Бошко Петровски

Јоже Јованоски

Контролирал:

Игор Митренцев

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Помошник директор за инвестиции

Arsim

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА

TÜV AUSTRIA TÜV AUSTRIA TÜV AUSTRIA

Бр. 1205 - 236/7

Дата: 10.02.2023

До: **ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје

Врска: Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП Блаце - Скопје (клучка Стенковец), Подделница 1 - проширување на постоен пат А4 од ГП Блаце до с.Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с.Блаце

Договор бр. 1202 – 236/1 од 06.02.2023 година (Наш број) и

Договор бр. 08 – 328/ 7 од 03.02.2023 год.(Ваш број)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: | 10 -02- 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 08 | 328 | 10 | |

Предмет: Достава на гаранција

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме гаранција бр. 75130279 за навремено и квалитетно извршување на Договорот, издадена од Прокредит Банка АД Скопје на ден 10.02.2023 година.

Со Почит.

Оперативен Директор на завод Надзор

Драган Стамев

Градежен институт Македонија АД Скопје

Доверливо / Confidential

**БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА бр. 75130279**

**ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**До: Јавно Претпријатие за државни патишта**

ул. Даме Груев бр.14
1000 Скопје

Со оглед дека **Градежен институт Македонија АД Скопје** со седиште на ул. Дрезденска бр. 52 во Скопје, со матичен бр. 4067533, (во понатамошниот текст **"Носител на набавка"**), со Вас има склучено "Договор" бр. 08-328/7 од 03.02.2023 година за:

**Надзор над Изградба и Докомплетирање на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

(во понатамошниот текст **"Договор"**)

И со оглед дека според наведениот Договор, Носителот на набавката треба да Ви достави безусловна банкарска Гаранција од призната Банка на износ утврден во истиот, како гаранција за исполување на неговите обврски во согласност со Договорот;

Ние **ПроКредит Банка АД Скопје**, со регистрирано седиште на улица „Манапо" бр. 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија сме согласни да му издадеме на Носителот на набавката таква Гаранција;

Со ова потврдуваме дека сме согласни да бидеме Гарант и пред Вас одговорни во име на Понудувачот, до вкупна сума од:

**2.108.955,00 МКД**

**(Два милиона сто и осум илјади деветстотини педесет и пет денари)**

која сума ќе биде платива во денари. Се обврзуваме, на Ваше прво писмено барање, неотповикливо и без приговор да Ви исплатиме износ или износи најмногу до лимитот од

**2.108.955,00 МКД**

ProCredit Bank, Манапо 7, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

ProCredit Bank

Доверливо / Confidential

**(Два милиона сто и осум илјади деветстотини педесет и пет денари)**

како што е речено, при што нема да биде потребно да ги докажувате или изнесувате основите и причините за вашето барање за претходно наведениот износ.

Со ова се откажуваме од потребата споменатиот долг, пред да го побарате од нас, најпрво да го побарате од Носителот на набавката.

Понатаму, согласни сме дека ниту една измена или дополнување или други промени во одредбите на Договорот, нема да не ослободат од било каква обврска според оваа Гаранција, при што се откажуваме од правото да бидеме известени за таквата измена, дополнување или промена.

Се обврзуваме, на Ваше прво писмено барање, неотповикливо и без приговор во рок од пет работни дена да Ви ја исплатиме горенаведената сума.

Оваа Гаранција останува валидна 28 дена по истекот на иницијалниот договорен период односно до **06.03.2026 година.**

**Потпис и печат на Гарантот:**

Арјента Сопроми

**Назив на Банката:** ПроКредит Банка А.Д. Скопје

**Адреса:** ул. Манапо бр.7 во Скопје

**Датум:** 10.02.2023

ProCredit Bank
Манапо 7, 1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
S.W.I.F.T PRBUMK22

Phone:+389 2 244 60 00
mkd.info@procredit-group.com
www.pcb.mk

Members of Managing board:
Emilija Spirovska, Member of Managing Board
Stevce Kuzmanovski, Member of Managing Board
Milan Dancevski, Member of Managing Board